**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Петнаесеттото продолжение на Педесеттата седница**
**на Собранието на Република Македонија, одржана на**
**20 февруари 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

На седницата претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата и да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Невџет Мустафа, Трифун Костовски, Љибчо Георгиевски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Али Ахмети и Ванчо Георгиев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Породолжуваме со претрес по законот за територијална организација.

Има збор госпоѓа Славица Станковска, а нека се подготви пратеникот Џевдет Насуфи.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Почитувани,

Сметам дека секој пратеник кој ја респектира јавноста и кој сака совесно да си ја извршува функцијата професионален пратеник треба да размисли да ја употреби говорницата. Јас искрено да ви кажам многу добро размислив. Тоа од едноставна причина што никој не му дал мандат на никого да манипулира, дезинформира, а уште помалку да го троши времето и парите на граѓаните со маратонски дискусии кои долго траат а многу малку кажуваат. Некој ќе рече да, но тоа главно зависи од способноста на поединецот да го оддели битното од помалку битното, суштинското од значајното и јас нормално ќе се согласам. Тоа почитувани колеги не се учи на говорница, туку во училиште.

Искрено немав намера ни со еден збор да се навраќам на она што беше искажано во претходните денови од моите колеги и да ви го злоупотребувам времето, но не останав до крај истрајна во првичната намера.

Имавме прилика да слушаме според мене и предлози и решенија понудени од страна на позицијата и опоицијата кои вредеа и да се слушнат, кои изгледаа логични и прифатливи, но истите потонаа во море на тези искажани од оваа говорница кои беа или етнички обоени или макретиншки настроени често со таков речник кој го навредува нашиот граѓанин. Како и да е почитувани колеги ова е прва фаза од донесување на законот и нема потреба предлозите и ставовите да се искажуваат со толку нагласена грижа и со толкава жестина. Токму поради тоа што ова е прва фаза верувам дека предлагачот најодговорно ќе ги разгледа сите предлози и ќе ги инкорпорира доколку смета дека се во функција на законот. Нешто што во сите овие денови од расправата не беше оспорувано ниту од пратениците од опозицијата, ниту од пратениците од позицијата е дека потреба за донесување на закон за територијална организација постои, а исто така сите пратеници без исклучок се согласија дека идеална организација на локална самоуправа не постои од која ќе бидат задоволни сите граѓани. И законот пред нас верувам не претендира да биде идеален, туку оптимален поаѓајќи од критериумите и потребите на граѓаните.

Што се однесува до новата територијална организација на општините која произлегува од поранешната општина Куманово, а некои од нив повторно се враќаат во истата, сметам дека се во ред и во целост одговараат на појдовните критериуми и цели што ги има ова законско решение. Приликите од другите општини во Македонија малку ги познавам и не би сакала да ги анализирам затоа што на тоа и немам право. Во ова мое обраќање ќе се обидам да изнесам некои противтези на искажаните тези од страна на некои мои колеги.

На сите ни се познати состојбите со руралните средини во Република Македонија, во некои делови целосно опустошени и напуштени поради отсуство на елементарни цивилизациски придобивки, како што се патната инфраструктура, здравствената заштита, водата, електричната енергија, канализација и друго. Ваквата состојба не е последица на однесување на оваа или претходната Влада, или пак третирање на руралната средина во годините после распадот на поранешна Југославија, туку генезата влече корени од многу поодамна во однос на политиката што била водена после Втората светска војна. Наместо новите стопански објекти да се лоцираат во близина на граѓаните, а паралелно со тоа да се гради неопходната ифраструктура, тие главно се граделе во градовите. Поради немање на

елементарни услови за живеење луѓето биле принудени да ги напуштаат селата и да започнуваат нов живот во градовите. Оваа масовна миграција село-град ги опустоши руралните средини за чија ревитализација ќе треба многу повеќе време и пари, а единствено таа може да биде иницијалниот двигатор на заживување на стопанството во ова сивило во кое се најдовме.

Позитивните примери што беа искажани за состојбите во некои рурални средини охрабруваат, но и во таа насока пресудна улога имала селективната политика на едената или другата партија која била на власт за да покаже дека нивните локални лидери водат поголема грижа за средината отколку некој друг, но мислам дека сите сфативме најмалку во оваа насока ни е потребна дневна политика, туку реалноста налага една поинаква сегашност во која предност ќе имаат ресурсите и  потенцијалите како наше заедничко добро.

Паралелите што беа искажани за состојбите во Словенија воопшто не држат затоа што политиката што била водена во Словенија  уште по Втората светска војна дијаметрално е спротивна на она што се случувало кај нас. Од ова временска дистанца дури и да се случувало или да станувало збор за политика која се спроведувала во две различни држави, а не во два дела на една иста држава. Во Словенија приватната иницијатива во функција на кооперант на големите индустриски капацитети како Горење, Марлес, Леснина и други, лоцирани непосредно до граѓанинот беше присутна уште во седумдесетите години, додека кај нас за тој тип на иницијатива дури беше забрането да се размислува, а уште помалку да се поддржува. Затоа споредбите кои почиваат само на големината и на бројот на општините остануваат беспредметни.

Исто така многу често поодделни мои колеги укажуваа, не би сакала да кажам заплашуваа на можности за демографски промени на картата на Македонија. Сигурно ако се навратиме на некои историски моменти од нашето блиско или далечно минато на овие простори постоеле миграции од разни причини кои ја цртале демографската карта на Македонија. Структурата и бројот на припадниците на поодделни етнички заедници ни е добро познат и каква и да е територијалната организација нема да доведе до промена на структурата на населението од етнички аспект.

Кога зборуваме за новата територијална организација треба да го прифатиме фактот дека таа треба да одговара на нашата реалност и нашите потреби ослободени од историски етнички фрустрации кои не враќаат назад и за цивилизираниот свет се далечно минато. Ако сакаме да станеме дел од Европа и

цивилизираниот свет тешко ќе можеме нашиот патриотизам и грижа за државата да им ги објасниме поаѓајќи од етнички побуди.

Овој речник со кој комуницираме тие одамна го заборавиле или напуштиле и затоа често со контакти со претставници на Меѓународната заедница или не сме добро разбрани, или ако наидеме на разбирање сигурно со потсмев ќе бидат прифатени некои наши тези.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека општината како територијална целина треба да биде во функција на граѓанинот, а не обратно да ги задоволува потребите на поединецот или на поединци претставници на локалната самоуправа или на некоја политичка партија. Ако се определивме да градиме граѓанско општество во кое ќе функционира правната држава, тогаш не постојат опасности со кои граѓаните се заплашуваат и нивната иднина се прави неизвесна од причина што Уставот и законите на Република Македонија не се селективни туку важат за сите граѓани подеднакво, без разлика на која целна група припаѓаат.

Сосема на крај почитувани колеги треба да бидеме способни реално да размислуваме за сегашноста неоптеретени со минатото ако сакаме да имаме одобра иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Насуфи, а нека се подготви пратеникот Славе Арсовски.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Заедно се обидовме преку децентрализацијата да ја откриеме Америка а не сме свесни дека таа е многу рано откриена. Системот на локалната самоуправа или општинскиот систем датира историски многу од порано и ова општество денес наследи комунален систем посебно од поранешна Југославија инсталиран со Уставот од 1974 година, кој што имаше една посебна карактеристика. Треба да ја направиме паралелата за да ја оцениме оваа локална самоуправа која што се обидуваме или претендираме да ја направиме.

Вие знаете дека тогаш комуналниот систем беше рамноправен со една власт, Влада меѓутоа не во една минијатура туку токму власт затоа што имавме извршен совет на општина, имавме ресорни министерства и тн. Имаше доста власт, меѓутоа за жал немаше демократија. Ова е големата разлика.

1996 година токму мандаторот и премиер на тогашната Влада и денешната Влада направи нова територијална оделба меѓутоа и инсталираше власт според новите уставни начела или локалната самоуправа. Меѓутоа за жал се утврди дека тоа беше само една импровизација и не беше вистинска децентрализација. Овој факт не можете да го оспорите.

Посебно вие мнозинството кои што ја имавте и тогашната власт затоа што и Европа и Америка и сите ние сме свесни дека инсталиравте најцентрализиран систем во Европа. Тоа беше неуспех.

Тогаш се направи оваа децентрализација и под заштита на една албанска политичка партија, тогашна ПДП. Тогаш самите создадовте и Закон за локална самоуправа каде што се определуваат надлежностите, направивте и територијална поделба. Таа беше ваша комплетно. Сега се предлага измена, дополнување на системот на локалната децентрализација и мислам дека повторно се прави импровизација. Ова е веќе втората импровизација. Јас е се обидам колку толку врз основа на решенијата што сте ги предложиле да образложам дали е импровизација, иако јас мислам дека е.

Три се основните цели за кои што треба да се направи децентрализацијата. Да не заборавиме дека оваа децентрализација се предизвикува во прв ред од Рамковниот договор. Значи првиот објектив, првата цел е реализација на националната рамноправност во Македонија. Ова го бара задолжително Рамковниот договор и со ова сите се согласуваме. Затоа не држат многу другите аспекти во споредба со ова. Ова е прво начело.

Второ начело е демократски развој затоа што светот бара либерална демократија во која што граѓаните ќе одлучуваат. Значи да ја доближиме власта до граѓаните. Ова е вториот објектив.

Третиот објектив е да се создаде добросостојба на граѓаните врз основа на:

Прво, содржајна функција на локалната самоуправа. Ние сме свесни кога велам за политичката функција рамноправност на албанците од причина што не може да се оствари фактот дека меѓуетничкиот конфликт е евидентен и денес. Ве молам да не ги заобиколуваме референдумите во Струга и Кичево како опозицијата, така и позицијата. Тоа беа едноетнички референдуми. Само македонци. Зото не учествуваа албанците? Не треба да правиме многу научни анализи во врска со овој факт. Ова е нашата реалност. Значи конфликтноста постои. Преку ова законско решение кое се предлага, ние сакаме да го елиминираме тој факт.

Зошто мислиме дека политичките аспекти на децентрализацијата не се постигнуваат со овој предлог. Ние знаеме дека некои територијалата поделба ја интерпретираат како политичко прашање, некои не, меѓутоа многу е јасно дека територијалната поделба и во оваа прилика и според овој закон треба да биде во функција на реализација на равноправноста. Ова е првата компонента. Затоа таа е политичка во прв ред, а потоа функционална.  Меѓутоа и законот и многу дискутанти од мнозинството на територијалниот аспект му даваат значај а не му даваат значај на тоа како се определуваат границите на општините. Ве молам ќе направам само една банална споредба.

Швајцарија има 2100 општини од околу од прилика население два-три пати повеќе од Македонија а територија тука некаде. Меѓутоа тој комунален систем таму функционира. И Албанија има над 300 општини. Значи не е во прашање како што спомна пред неколку дена еден претставник од мнозинството, функционер на СДСМ дека предложивме 60, 70, 80, тоа е ирелевантно, тоа не е голема бројка. Сте оделе со начелото може да направиме општина колку Што треба меѓутоа границите да ги определиме ние. Тука се големите политички грешки, затоа што и првата комунална поделба ја направивте со голема грешка. Повелете вие албанците земете општини колку сакате, меѓутоа надлежности не.

Второто начело, да направиме општини меѓутоа границите да ги определиме ние.  Ова е импровизација.

Сега да тргнам од Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За Скопје ќе имаме посебно.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Во поделбата на Скопје сте направиле една огромна грешка и не сте го направиле составот на општините во Скопје. Со овој закон не сте ги определиле општините кои ќе бидат во територијата на Скопје.

Претседателе дали мислите да ми го земете зборот, затоа што зборувам за законот. Ве прашуам и сакам да ми одговорите? Дали мислите дека општините не се во овој дел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За тоа имаме посебна точка.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ќе ви кажам и тоа.

Нетолерантно е тоа што во законот за кој што говориме општините во Скопје не се дефинирани.

Мислам дека на овој начин се остава правна можност, противуставна на позицијата на Скопје во Македонија, меѓутоа и на општините кои што според тој закон, за кој ќе дискутираме подоцна се определени во општината Скопје.

Општините според овој закон може да се определат, да се утврдат, меѓутоа не може секаде да се определат. Според овој закон всушност Скопје нема да има општини. Сега се поставува прашање што е Скопје? Дали е конфедерација, дали е посебна единица или нешто друго кога знаеме дека Уставот е јасен, член 114 дека единици на локалната самоуправа се општините, точка нема друго.

Меѓутоа, Скопје е карактеристичен и од друг аспект. Ако според оваа поделба скоро 30 или 40% од албанците не можат да управуваат со локална самоуправа, зошто? Според податоците колку толку изворни Скопје можеби е вториот град во Европа, во светот што има повеќе албанци после Тирана. И фактички вие на овој начин го соголувате Скопје од албанскиот јазик како службен јазик. Мислам дека според територијалната поделба која што ја правите во рамките на Скопје ова ќе го оштети претендирањето на Рамковниот договор со кој што албанскиот јазик се прогласува како службен јазик и официјален јазик.

Втора карактеристика која што дефинитивно не дозволува да се постигнат објективите, целите за кои што и нагласив, значи трите основни објективи е создавање на енклави, или гетоизација на просторот. И моите колеги и јас повторно ќе кажам зото се создаваат Маврови Анови посебно во тој голем простор, на таа голема површина, посебно кога Скудриње и географски и селата околу е неможно да ги реализираат нивните демократски права и да доаѓаат во Маврови Анови. Измерете и просторно и површински и по пат, значи тоа е неможно да се реализира. Покрај другото споредете колку жители има Маврови Анови и колку има Скудриње и другите села. На кого му служи тоа? Друго е Јагуновци, истиот систем. Друго, и Мешеишта на еден начин од причина што Мешеишта зема еден дел од територијата која што традиционално историски и припаѓала на Струга. Аеродромот, зошто сега не му се дава на Струга , туку се дава на Мешеишта. Енклавизација е и во Визбегово, значи се зема од Чаир и се припојува кон Карпош, или Ѓорче Петров, незнам на кој точно, сигурно на Карпош, затоа што е природна врска. Повторно имаме прекин, функционален прекин на природна комуникација. Меѓутоа, сега ќе

направам една паралела, употребата на македнскиот јазик ќе се обезбеди, осигура и во Тетово и во Липково и во Гостивар, секаде. Тоа е неоспорно и тоа е потребно. Ве молам господине минситер, ќе ве прашам, дали ќе обезбедиш албански јазик во Ресен? Ако сме за принципиелност во Предлогот, тогаш ги имате селата на Ресен, да речеме Бела Црква, Грнчари, Крани, Асамати, Наколец, Царев Двор, Дрмени, Козјак, зошто не предлагате општина таму за да се реализира тој објектив од Рамковниот договор да и таму 20% од населението говорат албански. Зошто сега на пример да ја земеме општина Бистрица каде албанските села во тој дел се над 20%. Зошто не предлагате да биде општина во која што и албанците ќе го реализираат тоа право, дури и едно етничко право на нивната култура, значи како што е албанскиот јазик. Да не зборувам за Долнени кое што има 400 жители, а го правите општински центар, а го исклучувате Дебрешт кој што има над 2, до 3 илјади жители. Ова е непринципиелна политика. Тука стојат вашите импровизации . Претседателе, ќе ве молам да не ме прекинувате, затоа што малку ме збунувате. Ва се теми кои што токму треба заеднички да ги разгледуваме и да ги анализираме, прва фаза е и заедно кога ќе дојде втората фаза ќе видиме каде треба да се исправи и да видиме кои се грешките во овој проект.

Малку ќе се навратам и на Струга, затоа што и самиот сум од Струга. Мислам дека во политиката немаат многу место емоциите, затоа што политиката не е ниту поезија, ниту роман. Мојата сограѓанка од СДСМ ја елаборираше оправданоста за референдумите и целите. Меѓутоа, јас би ја запрашал, зошто на тој референдум не побараа и аеродромот еден од значајните и посебните објекти влезат во општина Струга, кој што традиционално припаѓал на Струга. Јас сум за таа идеја и аеродромот да се припои на општина Струга. Презумцијата дека може да дојде еден албанец градоначалник на Струга, или на Кичево кое што ги иритира многу колеги овде, мислам дека не стои. Не мислам дека ќе дојде овде некој претседател албанец и ќе ги носи Струга и Езерото некаде на друго место и ниту мислам дека ќе дојде некој македонец и ќе ги однесе Струга и Езерото на некое друго место, било во Белград, Софија, или каде било, туку ќе останат тука, токму тука во Македонија. Мислам дека реформите во системот на локалната самоуправа не се прават секоја година. Не е случајно што овој проект оди во две фази, не е случајно што во овој проект постои и факторот меѓународен фактор, затоа што политичката порака е многу голема. Ние и во годината пред 2001 за жал ги почнавме процесите на реформи во тогашната Влада во која што бев и самиот учесник, меѓутоа таму имаше место и за многу обвиненија од денешното мнозинство. Одговорноста на албанската

партија на власт е многу голема што и таа во втората фаза со внимание треба да ги анализира и предлозите на опозицијата, посебно на ДПА, затоа што вчерашната оценка на дискутантите на оваа партија дека придонесот е многу голем од пратениците на ДУИ и на СДСМ, а напротив , не на опозицијата, посебно на ДПА , мислам дека е голема грешка. Напротив ова се конзистентни предлози и ние во овие предлози ќе соработуваме активно. Меѓутоа, за жал според првата фаза не се гледа јасна желба да се прават вистински реформи. Затоа мислам дека во втората фаза ќе најдете и политичка волја затоа што не се сомневаме во стручните способности да се надминат овие пропусти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Абдилаким Адеми.

АБДИЛАКИМ АДЕМИ:

Благодарам г-дине претседател, со внимание го сослушав претходниот говорник, а особено последниот дел кога рече дека ние како бивша Влада имавме концепт за реформи на локалната самоуправа, но тоа го попречивме поради притисоците од тогашната позиција. Со тоа потврдува, или констатира дека вие не сте биле навистина одлучни во тоа време да го направите тоа. На почеток рековте со територијалната организација од 1996 година имало импровизации и дека импровизациите се повторуваат и дека во тоа време една албанска партија ПДП беше во Влада и не направи ништо, а вие како опозиција значи се спротивставивте на тоа. Јас мислам дека вие во тоа време само декларативно не ја подржувавте со самиот факт дека вие нападнавте да ги добиете локалните избори во 1996 година, се обидовте да добиете и претседатели на општини во тоа време. И доколку вие не се согласувавте со тоа , со тогашната верзија и со сегашната верзија, сигурно дека нема да излезете на избори, сигурно ќе ги бојкотиравте. Сакам да ве потсетам уште еднаш вас, но и јавноста дека во 2000 година вие и со насилие се обидовте да ги добиете изборите. Но, не само со насилие, морам за жал да спомнам , вие убивте и едно младо момче во Кондово за да ги добиете изборите. За да биде тоа уште потрагично тоа се случи убиството од официјални, од власта, а автомобили, тоа беше и автомобилот од вашето министерство.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Пред се мислам дека кога реков дека проектите на тогашната Влада ги спречи СДСМ со многу агресивна пропаганда , требаше да продолжам , ја спречи и војната

во 2001 година. Мислам дека во контекст на ова тие проекти беа поавансирани, понапредени одтколку проектите што денес ги разгледуваме тука. И затоа би сугерирал, би му сугерирал на дискутантот, на колегата, јас тогаш токму сум бил министер за локална самоуправа и тогаш почнале процедурите за измени и дополнувања на законот за локална самоуправа, исто така и за финансирање, меѓутоа останавме на пола пат. За другите работи мислам дека не вреди многу да се говори, да се дискутира затоа што тие се верифицирани.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван г-дине Насуфи, точно е дека Рамковниот договор вика дека развојот на локалната самоуправа е од суштествено значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и за унапредување и почитување на идентитетот на заедниците. Вие како бивш министер и како човек кој кажувате и како партија го започнавте тој процес, треба да бидете свесни дека процесот на децентрализација е насушна потреба на граѓаните на Република Македонија за развој и поттикнување на граѓаните во учество на демократските процеси, во одлучување за прашања од животно значење кои од централна власт се пренесуваат на локално ниво. Што значи, вашите тези дека основниот дел произлегува децентрализацијата од Рамковниот договор и единствена цел и битен елемент е политичкиот дел на Рамковниот договор и за остварување на одредени права, мислам дека во основа не држи во никој дел, бидејки и вие самите сте свесни за тој процес кој го започнавте, но за жал одговорноста на оваа Влада за овој процес е многу голема. Можеби имаше објективни причини делот на воениот конфликт , господине Насуфи, опозицијата како што беше истакнато даде целосна подршка и со консензус се донесе Законот за локална самоуправа. Но, вашата одговорност како учесник во таа Влада е огромна бидејки не преземавте ниту еден чекор од донесување на законот за локална самоуправа, ни еден закон не се изработи, ниту се почна во Министерството од пакетот за трансфер за што ова Собрание е свесно. Не мрднавте ни малку од вашите позиции и јас очекував од вас да ги истакнете позициите кои беа изработени во ваше време за територијална организација и во подоцнежниот период на одредени министри. Тоа сте должни вие да гокажете кога барате одговорност од коалиционите партнери од оваа Влада. Вие сте свесни од една страна викате дека се касни со реализација на процесот на децентрализација, а од друга страна викате дека треба да добиеме поголем дел на време и да размислиме. Господине Насуфи, јасно и гласно ќе повторам во

Рамковниот договор пишува: Законот за локално финансирање на единиците на локалната самоуправа ќе се донесе до крајот на мандатот на претходниот парламентарен состав. Објаснете им на граѓаните, објеснете им на пратениците зошто тоа не го направивте , кој ве попречуваше и која опозиција ве попречуваше? Дали влеговте со предлог на закон , дали влеговте со одредени тези, и мислења ги запознавте пратениците. Законот за ревидирање на границите на општините требаше да биде донесен до крајот на 2002 година. Господине Насуфи, во Министерството освен вашиот предлог за 82, 83 општини работен од одредени експерти во текот на 1999 година не е затекнат ниеден друг проект. Не можете да барате од коалиционите партнери ова владинот мнозинство да ја носи одговорноста , процесот го правиме и вие јасно и гласно напишавте во законот за локална самоуправа: докрајот на 2003 година ќе се донесат сите закони. Ништо не направивте од тоа. Претходната Влада освен донесување на Законот за локална самоуправа на процесот на децентрализација , дали бевте ангажирани со изборниот , далиод објективни причини, но сигурно не беше тогашната опозиција.

И за уште едно многу важно и битно прашање, во вашиот дел и на вашите тези, многу е погрешна тезата за која и ме прозивавте : направете во Ресен општина за да има двојазичност. Господине Насуфи, суштината на децентрализацијата вие многу добро ја знаете и од аспект на релаксирање на меѓуетничките односи. Ако успееме сите заеднички да спроведеме реална децентрализација во која граѓаните ќе одлучуваат и вие и ние и со Рамковниот договор и со амандманот 5 на Уставот и со Законот за локална самоуправа имаме вградено механизми за целосно почитување на правата на етничките заедници независно дали се 20% , дали се 19%, или се 7%, или 25%, или 40%. Границите можат да не разделуваат. Јасно постои: во единиците на локалната самоуправа во кои одреден јазик различен од службениот македонски јазик и неговото писмо го користат помалку од 20% припадници, Советот на општината ќе одлучи за начинот на употреба на тој јазик. Нашето заедничко живеење кога ќе го пренесеме во општината со сите надлежности и во Ресен и морам да ви кажам вие често престојувате и мислам дека треба да го кажете еден пример за еден заеднички живот на сите припадници на заедниците, не во овој момент, не во минатото, јас ве уверувам и во иднина. Нема никакви разлики,нема никакви тензии, дури независно од нашето организирање на политички партии во СДСМ и во Ресен вие сте свесни и на највисоки позиции дури во централниот одбор на СДСМ од општината Ресен е член припадник на албанската заедница. Тоа е она што го сакате. И немојте , бидејќи го познавате делот , ја

познавате и Струга и како министер и како човек кој се движите ја познавате реално состојбата, би сакал да зборувате реално, а не како што истакнав да предизвикуваме непотребни реакции на граѓаните, или од оваа говорница и од овој Парламент да поттикнуваме, не омрази , туку недоразбирања и ние во тој дел наместо да ги смируваме односите , да ги градиме, а особено би сакал да потврдите каков меѓуетнички соживот, иако има околу 10% припадници на албанците, 9%, или 10% припадници на турците, еден синоним за идниот развој на Република Македонија во единиците на локалната самоуправа баш е Ресен кој вие го посочувате.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Му благодарам на министерот што направи една ретроспектива за поврзаноста во регионот таму. На крајот на краиштата, јас сум и пратеник од тој регион, но ќе искажам неколку забелешки на она што го нагласи г. министер.

Вие треба да знаете дека Законот за локална самоуправа беше усвоен во 2002 година и тоа беше дело на проширената владина коалиција, па знае како се делува кога Владата работи во услови на проширена коалиција. На крајот од 2002 година дојде до промена на власта. Шест месеци пред избори нема законски дејствувања, тргнувајќи од сите оние закони што се дефинирани и со кои се ограничува активноста. Затоа, не стои тоа дека тогашната Влада, токму заедно со вас, значи со СДСМ и со ПДП кои беа дел, не успеавме да реализираме неколку проекти. На крајот на краиштата вие знаете дека 2001 година иако помина со криза, со војна, со последици итн. што се онесува до Ресен никој, ни јас лично немам забелешки на степенот на кохезијата на заедништвото меѓу нив, туку за јазикот, националните елементи навистина се неопходна кохезија. Ние неможеме да го елиминираме. Бидејќи ги знам овие работи, мислам дека никому нема да пречи предлогот за формирање нова општина. Вие г. министре знаете дека тие заедно живеат таму, живеат македонци и албанци, тие навистина живеат многу добро. Но некои прашања треба да бидат такви каде што навистина нетреба да бидат некои пазарења. Во тој правец треба да ја забележите мојата забелешка. Напротив, треба да се елиминираат евентуалните причини за можни тензии, бидејќи ние како општество повеќе се занимаваме со последици. Тоа е некоја филозофија, затоа треба да биде во функција претходно да се елиминираат сите можни евентуални последици од една ваква работа.

Затоа мислам дека сме јасни, територијалната поделба треба да ја направите прд се и над се во функција на реализација на етничката рамноправност во

Македонија, за да не се заобиколува и компонентата на демократизацијата во државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Цветле Јанеска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА:

Очигледно мојот колега пратеник од истиот регион од каде сум и јас внесе многу жолчност и многу политика во својата дискусија, наспроти мојата елаборација на аргументацијата за хомогеноста и спецификите на општината Струга и другите рурални општини, кои сметам дека ќе бидат генератор и промотор на севкупниот развој и на Струга и на општините.

Ми забележува пак дека мојата дискусија повеќе личеше на поезија, а јас ќе му кажам дека овој закон што го носиме е точно во функција на граѓаните, животот и решавајќи ги проблемите треба да им го направиме поезија.

Што се однесува до објектот Аеродром, мислам дека треба да ни служи на сите и ќе ни служи, а чудно ми е зошто толку се залага и основната порака во неговата дискусија е на овие простори да биде етничкиот елемент доминантен, односно да биде дострел на оваа децентрализација, албанец во струшкиот регион да биде градоначалник, зашто и сега и без албанец градоначалник, тој е веќе најголемиот газда во Струга, а на начин како - ќе бидам културна и нема понатаму да елаборирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контрареплика, повелете г. Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Колешката Јанеска не треба да се лути затоа што на крајот на краиштата во Струга се одржува најголемата манифестација на поезијата и сите ние имаме поетски дела, опфајќајќи се и себеси. Тоа е комплимент.

Што се однесува на фактот дека моето инсистирање е во националната компонента, самата тема која ја разгледуваме денес е политичка и ние не омжеме да избегаме од тие политички оценувања и вреднувања. А што се однесува до националниот елемент, повторно не дадовте одговор ни вие ни министерот зошто одржавте еднонационален референдум, каде има поголема етничка хомогенизација

ако во една мултиетничка држава или место како што е Струга да одиме со едноетнички референдуми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави пратеникот Славе Арсовски, а нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседател, колеги пратеници, министерот излезе,

Јас веќе не знам кој ден по ред како во овој законодавен дом расправаме за еден од многу важните закони од пакетот на закони за децентрализацијата на власта т.е. Законот за територијална организација, јас еве одлучив да земам збор по овој законски проект, да дадам свое видување, свој допринос во контекст за што поуспешно донесување и имплементирање на овој законски проект. Јас кога дискутирав за Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, исто така еден од законите од пакетот на закони за децентрализација на власта, тогаш истакнав дека токму тој закон е можеби основниот, клучниот, најважниот закон кој директно или индиректно ќе има влијание и каква територијална организација ќе имаме во нашата земја. Јас мислам дека како пратеници можеби на истиот закон не му посветивме доволно внимание, незнам од кои причини, можеби истиот не носи некои големи политички поени и тогаш претпоставував дека токму Законот за територијална организација ќе предизвика големо интересирање кај пратениците како што и се случи.

Непобитен е фактот дека децентрализацијата на локалната власт како процес е неминовен и неизбежен, сепак досега важевме за централизирана држава со таква власт и во тој контекст со концензус на сите политички партии во 2002 година се донесе и новиот Закон за локална самоуправа со кој закон во голема мера се регулирани надлежностите на единиците на локалната самоуправа во правец на нивните многу поголеми права во смисла на раководењето, одлучувањето, планирањето и слично од една страна, од друга страна и нивната поголема одговорност пред се во правец на самостојното финансирање прибирањето на финансиските средства и неслучајно го споменав Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа што за жал во досегашните дискусии посебно од опозицијата на истото му се посветува маргинално значење, односно како критериум при оваа територијална организација се става во втор план, а се

промовираат некои други критериуми како што се етничкиот, политичкиот, националниот и слично, према мене сигурно повеќе од аспект за добивање на некои дневно-политички поени, а не за вистинско разрешување на овој проблем.

Факт е дека со новиот Закон за локална самоуправа општините добиваат огромен број на надлежности и во образованието, во културата, урбанизмот, здравствената заштита,социјалната заштита, спортот и слично, и веднаш се наметнува прашањето дали постојните општини со постојните пред се економски капацитети ќе бидат во можност да обезбедат доволно приходи за нивно остварување и стручна администрација за вршење на работите, а посебно да се земат предвид и можностите за развој на општината врз основа на сопствените капацитети. Ако го гледате законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, успешно истите да одговорат пред правата на граѓаните, неминовно треба да се вработат десетина административци кои ќе ја водат таа проблематика во делот на прибирање на финансиски средства, во изготвувањето на буџетот итн, кои лица треба да се плаќаат и финансираат не како што беше до сега во досегашната практика, по автоматизам централната власт да ги финансира, туку по основ на прибирање сопствени приходи и по тој основ истите да се финансираат. Направете една математика колку финансиски средства за таа аднимистрација ќе бидат потребни.

Ова е према мене едно од клучните прашања, веројатно врз кое, а се разбира и други во суштина го имале во предвид предлагачите во изготвување на една ваква територијална организација. Оваа бројка на општини што се нуди во овој момент значи околу 72, можеби и не е конечна, затоа што е прва фаза на овој закон, затоа ние расправаме, но реално имајќи ги предвид и критериумите што се земени како основа, можеби таа бројка некаде, можеби е од 70 до 80 општини, јас добро се сеќавам дека и во 1996 година кога се правеше тогашната територијална организација, и тогашниот најголем експерт за оваа сфера, професорот Панов го штитеше ставот дека во Македонија може да опстанат 80 општини иако денес некои од опозицијата велат дека истиот став не бил и дека тогаш ставот бил повеќе од 80 општини и тогаш е донесена таа територијална организација со 124 општини. Зборот ми е, без оглед што професорот Панов не е меѓу живите, дека во изготувувањето на оваа територијална организација имаат учествувано повеќе експерти, научни институции, експерти од Советот на Европа, Европска Унија и слично. Јас исто така добро се сеќавам дека пред 4 месеци токму и ставот на опозицијата беше стриктно дека на Македонија и се потребни околу 80 - 85 општини, тогаш се шпекулираше со ставот дека Владата ќе излезе со предлог од околу 50-55 општини и не ми е јасно

кога Владата излезе со став дека ќе има повеќе од 60 општини, незнам по кој основ ретерираа од првобитниот став на опозицијата од 80 до 85, па сега се стигна до 120 и повеќе општини.
Во тој контекст во досегашнава дебата често пати се споменува Словенија и нивната територијална организација и постоењето на поголем број на општини. Јас лично да Ви кажам јас сакам да се споредуваме со Словенија, но не само со бројот на општините да бидеме слични, туку камо среќа да сме и исти со животниот стандард, платите, условите за живот, економскиот развој и слично. Но исто така треба да се каже дека во Европа е во тренд во повеќе земји окрупнување на општините, на пример во Данска бројот на општините драстично се намалува, од некаде 1300 на 300 и слично.
Во тој контекст би истакнал нешто околу референдумите што се одржуваат во општините, и неотуѓиво е правото на граѓаните и по ваков начин да се изјаснуваат, но се поставува и едно друго многу битно прашање, дали граѓаните изворно правилно се известуваат за се она што ќе биде нивно право и нивна обврска со новите закони од пакетот на закони за децентрализацијата на власта. Тука имам соодветна забелешка, во оваа прва фаза од соодветното министерство преку граѓаните што не се инфорнмираат  што се ги очекува граѓаните.  Некои општини за да опстанат измислиле и свои економски критериуми, непознати за современата економска пракса, кои повеќе личат на средновековни економски рецидиви, кои немаат ништо заедничко со економската логика. Таков е примерот со општината Тополчани, која во својата економска криза приходите кои треба да ги базираат, реално врз данокот на имот, данокот на недвижности и права, такси, ги толкува врз паушална проценка, со што воведуваат давачки на граѓаните од типот на патарина, мостарина, арач, нешто што било во турското време.
Да знаеле граѓаните дека ќе плаќаат по 30 евра за секоја куќа, племна и слично дека по основ на данок на подарок ќе се соберат околу 3.000 евра, по 50 евра да се плаќа по хектар обработлива површина, незнам каков ќе бил референдумот и дали воопшто граѓаните би излегле да гласаат. Еве ја економската анализа од општина Тополчани, каде пишува 50 евра по хектар површина треба да се плати, по куќи итн. И ако ова би се презентирано на граѓаните, незнам дали граѓаните би излегле и би гласале за такви давачки за да опстане општината. Тука мора да се истакне дека се злоупотребуда дека со укинувањето на некоиопштини ќе застанат сите активности од инфраструктурната сфера. Јас мислам дека треба добро да се прочита законот за финансирање на единиците на локалната саомуправа. Токму таму пишува дека

постојат капитални инвестиции кои ќе се пласираат во општините и не треба оние општини кои се укинуваат, а немаат економски капацитети да опстанат, дека ќе се плашат утре во тие општини дека нема повеќе да има градба на водоводи, канализации, патишта итн. За жал, како што претходно истакнав дека посебно од опозицијата во прв план, во врска со територијалната организација се става и етничкои политичкиот момент за ловење на дневно-политички поени, со цел застрашување посебно на македонците од западниот дел на Македонија, за нивно иселување често пати спомнувајќи ја и војната од 2001 година и слично.

Во тој контекст би сакал да истакнам неколку работи и мое видување по тој основ. Почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ, бидете сигурни никој нема да ве амнестира посебно македонците од западниот дел на Македонија за она што се случи во 2001 година, ако мислите поинаку грубо се лажите. Вие бевте на власт во 2001 година во коалиција со ДПА и секоја одговорна власт мора пред се да ги предвиди, спречи, сите незаконски работи кои можат да се случат во земјата од било кој вид посебно надлежните институции, надлежни за безбедноста во една земја, како што се Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Токму во тој период, Ваши членови кои раководеа со истите министерства се занимаваа со нешто многу спротивно од она што требаше да го прават во тој период, на безбедносен план.

Еден министер, поточно министерот за народна одбрана токму во тој период ја направи најголемата афера криминална и проневери над 13 милиони марки од Министерството за одбрана, ( реакции од пратеници) - поврзано е со законот за поделбата, немојте да ве навредува она што се случило - додека пак другиот министер направи една друга голема афера, а тоа беше Аферата за прислушнувањето, за жал, казната соодветно према мене двајцата не ги стигна. Многу тешки моменти имаме преживеано во тој период, посебно ние од западниот дел на Македонија. Уште тогаш несериозно ја тестиравте нашата издржливост со пробни балони за територијална поделба на Македонија со делби и преселби на луѓе и територии.

Многу добро се сеќаваме на циничните изјави на тогашниот претседател на Собрание кога во јавноста Ефремов не го нарекувам онака како што треба, академик е, ја пласира тезата за размена на територии и луѓе во Република Македонија, а господинот Андов тогаш истакна дека таквата теза е интересна за разгледување, во што целосна поддршка имаше и од тогашниот премиер Љубчо Георгиевски, кој за жал и до ден денес во разни колумни истото на големо го протежира, а за жал

досега никој од Вас јавно не прозбори и не се произнесе спротивно од овие пласирани поддржани налудничави идеи. Ниту тогаш, ниту денес, на македонците од Западниот дел на Македонија не им падна ниту на памет да се селат од своите простори и колку Вие да ги заплашувате со такви пораки. Ние знаеме дека опстанокот и наш и на целата држава е во меѓуетничкиот соживот, меѓусебната толеранција и тешко ми паѓа кога некои пратеници дискутираат за тој дел, а за жал никогаш не биле таму, не да немаат право ни по деловник ни по закон, туку по основ на не добро познавање на работите во тие делови. Затоа во тој контекст Ве замолувам, не собирајте валкани политички поени, на тезата заплашување на народот во Западниот дел на Македонија, со пораката на пример, ако ние во Гостивар сме некаде 30% македонци, незначи дека треба да се иселиме, се лажете во тоа, имаше и многу потешки моменти од ова Вие што сакате да го актуелизирате, па ни на крај памет не ни падна истото да го направиме.

Друго е прашањето дали во овие општини кои се укинуваат, односно припојуваат реално имаат шанси пред се економски да опстанат. Ако на пример општина Осломеј има економски капацитет да опстане, или пак општина Вруток,има економски капацитет да опстане и да биде во служба на народот,  треба во прв план да биде интенцијата таквите општини да опстанат. Во тој контекст би истакнал некои мои видувања за понудената територијална организација од местото од каде што доаѓам, односно општина Гостивар.

Министерот Гештаковски мислам истакна дека бројот на жителите, односно 5.000 жители е најмалиот број за опстанок на некоја општина, и истиот е како облигаторен за опстанок на некоја општина, лично сметам дека не е најдобро решение и истиот не треба стриктно да се применува. Пак ќе повторам, пред с# економските критериуми треба да бидат едни од основните во креирањето на новата територијална организација. Во тој контекст сметам дека сметам дека Општина Маврови Анови апсолутно ги исполнува овие услови, пред се економските, да опстане како самостојна општина и во ниеден финансиски сегмент да не биде на терет на државата. Со постојните капацитети, со развиениот туризам. Езерото, Скијачките центри, Националниот парк и ред други капацитети, недвосмислено укажуваат на спецификите за опстанок на Општина Маврови Анови, затоа е ова прва фаза. Во втората фаза, сега, во предложениот текст за самата територијална поделба, припоени се одредени села, а и самите жители на тие села, Симница,

Долна и Горна Жировница, не сакаат и не е природно да се припојат кон општина Маврови Анови.

Исто би се однесувало и за општина Ростуше како посебна општина која што реално може да опстане, како и за општина Вруток што според сите економски параметри и направените економско-финансиски анализи може да опстане.

Лично јас ќе Ви кажам еве потекнувам од една друга рурална општина, Општина Србиново, каде што и често одам и од таму сум,и ако гледам локалистички треба да барам истата општина да опстане. Но длабоко сум уверен дека нема никакви економски капацитети, истата успешно да функционира според новите законски решенија. Нема никакви шанси да се соберат соодветни приходи по разни основи, едино не дај боже да се наплаќаат да се наплаќа такса за воздухот што се дише и водата,  па да се дојде до соодветни финансиски средства и самата општина да функционира. Затоа во понатамошната расправа, за територијалната организација, што треба да се одвива во втората фаза во прв план, според мене, треба да се имаат економско-финансиските анализи, дали соодветните приходи од новите општини ќе бидат доволни, истите општини да функционираат така како што треба да функционираат и да ги извршуваат своите надлежности, според пропишаните нормативи. Затоа оваа прва фаза ние му даваме поддршка на предложениот закон за територијална организација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски, имате реплика од 3 минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На почитуваниот колега би му реплицирал во делот на тоа што споменуваше и личности, што не само што не се тука, туку се починати. Ова се однесува и на вас претседателе, не реагирате. Дајте да ја напуштиме оваа пракса, од говорница нека зборуваат и за тие личности што не се присутни и историски личности нека спомнуваат. Не смета ништо.

Во контекс на укажувањето на почитуваниот пратеник за она што зборуваше за општина Тополчани, дека ако се спојат во една или во друга општина данокот на необработливо земјоделско земјиште, ќе го плаќаат дали таму или ваму. Сигурно дека ќе го плаќаат и мора да го плаќаат. Дали Тополчани ќе биде сама или ќе се припои од данок нема да бидат ослободени, па и никој нема да биде ослободен од данокот.

По однос на она што се злоупотребува, се злоупотребува затоа што почитуваниот пратеник спомна дека има мртви или живи кои го носеле Законот за територијална организација, во 1996 година. Мислам дека постојат и живи пратеници кои тогаш учествуваа во расправата односно донесувањето. Меѓу нив е и почитуваниот министер Гешаковски, и јас и некои други пратеници. Да расчистиме еднаш. ВМРО-ДПМНЕ во 1996 година не учествувал во територијалната распределба и носењето на нови општини. Немојте сега да го обвинуваме ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ тогаш не беше во Парламентот беше вонпаралементарна опозиција. Има тука пратеници, кои и сега се пратеници и кои беа и тогаш. Ние го носевме законот. На ВМРО-ДПМНЕ, апсолутно што да му прикачуваме од 1996 година, надвор беше од Собранието. Нема што сега ние да ги напаѓаме или да ги браниме. Ние го донесовме тој закон. Тука има пратеници кои го носевме тој закон и како го донесовме, дали беше најцентрализиран. Точно е и тогаш зборувавме дека носиме најценрализиран закон во светот. Тука беа забелешките, не дали ќе бидат 123 или 111 или 82 општини. Зборувавме вака, носиме закон за општини и ги трансферираме правата и обврските и не им даваме никакви средства за финансирање.

Добро би било, министерот, затоа што ни даде, во овој момент не добивме ние елаборат, анализа. Поминаа два циклуса на избори од 1996 до 2000 година. Да видиме кои мали и селски општини може да се финансираат самите себе. Ако неможе, тоа е добро, затоа го донесовме ние законот за децентрализација. Деценрализација значи финансиско осамостојување. Може да има и мала, микро општина која може да лежи на рудник за злато и да биде најбогата. Не значи тоа ако правиме мала општина дека таа нема да функционира како големата, и ако ги споиме, како што ние обично сакаме, од едно место да направиме две па и двете да не се фунционални. Не држи таа теорија.

Значи да не ги обвинуваме тие што не учествувале во донесувањето на овој закон во 1996 година, ќе набројам кои се сега живи пратеници. Меѓу нив е сега министерот Гешаковски, тука е Петковски, тука е Андов, Љубисав Иванов-Ѕинго, Даневски, Шапуриќ, Најдовски..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски, поминаа вашите три минути.

Сега да одговарам на господинот Даневски, во врска со имињата.

Преќутно прифативме и тоа на предлогот од опозицијата, незнам дали вие бевте на таа седница, дека имињата на пратениците и на оние кои се поканети, а поканета е Владата и министрите, дека може да се спомнат, без разлика дали се тука или не се тука. Тоа беше еден остар коментар, баш се сеќавам кога јас спомнав дека не треба да се спомнуваат имиња, од страна на опозицијата и јас тоа го прифатив.

Името на почитуваниот професор Пановски е кажано од аспект на респект. Ако ние и тоа не сакаме да го спомнуваме, тогаш, ве молам нема да го спомнуваме ни Сократ, ни Гоце, ни Ченто, ни така натаму. Значи немаше никакво прекршување околу првилата на спомнување на имињата.

Повелете господине Арсовски, имате реплика 1 минута.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Дел од репликата вие претседателе ми одзедовте.

Ако мислеше колегата Даневски што го спомнав господинот Андов, тоа негово кажување паѓа, бидејќи на сите пратеници местото им е тука во пратеничките клупи. Ние имаме право да ги спомнуваме и никој тоа право неможе да ни го одземе, затоа што ние сме платени да бидеме тука и да учествуваме во сите расправи, а тие пратеници што си бркаат соодветни други работи, тоа е нивно право. Тоа е околу првиот дел.

Вториот дел, за даноците околу обработливото земјиште. Овде пишува, таа анализа е дадена дека Советот на општина Тополчани направи анализа, дека по основ на 50 евра од хектар земјоделско земјиште, може да собере толку и толку пари, дека по основ на куќите и тн. ќе собере толку пари и дека општина Тополчани се обврзува да собере 300.000 евра во текот на една година, за да се финансира единицата на локална самоуправа, успеншно да ги врши соте работи. Ако граѓаните ги знаеле овие работи, сигурно на референдумот не би се изјасниле за опстанок на општината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Коце Трајановски, имате реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благо кажано, јас сум изненаден од говорот на колегата Славе. Тој искажа многу неточности и многу политички напади генерално.

Конкретно, колега Арсовски, кога читате нешто би требало добро да читата. Ако читате добо добро пренесете.

Овде вели дека за изнајмување на земјоделско земјиште, за изнајмување, кој сака да изнајми, значи нема свое, ќе плати по 50 евра. Видете ја првата страна. По 30 евра по обврски, на првата страна, секој што има земјиште. И независно дали Тополчани ќе биде самостојна општина или ќе биде во рамки на Прилеп или незнам каде, во тој случај, во секој случај секој обврзник ќе плати по 30 евра, во Република Македонија. Ако е во друга држава можеби друго. Значи граѓаните се добро информирани. Немој сега да ги заплашувате луѓето, слушајте вие што сте мали општини, ако бидете општини ќе плаќата даноци по 50 евра, или незнам по колку. Немојте да ги плашете така луѓето. Тие знаат колку се даноците. Вие кажавте по 50 евра по хектар. Мислам тоа воопшто не ви држи. Би требало правилно да ги информирате. Тоа е по однос на едната причина.

По однос на другата причина рековте дека ВМРО-ДПМНЕ е виновна за војната во 2001 година.

Господине колега пратеник, историјата ќе покаже кој на кого помагал во 2001 година. Ќе испадне дека вие бевте соучесници во таа 2001 година, за жал, од другата  страна, иако целата и македонска и светска јавност знае дека ова беше агресија од Косово. Ние во НАТО го поставивме тоа прашање. И ако сметате дека ние ја направивме војната, тогаш ние ја направивме и во Косово, можеби и во Босна ја направивме, незнам, можете и до таму да одите. Меѓутоа, воошто тоа не ви држи. Тоа е најлошиот аргумент што го вадите.

Второ, она што се однесува за финансирањето, и јас се согласувам со вас дека најглавно е и треба да гледаме на финансирањето на општините. Меѓутоа, исто така треба да се спомне дека голем дел од даноците поготово на природните богатства, ќе треба да и се дозволат на ови општини. Инаку како вие би го објасниле, општина Зајас и Осломеј, не ме сфаќајте погрешно не е од етнички апсект, зборувам од развоен аспект, доста развиен и општини кои можат сами да опстојуват а одат во Кичево. Значи се работи за неприменување на овие критериуми што вие сакате да ги прикажете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете контра реплика 1 минута господине Јордановски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Господине Трајановски, паѓа дека тие за земјиштето треба да плата данок. Без разлика дали го земаат под наем или не го земаат, треба да тој имот да платата

даок. Така е направена анализата. Дали е под наем или не, тие треба да платат данок. Тоа го кауваат тие што ја изготвиле оваа финансиска анализа. Тоа е првата работа.

Втора работа, колку и да бегате од одговорноста фактите се непобитни. Во 2001 година вие како коалиција бевте на власт и имате одговорност, како што може и оваа коалиција и власт ќе има одговороност за овие одлуки што ги носи. Вас нема никој да ве амнестира, а најмалку ние ќе ве амнестираме. Секоја одговорна власт треба да си ги предвиди, да си ги преземе активностите за сите работи кои можат да се случат во една држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арсовски, помина вашето време.

Повелете господине Мавровски, имате 3 минути реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

За почитуваниот господин Арсовски да кажам, дали некој ќе го амнестира ВМРО-ДПМНЕ или не, за војната во 2001 година, мислам дека многу брзо заборавате или се трудите да заборавите дека вие бевте коалиција во таа Влада 2001 година. Зборувате за министер за одбрана и министер за внатрешни работи, а министерот за одбрана беше токму сегашниот министер за одбрана кој командуваше со АРМ, од Грција за сите тие воени активности и немојте да продавате магла затоа што 2001 година е тука пред вас.

А кој вас ќе ве амнестира за она што вие го направивте и сега сте во коалиција со оние што пукаа против уставниот поредок и државата Република Македонија и тоа што на вашите гласачи во 2002 година не им кажавте дека ќе коалицирате со нив, тоа ќе го каже повторно народот, а народот гледа, затоа што Република Македонија секогаш била делена, после некои војни, на некои меѓународни конвенции. Да не дозволиме сега на маса да биде поделена. Тоа е она што сакам да ви го кажам во оној политичкиот дел што го говорите.

За ова другото, што кажувате, десет лица, во Законот за финансирање. И тогаш кога зборувавме за тој закон кажувавте дека и сега има големи вишоци во Министерството за финансии и Министерството за економија кои треба да бидат префрлени во единиците на локална самоуправа. Затоа немојте да ги залажувате луѓето дека тие десет луѓе ќе бидат потребни во секоја општина. Општините како функционираат сега, вие подобро знаете од мене.

Она што го кажувате дека општина Тополчани направија некоја финансиска анализа, е многу срамно за Владата, затоа што Владата требаше да ги направи сите тие анализи, за сите тие општини, да знаеме што значи денес буџетот во било која општина и што граѓаните ќе добијат или ќе им биде одземено, со тоа што ќе имаат нова општина. Тоа, господине Арсовски ние тука не го видвовме. Расправаме само за територијална поделба, а таква финансиска анализа за ниедна општина за жал, немаме, а требаше врз основа на тоа да говориме и да се договориме. Тоа е битното.

Има исто така уште една забелешка. Имено кажавте дека Владата почнала со некои 50 општини, па сега стигнала до 71. Јас колку се сеќавам,првиот став на Владата беше 34. Но, не кажувате зошто Владата ретерира на 71 општина, или може да реперира сега на 85. И тоа треба да го објасните, како се почнало. Значи тоа било паушално, затоа што и сега, ако дозволите, може да се стигне повторно до 100 општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелета една минута господине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Колку и да сакате да ги изместувате работите или тезите, пред вистината и боговите молчат, што се вели. Уште малку ќе испаднеше дека господинот Бучковски, кога влеговме во коалиција во мај месец, тој ја има направено криминалната афера. Се знае кој ја направи таа криминална афера. И добро е што влеговме во власта, но влеговме во власта тогаш кога веше војната зазеде несакани размери, со катастрофални последици можеше нешто да се случи во тој период. Затоа, такви тези и такви паушални оценки не треба да давате.

Јас потополно се согласувам, тука и истакнав, економска анализа апсолутно треба, затоа е ова прва фаза. Во втората фаза со економските показатели можеби тие општини како што реков Осломеј, можеби ќе има економски показатели и капацитети да остане како самостојна општина. Ја зедов за пример. Затоа има втора фаза. Можеби ќе бидат 80 општини, можеби ќе бидат 90.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арсовски ви заврши времето.

Повелете господине Србиновски, 3 минути реплика.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуваниот колега Славе вмеша многу работи. Кажа за економијата, кажа за војната, но најмалку кажа за државната поделба на општините.

Прво сакам да го исправам за она што го кажа примерот за општина Тополчани. Тој требаше да каже дека во атарот на општина Тополчани влегуваат толку илјади хектари државно земјиште и тоа државно земјиште што треба да се земе од тие земјоделци, значи ќе плаќаат нормално. Но, дали плаќа сега најголемиот комбинат во Република Македонија ЗИК “Пелагонија” кој држи 20 илјади хектари, па ни еден денар не плаќа на државата, а под чие водство е тој комбинат.

Второ спомнавте за војната. Не сакам да претерам, меѓутоа јасно му беше на целиот македонски народ дека тогаш кога се водеше таа војна, кога ВМРО-ДПМНЕ ги бранеше границите на Република Македонија, тогаш СДСМ направи најголем митинг, штрајк и влезе во Собранието. Нели е тоа неоправдано? Тогаш требаше СДСМ, како македонски народ и тој да влезе во одбрана на Републиката.

Второ, еднаш, многу одамна немаше пари во Буџетот. Немаше пари за пензии, немаше пари за повисоки плати, немаше пари за К-15, немаше пари за земјоделците. Немаше пари за заробените девизи, Немаше пари за денационализација, немаше пари за штедилницата “ТАТ”. Но се смени Владата. Имаше пари за пензии, имаше пари за повисоки плати, имаше пари за К-15, имаше пари за заробени девизи, имаше пари за денационализација, имаше пари за штедачите од ТАТ. И сега повторно дојде Владата, пак нема пари за ова, нема за буџетот, нема за пензии и така натаму. Кој го прави ова. Се знае кој го прави ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски, јас знам дека нашите граѓание се писмени и читаат весници.

Повелете господине Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Добро, да му реплицирам на Србиновски, добро прочита тоа што е напишано во весниците, само испушти, таму имаше за сите, но имаше и за криминалот. Криминалците, тие што вадеа, добро се офајдија и ставиме многу пари во џебовите. И за тоа имаше пари и секоја чест. И “Телеком” се продаде и се потрошија парите, се зедоа, ви чиеститаме. Имаше за се пари.

Второ, незнам од каде тезата дека СДСМ во 2001 година влегло во Собранието. Ние држевме митинзи. Никогаш, културно секогаш ги држевме сите митинзи, никогаш насилно во ова Собранието, СДС на насилен пат не е влезено. Мислам дека вакви ноторни невистини не држи.

Трето, без разлика  на тоа, 3.000 хектари во општина Тополчани пишува, но пишува дека треба да се плаќа данок. Тие кои ќе го земат земјиштето под наем, треба да платат данок на општината. Тоа го пишува. Таа анализа е направена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арсовски.

(Коментари)

Ве молам без коментари. Се слушате. Тоа е политички говор и политичка реплика. Војна политички говор, војна политичка реплика. Но, сослушајте се.

Повелете господине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, морам да ви забележам, дека, доколку коментира опозицијата во тој случај вие реагирате. Вчерашниот случај, јас реплицирав, коментираше позицијава, воопшто ништо не рековте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е точно.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

А вие, кога ги коментирате нашите реплики, би сакал да кажете дали е официјално реплика или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е точно. Тоа не го прифаќам, затоа што одозгора се гледа кој прави коментари, официјални и неофицијални коментари.

Сега имаме уште две реплики.

Повелете госпоѓо Лалчевска, имате три минути реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Колегата овде изнесе неколку тези, заплашувачки, контраверзни.

Предлозите од пакетот фискална децентрализација што неодамна беше усвоен во Собранито, драги колега, се предлог на Владата. Таму е точно опрделено кој, како и под кои услови и колку даноци ќе плаќа. Воопшто нема влијание дали општината ќе остане во своите сегашни граници, дали ќе се припои кон друга општина. Значи, како ќе биде територијално оргнаизирана општината, нема никакво влијание на даноците што треба да ги плаќаат граѓаните.

А, вашата дрскост во одбрана на вашата теорија одеше до таму што ги заплашивте македонските граѓани дека треба да плаќаат и данок на воздух за да можат да опстанат некои општини. Ако општините се мали, колега, тогаш и потребите ќе им бидат мали и ќе можат да соберат толку колку што им е потребно, да ја одржуваат својата општина. Апсолутно нема влијание фискалната политика врз големината на општината. Јас навистина, заради јавностас, би сакал да ве опоменам и да не ги заплашувате македонските граѓани со вакви работи.

Меѓу другото и вие ја потврдивте тезата дека, ако знаеме македонските граѓани за ваквата фискална децентрализација немало да одат на референдуми. А, тогаш вие потврдувате дека Владата недоволно ги информирала граѓаните за тоа што следи како предлог, за пакетот за фискална децентрализација и територијалната организација на Република Македонија. А, граѓаните само ја искажаа својата свест и својата желба да опстојат нивните општини. Вие нема потреба овде да ги заплашувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Арсовски, имате една минута.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Апсурд. Тотален апсурд да се каже дека ќе функционира некоја општина по новите децентарлизирани активности, а да нема потреба од финансиски средства. Значи, апсурдна ситуација. Апсолутно, така дословно, дека е мала општина сепак мора да има градоначалник, мора да има секретар, мора да има советници, административни работници кои што, според новиот закон, истите мора да се финансираат по основ на прибраните приходи од единицата на локалната самоуправа. Ако таа единица на локална самоуправа не може да ги собере

даноците, таа не може да функционира, односно не може да биде во служба на самите граѓаните. Тоа е едната работа.

Втора работа, не сте слушнале добро во говорот, јас забелешката ја ставив до Владата, дека како предлагачи требале и по основ на економските и финансиски анализи да ги информираат граѓаните. Во втората фаза треба тоа а се направи. Тука се согласувам апсолутно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арсовски.

Повелете господине Тасев, имате три минути реплика.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Благодарам господине претседателе.

Господинот Славе Арсовски ни даде можност да реплицираме. Не мислев да реплицирам, меѓутоа, како да сите настапи нас пратениците од опозицијата ни припишуваат постојано нам, на пратениците од опозицијата дека настапуваме, ни припишуваат дека настапуваме под етнички или маркетинки мотиви.

Прво прашање е дали господинот Славе Арсовски смета дека Законот за територијална организаиција е маргинална и маркетиншка работа.

Второ, би сакал да прашам што е со Србиново, бидејќи рече дека потекнува од Србиново, а бидејќи бараат да имаат статус на општина, што е со Србиново?

Трето, господинот Славе Арсовски даде добро образложение по некои работи прилично се согласуваме, даде свои видувања по овој многу значаен закон за територијална организација на локалната самоуправа, но бидејќи потекнува од тој регион, односно од регионот на Кичево и Гостивар, какво е неговото видување по предлогот за припојување на Зајас и Осломеј кон Кичево и дали е свесен за целокупните последици од тоа припојување, бидејќи потекнува од тој регион, односно од таканаречениот Западен регион на Република Македонија? И, дали тоа не му пречи што во секое населено место мало или големо, кога патува, се вее знаме на туѓа држава?

Тоа се моите забелешки што провејуваа во дискусијата на господинот Славе Арсовски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Арсовски, имате една минута контра реплика.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Колега Тасев, ако ја слушавте добро мојата дискусија, повеќе пати напомнав дека територијалната организација е од суштинско значење. Тоа се според мене пакет на два многу битни закони, за територијална организација и за финансирање на локалната самоуправа. Тие се многу битни, поврзани, зависни еден од друг и затоа суштински треба да настапиме. Што може да опстане, што не може да опстане и тн., тоа е едната работа.

Втората спомнавте Србиново, незнам дали сте биле во Србиново, во општината, не верувам дека сте биле. Одлично ја познаваме општина Србиново. Нема економски капацитети за да може успешно да биде во служба на граѓанинот. Тоа го кажав. Инаку, прв од локален карактер треба да се борам да остане. Меѓутоа, не да опстане со досегашниот начин на управување и раководење во служба на граѓанинот. Тоа го кажав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпидине Спиро Мавровски, имате збор, а нека се подготви пратеникот Драган Ѓорѓиев.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, почитувани пратеници,

Денеска, пред нас се наоѓа Предлогот на закон за територијална организација. Сите ние и опозиција и позиција знаеме дека е ова еднас чувствителна политичка одлука, затоа што она што го гледаме во предлогот како опозиција ни дава за право да не веруваме во до крај чените намери на позицијата и дека овој закон всушност претставува објавување јавно на тоа што тие се договорле за оваа територијална поделба. Говорам за поделба а не за организација, затоа што наместо да се исполнат сите нормални предуслови што треба да ги даде овој предлог на закон, ние гледаме Предлог на закон со кој се прави поделба на политичка основа, елиминирање на општини каде евентуално има градоначалник од

ВМРО-ДПМНЕ или по етничка основа во цела Западна Македонија, која со овој Предлог на закон од Липково до Струга ќе биде со албанско мнозинство во овие единици на локална самоуправа.

Според Предлогот на законот, а и секогаш кога се случуваат вакви реформи, посебно во локалната самоуправа донесуваат незадоволство. Кај поголем број на граѓаните во истите стравот од новото и не баш транспарентното создавање на територијалните организации.

Она за што треба да постои, спроед овој предлог на закон, единицата за локална самоуправа е тоа што таа треба да биде многу поблиску до граѓаните, т.е. да ги реализираат своите права, точно преку овие единици на локална самоуправа. Нови права што би требало да ги исполнува единицата за локална самоуправа се следни: планирање и водење на локалниот економски развој; урбанистичко планирање и уредување со просторот; организирање, уредување и управување со комуналната инфраструктура, основање, финансирање и администрирање со основните и средни училишта во соработка со централната власт, управување со мрежата на здравствени организации и објекти од примарна здравтсвена заштита; финансирање и инвестиции и одржување на објекти од сферата на социјалната заштита; остварување социјална грижа; воспитување на децата од предучилишна возраст; развој на културата и унапредување на културните вредности; заштита на животната средина и природата и развој на спортот и рекреацијата.

За сите овие обврски и принадлежности, за да може општината да егзистира, треба да бидат обезбедени финансиски средства. Со законите за фискална децентрализација и другите закони што значат урбано планирање на објекти што ќе ги води централната власт, објекти за кои даноци и такса ќе наплаќа повторно централната власт и на крај средствата што ќе ги добијат општините од централната власт се некаде приближно 20%, говори дека некоја поголема децентрализација, тешко да има. Децентрализација во сферата на фискалната политика.

Кажано е дека, а и премногу е очигледно дека сите овие задолженија за општиите и во нашата фаза на развој се премногу големи. Така што и една Словенија со 14.000 евра по глава на жител, во надлежност на општините ги оства само детските градинки, а не основното и средното образование. А, за нашата македонска реалност со 1.800 евра не е некоја гаранција дека граѓанинот ќе биде позадоволен и од услугите и од цените.

Однесувањето на власта покажува дека таа, во името на децентрализацијата, не се откажува од сето она што значи централистички начин на одлучување, со големи принадлежности, посебно во финансиската сфера, задржани за себе.

Со ова што сакате како предлог на закон да го донесете, ние не се доближуваме до Европската унија. Напротив, да го направиме сето тоа, треба да ги почитуваме критериумите со Европската поделба на локална самоуправа, чии потписници сме и ние и тоа од 1996 година.

Уште во самата Преамбула се кажуваат три постулати. Кажуваат точно каде ние треба да се движиме. Имајќи предвид дека локалната власт претставува една од главните основи на секое демократско уредување што сега треба да го реализираме, правото на граѓаните е да учествуваат во водењето на јавните работи и тоа е демократски принцип што важи за сите земји членки на Советот на Европа. Тоа би требало да важи и за нас. Уведеноста дека најнепосредно остварување на ова право е можно токму на локално ниво. Значи, гледајќи ги правата, обврските на локалната самоуправа во Европската унија ќе дојдеме неминово до членот 5 од истата Повелба во која многу убаво стои дека за било каква територијална промена на општините треба да се консултираат истите, затоа што промената се однесува за нив. Значи, ова е обврзувачко а не како што сака Владата да прикаже дека ќе ги има предвид резултатите од референдумите во овие единици за локална самоуправа. Тоа е така, затоа што според оваа Повелба, најблиску до граѓаните се локалната власт, а не државата. Во овој случај 200.000 луѓе го искажаа своето незадоволство од овој начин на територијална организација. Многу често колеги, посебно македонците од албанско етничко потекло, зборуваат за Европската унија, за нивната територијална организација, за Швајцарија и истата ја посакуваат и во Република Македонија. Забораваат на нешто, дека во Швајцарија не е доволно Владата да предложи, Парламентот со својата гласачка машина, т.е. со политичкото мнозинство, т.е. вас, да го изгласа законот, туку за истиот ќе треба потврда од граѓаните на референдум.

Друг пример кој што е многу поблизок до нас е секако примерот со Словенија, која во моментот има 192 општини, со население од 2 милиони жители и територија приближно колку нашата. Одреден дел од општини се формирани после 1998 година и тоа на барање на граѓаните и повикување на Уставот на Република Словенија, така да за нивните барања одлучуваше Уставниот суд и пресуди во нивна корист. Но, кај нас сега се случува еден многу неприроден процес, а тоа е

дека државата е многу позаинтересирана за децентрализацијата, отколку локалните власти и граѓаните во нив. Но реков дека е тоа спурд, секоја држава гледа што повеќе да приграби засебе и што повеќе функции и моќ да ги има на својата страна.

Друго што е неспоиво со вистината е прикажувањето дека територијална организација всушност е клучот за реализација на Рамковниот договор, со што воопшто неможам да се согласам затоа што не гледам процес. Но, гледам етничко политички договор, кој не беше цел на Рамковниот договор, туку напротив, во него се многу јасни, децидни работите и лошо е да се манипулира со македонската јавност. Слободното толкување на истиот, или што би рекле толкувањето секој од свој агол, донесе до многу непрецизности и грешки кои можат да бидат фатални за понатамошното опстојување на Република Македонија. Едно од полседните такви решенија беше Тетовскиот универзитет, каде што и покрај Охридскиот договор се призна универзитетот во Мала Речица, а и сега територијална поделба, не организација може да биде крај за некакви реални надежи за соживот и понатамошна унитарност на државата која е и сега на голем испит, затоа што контрола на целата територија на Република Македонија не постои, а после вакви делби дури ни правото нема да функционира.

Но, да видиме што донесува Рамковниот договор и уредување на локалната самоуправа која е дефинирана во став 1.5. Развојот на локалната самоуправа е од суштествено значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и за унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците. А развојот на децентрализираната власт целосно е реализирана во Глава ИИИ со три става од кој еден се однесува на територијалната поделба. Во став 3.2. - “во рок од една година по завршувањето на новиот попис кој меѓународен надзор ќе биде спроведен до крајот на 2001 година ќе бидат ревидирани општинските граници”. Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалната и националните власти со меѓународно учество. Со ова нема ништо дефинирано, дали ќе има повеќе или помалку општини. Никаде не се вели дека ревизијата ќе се врши и спроведува врз основа на резултатите од пописот, туку по неговото завршување. Значи, тезата за намалување на бројот на општините не може да се црпи од овој Рамковен договор.

Но, со овој понуден модел на територијална делба се гледа дека етничко политичкиот критериум е доминанетен при креирањето на локалните единици, а не неутралните и објективни критериуми и сетоа ова може да доведе до етничко чистење не со воени средства, но на многу перфиден начин кој веќе се

најавува од партнерите на опозицијата. На овој начин целосно се редефинира просторот во Република Македонија и се поставува нов политички поим Западна Македонија, кој со тек на време ќе ги искаже своите прави цели, дека ништо не е доста кога се однесува до правата и на секој помал проблем ќе се повикува народот на оружје за да се остварат правата, затоа што тие еднаш тоа и јавно го направија и според нив успеаја.

Значи, Република Македонија и во престојните процеси на Балканот и евентуалните дезинтеграции и прекрокувања на границите, мора да биде многу внимателна да не изгуби поголем дел од својата територија. Со овој предлог ќе биде донесена Република Македонија во поголем дел да има етничко управување кој што вештачки ќе се формира со спојување на две или повеќе општини и така ќе се дојде до мајоризација и натамошно иселување на неалбанското население од овие простори. Значи, со оваа партиска делба, преку ноќ на етничката и демографската структура, се врши промена на една општина. Истото претставува агресија во секој поглед.

Зошто го говорам сето ова? Ние треба да знаеме дека територијална организација треба да овозможи поефикасно, порационално, поефтино, похумано задоволување на потребите и интересите на граѓаните. Ваквите локалните заедници треба да произлезат од потребите на граѓаните, а не да бидат резултат на некои макар и политички договори по кафулиња, туристички центри и ресторани, без воопшто да се знае за кого, или против кого се носи решение. Општините во секој случај се постари од државата и токму поради тоа не можат да бидат административен изум. После вакви договори, после реакацијата на огромниот дел на граѓаните преку изјаснување со референдуми, гледаме дека полека, полека Република Македонија постанува нестварна држава, виртуелна држава, држава која постои за да ги задоволи сопствените интереси, а граѓанинот не постои во овие опции. Наместо да биде обратно, т.е. Владата постои за да може граѓанинот да ги реализира сопствените права. Но, полека и се повидливо граѓаните стануваат заложници на политички преговори, договори, разговори и стануваат монета за поткусурување за некоја неприродна вештачка коалиција да опстане на власт.

Затоа што за да остане власта, мора да оствари консензус, внатре коалициски, но токму овој сегмент територијалната организација, власта ќе треба да ги слушне своите гласачи, кои јасно рекоа не за ваквите поделби. Дел и од пратениците од коалиционото мнозинство, слушајќи ги нивните излагања гледам

дека не го поддржуваат законот, посебно за своите места, но го прифаќаат за други места, што е логично. Некој ќе рече дека ваква иста дилема имавме 1996 година, но сега аргументите кои тогаш беа за, сега стануваат против. Што всушност се случи во таа 1996 година и тогаш оваа власт говореше дека таа е формула кон враќање на реалани општини, т.е. кон помали општини, бидејќи тогаш Република Македонија имашенајголеми општини по територија и по население. Значи пораката беше дебирократизација при помали општини. Контактите се поголеми и граѓани се поблиску до власта. Се има можност за директна демократија, референдуми, граѓански иницијативи, собири на граѓани и друго. Постои можност за поголема контрола на власта, по директно запознавање со податоците и можност за корективност на власта. Ова беше донесено без парламентарна опозиција и во многу општини се покажа повеќе од успешна. Но сега ако е повторно со истата теза дека треба локалната самоуправа да им ја приближиме на граѓаните, повторно ги намалуваме општините за една половина, тогаш г-до очигледно не се работи за децентрализација, туку за централизација на власта. И со овој предлог закон видовме кои се надлежности се пренесуваат на општините. Ако направиме некоја паралела помеѓу двата закона, тоа е законот за финансирање на општините и за територијална организација тече во иста фаза може да се заклучи дека тоа што го нуди Владата е нивна негација. Владата говори дека општините немаат пари, немаат ресурси да ги исполнуваат сите нивни надлежности што се сложени, но друга стсрана за истите обезбедува пари и ги финансира директно од Буџетот односно ги трансферира парите за основното и средното образование, примарната здравствена заштита, социјалната заштита за домови за стари лица, за деца без родители, територијалната против пожарна заштита, културата, спортот и тоа во 4 квартали годишно, а оттаму во институциите што ги финансира локалната управа.

Значи кога зборуваме за децентрализација највашни се човечките ресурси, економските и стопанските капацитети. Значи основно прашање треба да биде дали општината може да се одржи. За една општина како Вевчани која постои векови наназад, може би нивниот пркос нивната љубов за својата општина Вевчани ја кажуваат само на нивен сојствен начин, самата помисла нивниот повеќе вековен труд, нивната борба за опстојување и во потешки времиња, токму сега да ја пресечете е нелогично, не издржливо и неосмислено. Ова што го говоревте дека тоа во законот го нема, јас ќе ги убедам почитуваните пратеници од СДСМ, тоа е во законот што го имаме пред нас, во член 10 точка 56, каде покрај сите овие а 50 села,

како последно е наведено селото Вевчани. Значи точно во овој закон што ни е понуден пред нас го имаме него, а како оператива понатаму стои друга верзија.

За овие 8 години од 1996 година до 2004 година, во руралните општини се изгради генерално многу повеќе, отколку во однос на целиот период по 1996 година. Да не заборвиме дека Република Македонија некаде до 1950 година имала повеќе од 200 општини. Рамномерниот стопански развој, развојот на недоволните подрачја, редистрибуција на населението, миграција село-град, демографската експлозија кај македонците од албанско етничко потекло, емиграцијата во странство, не се решаваат со укинување на руралните општини и нивно окрупнување. И во Европската повелба и секаде во светот се тежнее да се изедначат во својот развој овие општини, т.е. урбаните и руралните, со тоа што државата со директни буџетски трансфери, создавање услови за стопанисување, кредитирање, надзор и ревизија ќе обезбеди многу поголем степен на експлоатација директно со пасиштата, шумите, водите и минералните суровини. Значи, едно пголемо размислување, еден многу поголем сенс, сето тоа ќе доведе во ситуација да нема апсолутно никаква потреба од укинување на овие рурални општини. Затоа што, ако државата ги остави концесиите на локалната самоуправа интересот ќе се зголеми. Ако се плаќа за она што се зема од тие општини многу брзо истите ќе продолжат да живеат, а фамата дека таму ќе треба основно, средно образование, култура, економија, спорт, противпожарна заштита се едноставно неодржливи, зашто во повеќе од нив посебно зборувам за руралните средини има луѓе со просек некаде околу 60 години и сегашната власт за нив направила локална власт, за нив направила многу и тие во голем дел користејќи странски донации, фондови за неразвиени, во секој случај повеќе, отколку за 50 претходни години, кога овие општини кој тогаш броеле од 15до 20 илјади жители се донесени во ситуација моментално да бројат 300 до 500 жители. Но ако се продолжи со развој многу ќе почнат да размислуваат и за враќање, ако не се случи истото што и порано, ќе добиеме чисти еколошки  средини, за жал, без никакво население, а од друга страна урбаните центри ќе се гушат со огромен број на граѓани, кои наместо да работат, ќе очекуваат социјална помош, зашто и она што досега го земале од средините од каде што потекнуваат, од своите родители и тоа ќе го немаат. Не е точно дека актуелните општини која и да е од нив немаат капацитет да го носат товарот на зголемениот обем на надлежности, поради што треба поголем дел од нив да се укинат.

Во членот 14 од Законот за локална самоуправа дава право постојните општини со меѓусебна соработка, заради остварување на заедничките интереси, при

вршење на заеднички работи во надлежност на општините да можат да се здружуваат и да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби, за извршување на заеднички надлежности. Општините да можат да формираат заеднички административни тела во одредени области, во согласност со законот. Тогаш кое е образложението за укинување на општините кои немаат изворни приходи за да ги покриваат уставните и законските надлежности. Токму заради овие ситуации во правото постои институт кој се вика стекнато право. Во 1996 година граѓаните на овие општини се стекнале со тоа право. Во многуте територијални реорганизации една од нив во 1965 година беше укинато се што беше рурално и се одеше на тоа да се добијат што повеќе урбани средини. Значи во овие 31 година од 1965 до 1996 година се случи она што можеше да се очекува. Населението од селата масовно емигрираше во градовите, а поради неможноста голем број од нив да се снајдат и тука отвореноста на границите по прв пат, голем дел од овие граѓани, од овие рурални средини се иселија во прекуокеанските земји, Австралија, Канда, Америка, во земјите од ЕУ, тоа беше првиот бран. И тие луѓе и ден денес се водат како привремено вработени во странство. Денеска овие што останаа во градовите, поради големиот економски застој што го доживеа Република Македонија, поради 400-тините илјади невработени, поради бркањето од работа, поради малтретирањето, поради неперспективноста, младите кадри оние кои што треба да ја повлечат оваа држава во напредок, масовно ја напуштаат Република Македонија и го формираат веќе третиот или четвртиот бран емигранти. И таму ќе останат на привремена работа до крајот на својот живот, а се разбира и нивните деца сега некоја 4 или 5 генерација во тие држави, го забораваат и своето потекло. Но, уште пострашно со овој етнички и политички договор во сопствената држава се поттикнува уште еден миграционен бран, Запад-Исток што го видовме за време на војната 2001 година, за жал неисполнување на Рамковниот договор во кој што многу децидно стоеше враќање на раселените лица од местата од каде заминале, неконтролирање на територијата, притисоци, закани, усвојување на приватни и општествени имоти надвор од секакви закони и на сето тоа не може да се стави крај. Што може да се очекува од благоглаволивите претставници на ДУИ понатаму слушнавме. Имало и премногу македонци вработени, па тие требало да се избркаат од работа во Тетово, во Гостивар, во Куманово и на нивно место да се вработат македонци со албанско етничко потекло. Со тоа општините ќе го решат проблемот. Ако некаде функционира градењето, животот, економијата, тоа е во западниот дел, зашто Истокот одамна е мртов. Зашто во него никој не се труди ништо да инвестира

за жал. И наместо Владата да размислува како да останат тие општини, со тоа што ќе им ги остават парите од концесии од природни богатства, дрва, вода,песок,минерални суровини,она што им го дала природата, што за вакви средини ќе биде доволно да опстојуваат и никого да не го оптоваруваат, Владата си зеде за право се она што самата кажува дека едни од овие рурални општини ги испонуваат демографските критериуми, други економските, а трети просторните и дека токму поради овие причини е неправено групирање на оние рурални општини, кои според демографскиот статус, економските ресурси, здружени можат да се развиваат и понраму како рурални средини. Некои од овие општини, како што оцени државата кои гравитираат кон градските населби се припоени кон истите,како што се кажува за подобро инфраструктурно поврзување и користење на објектите од општествениот стандард во градските јадра. Што се добива со овој закон во однос на бројот на општините. Тоа се 5 општини до 5 илјади жители, 15 општини од 5 до 10 илјади жители 18 оптини меѓу 10 и 20 илјади жители 14 општини меѓу 20 и 50 илјади жители 9 општини помеѓу 50 и 100 илјади жители, една општина над 100 илјади и градот Скопје со 470 илјади жители. Но што со ова што досега го првеле овие рурални средини. Едноставно при посетата и средбите со граѓаните, посебносо постарите како било пред години и како е во овие 8 години, застануваат во одбрана на постоечката територијална организација, т.е. во зачувување на се она што е направено години со ред наназад, а беше отфрлено како неможно. Со новите ингеренции кои гидобиваат општините, се доведуваат во многу безизлезни ситуации иголемите општини, затоа што сите зависат од Буџетот и средствата кои треба да ги добијат од него. Но, државата проформа ги префрла само надлежностите без некоја поголема финансиска поткрепа. Мора да се најде начин на кој што овие општини ќе можат да се грижат за сопствените средства, т.е. да бидат стимулирани со наплата на даноците и средствата за прибирање во сопствениот буџет и да може со тие пари да се потпира целокупната економска состојба за која што сега општините ќе бидат одговорни. Како сега со сите досегашни движења, како миграциони, така и економски кон Европа и Светот не можеме да видиме што ќе не очекува после тоа. Да видиме она што некој не го прифаќа. Територијата Западна Македонија да се види колку македонци имало после Втората светска војна, каков бил процентот на македонското и албанското население, како е после 56 година и зголемениот број на општини и се понатаму. Бројот на македонците за цело време се намалува. Според пописот во Кичево македонците имаат прираст од 14 жители, а тоа доволно говори што се случува во овој дел и на кој начин се усвојуваат овие простори.

Значи со ваквите критериуми кои ги предлага Владата реално, се намалува процентот на македонците во Западна Македонија, и нема да биде ништо чудно поради невладеењето на правото на државата на целата територија да се очкува бројот на иселените македонци да биде уште поголем. Затоа што со сите изјави во владеачката коалиција посебно од ДУИ тие воопшто не се задоволни со некоја друга поделба, освен што тие самите ја посакуваат. Ако евентуално тоа не се оствари, тогаш се знае како се остварувало. Човечки права, како се усвојуваат територии, значи повторно она што го говорат овие Европејци, востание. И правата се тука, делбата е готова и тоа е во ред. Но, се што говори опозицијата е многу опасно, затоа што на народот им го открива етничко поетичкиот договор меѓу партиите во Владеачката коалиција и тоа никој не може да го издржи. Зошто го говорам ова? Затоа што со оваа поделба, би ги спомнал само Кичево, кој сега има само 55, 35% македонско население и 30, 53 македонци со албанско етничко потекло. Со спојувањето на општините односот станува 35,47% македонци и 54,52% македонци со албанско етничко потекло. И општини со 6 населени места се зголемуваат на 80. Општината Струга моментално има 47,49% македонци и 41,54% македонци со албанско етничко потекло. Со спојувањето односот станува 34,54% македонци и 54,75% македонци од албанско етничко потекло. А, бројот на населените места се зголемува од 17 на 49. Освен тоа, за крајот би сакал да прашам што Владата утврди како критериум, како анализа, како финансиска конструкција, по што некои општини кои сега се ништат не би можеле да опстојат самостојно, што со општините кои сега се зголемуваат по територија, население. Што тие добиваат повеќе во остварувањето на своите цели, на своите права, а што пак оние општини што се поништуваат, што добиваат нивните жители за да ги реализираат своите основни права како граѓани. Дали тоа што овие граѓани ќе треба да одат до новиот општински центар повеќе од 30, а некаде и 70 км., да можат да извршат преглед во амбуланта, да извадат потврда за било која сфера, дали спортската сала што ја има поголемата општина ќе биде достапна, и за останатите општини кои ги припојуваме кон неа, дали сега сите патишта ќе се направат во руралните средини, а од друга страна една Битола во моментот ќе има такви улици во која е уметност да не погодите ниедна дупка. Како да се наоѓаме во времето на Балканските и првата светска војна, кога Битола беше бомбардирана, а кон Битола се прилучуваат 34 населени места. Што тие граѓани треба да очекуваат за нивно подобро практикување на власта, кога и сега градоначалникот не може да стигне да ги помине постоечките населени места и прми граѓаните од град Битола. Во Битола

повеќе денови и повеќе пати се случува да нема мазут и во самата болница. Што ние ќе им кажуваме на граѓаните од соседните општини кои ќе ги припоиме. Како ќе ги убедиме граѓаните на општина Бистрица дека ќе им биде подобро во општина Битола кога сега улиците во нивната општина се асвалтирани, училиштата поправени, амбулантите отворени, отворени нови мали погони кој носат приходи во општината. Направени се водоводи и она што тие граѓани 50 години само го посакуваат.

Градоначалникот на Бистрица, што сите граѓани го гледаат како спасител на ова подрачје, а тука се слушнаа разговори кои кажуваат дека во тој контекст општините се задржуваат токму поради градоначалниците и поради таа управа. Но верувајте ми, сите тие градоначалници се спремни да се откажат на наредниот конкурс да бидат градоначалници, само за овие општини да можат да опстојат и граѓаните да ги остваруваат своите права.

Токму во овој контекст, слушајќи ги разговорите од позицијата, јас имам обврска ако моите гласачи во изборната единица 5 да прочитам нешто, тука за жал, г-динот Шапуриќ го нема, ова ќе го прочитам изворно и едно незадоволство од граѓаните на општината Старавина. Дозволете да го изразам нашето незадоволство, што позицијата ја користи општина Старавина дека таму нема народ, т.е. малку народ и не може да опстане. Ние имаме програма, и проекти за развој на општината. А тоа што некој 40 години го иселувал тој народ, а сега неговите потомци бараат да се населиме за 7 години, тоа е невозможно. Најголемо незадоволство кај нас што никој  не му даде реплика на г-динот Шапуриќ, кога општините во Холандија и во Данска ги спореди со македонските за окрупнување, што со припојување на општината Старавина со Новаци. Побрзо ќе стигнеме од Битола до Скопје, отколку од Старавина до Новаци. Доколку Шапуриќ сака да се окрупнат руралните општини, прво нека направи државата Македонија пат до секое село, како што имаат спомнатите земји.

Општина Старавина треба да остане и да се реализира со помош на државата, половина од нашата програма и ние сите кои потекнуваме оттаму, а сме стечајци, технолошки вишок, ќе си заминеме таму, ќе отвориме мали бизниси за здрава храна, без да донесуваат пратениците закон за вработување , без да плаќаме некои придонеси за државата. Не може некој како Шапуриќ со неговата дискусија, да се изјасни како да не излегол подалеку од општина Кисела Вода да ни ја решава судбината нам. Многу амбасадии помогнаа и се најавија дека ќе помогнат

и секоја помош за овие години е искористена на место. Ако се укине таа општина и тој народ што е таму ќе се доисели.

Господата од општината Старавина, не знам дали кај пратениците постои тој елаборат за развој на општина Старавина. Тој елаборат го има и мислам дека може да се подели на сите пратеници. Мислам дека и министерот го има. За втората фаза, едноставно, да се видат начините како може општината Старавина понатаму да опстојува. Мислам дека општината има многу голема територија некаде околу 330 $км^2$, една од чистите еколошки средини, ретка во Европа. Има производство на природна еколошка здрава храна, идеални услови на селскиот туризам, голем капацитет на рудни и шумски богатства, шуми има цели 33 илјади хектари. Општината, после ова, во неа се сечат околу $15м^3$, трупци и најмалку по пет илјади $м^3$ огревно дрво. Така, зборувајќи за претходните активности во општината Старавина, таа во периодот кога Битолско Мариово броело и општините не биле поделени на овие урбани, имало повеќе од 6 илјади жители, а сега ги има едвај 500. Меѓувреме, се направија за овие 8 години многу работи, кои што помогнаа за понатамошното опстојување на општината Старавина и повторно послед долго време градење на куќи и враќање на одделни луѓе во својата средина.

Понатаму, што се однесува за она што рековме политички договор, можам да кажам за општина Добрушево и општина Могила, кои што опстојуваат во срцето на Пелагонија, каде општина се поставува општината Кукуречани, така што граѓаните апсолутно се носат во една нерамноправна положба, по што општината Добрушево е некаде 50 км од градот, па прво, треба да стигнат во Битола, а потоа да продолжат за општинскиот центар во Кукуречани. Зошто е тоа така направено, сметам дека ќе имаме некое објаснување, кое малку повеќе ќе држи место.

Сето ова што го гледаме од овој предлог не носи во една ситуација да не можеме многу да веруваме во предлгот дека е направен токму врз основа на она што го бараше опозицијата и мислам сите пратеници да не се носиме во ситуација, да носиме одлука, а без притоа да знаеме за што се работи. Еве, тука во овој регион во изборната единица 5 би ги спомнал Струга и Кичево, приклучувањето на Осломеј, Зајас, Другово, Вранештица, на општина Кичево и како што кажав во општина Струга алтернативата влезена е Вевчани, што всушност да кажеме добива Кичево со новите општини. Добива 70 км во должина, 80 населени места. Дали добива сега многу нова работна сила, дали добива нови фабрики, индустриски капацитети, дали добива нова спортска сала, ново кино, болница, за да ги задоволи потребите на новите жители на Кичево или добива ново пријавени во центарот за социјална

помош, бркање на работници од РЕК Осломеј, најповеќе преку 200 луѓе беа избркани токму од Осломеј и во Кичево и цело Електростопанство на Македонија. Зголемена социјална помош за новите пријавени, бркање од работ ана македонците, за да се вработат македонците со албанско етничко потекло и сите и понатаму среќно ќе си живеат.

Господа, со вакви договори никого не можете да уверите во искреноста на вашите говорења. Се е етничко политички договор, а за последиците многу скоро ќе разговараме, ако воопшто господата од СДСМ имаат некаква визија.

Затоа, уште еднаш замолувам на крајот, сите заедно да бидеме свесни дека овој закон не се носи ниту за Владата, ниту за Собранието, ниту за локалните власти, туку за граѓаните. Тоа значи дека ќе треба да се седне и со ладни глави да се разговара. Да се направи реален консензус околу оваа територијална организација, а не со диктат и скриено етничко политички договори, да дојдеме до решение, кое ќе не одведе или пак ќе не приближи до Европската унија, до нивните локални заедници, до нивиот економски раст и развиј, кои во моментот го немаме, за жал. Значи, основата да биде економска и финансиска оправданост, а не етничко политички договор.

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега, мене ми е жал што колегата Шапуриќ не беше присутен, веројатно, ќе можеше да објасни.

За реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Не, нема во име на господин Шапуриќ да реплицирам. Тој си е доволно паметен и способен да си реплицира.

Старавина многу брзо се собрале жителите да реагираат и така се расфрлени, тоа е огромна површина, но добро е тоа што во еден ден се собрале да реагираат.

Сакам да реплицирам или да побарам едно дообјаснување. Во три дискусии денес, двајца дискутанти побараа опстојување на општина Бистрица. Не знам дали е коинциденција или што е, но интересно е, господин Насуфи побара опстојување на општина Бистрица, и господин Спиро Мавровски. Ова ми доаѓа многу контрадикторно, барањето за опстојување на општина Бистрица со нападите врз

предлагачот на законот по однос на некои решавања, да речеме, како што вие велите, Западна Македонија. Или првиот дел не е во ред, или вториот дел не е во ред. Но, многу ми е симптоматично што и ДПА и ВМРО-ДПМНЕ побараа опстојување на општина Бистрица, изгледа заради тоа што имаат коалиција таму. Ние со тие луѓе во општина Бистрица, посебно јас разговарав и со моите во Кравари и со луѓето од Бистрица, господине Мавровски.

На крајот, ќе ја поддржам вашата реченица да размислуваме со ладни глави. Но, тешко размислуваме со ладни глави кога сакаме да напаѓаме и кога сакаме да постигнеме некоја популарност или не знам како да речам, тогаш ни се вжештуваат главите. Инаку, ве поддржувам да размислуваме со ладни глави. Ако размислуваме со ладни глави, мислам дека немаше да имате заеднички предлог со господин Насуфи. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Прво, да му објаснам на колегата Слободан Најдовски, ако веќе се нема потпишано, ќе го замолам да се потпише во општина Битола каде што веќе има повеќе од 5 илјади потписи за опстојувањето на општина Старавина. Значи, луѓето се организираа многу побрзо пред пратениците.

Второ, што се однесува за општина Бистрица, сега не знам дали господинот Најдовски ги прифаќа сите оние договори меѓу ДУИ и СДС, за кои што говориме и не го слушнав ништо да каже, ни за Кичево, ни за Струга, ни за никој. Тој е за опстојување на општина Бистрица, во која што ако ги слушне граѓаните и ако го види овој економски елаборат на општина Бистрица, кој го подготвил нивниот градоначалник, во кој што треба да живее и господинот Најдовски и која општина има услови подобри, отколку во Битола, затоа што му е осветлено до пред неговата куќа, а тоа е направено во претходните 8 години, мислам дека не би говорел вака. А, дали е договор меѓу ВМРО и ДПА воопшто не е битно, битно е дека граѓаните на општина Бистрица сите до еден се потпишале за опстојување на нивната општина.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Повелете господине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Да реплизирам до мојот сограѓанин господинот Мавровски, особено на неговата инспиративна дискусија во однос на визијата за останување на општината Старавина со 15 илјади трупци. Ние, прво, еден од основните услови е население кое што таму живее. Господинот Мавровски кажа дека тоа население е зголемено. Меѓутоа, следниот попис го демантира него. Во 1994 година таму имало 456 жители, а со последниот попис тие се намалени за 316. Фактички, 140 жители во претходниот период од 10 години се од таму иселени. Ние не можеме теледиригирано со потписи во Битола или на други места да основаме локални самоуправи. Треба таму да се живее и таму да се создава доход. Инаку, во локалната самоуправа Старавина нема ниедна стопанска организација основана со седиште да е таму од каде ќе се црпат приходите. Инаку, од друга страна имаше и многу други тези со кој што господинот Мавровски беше контрадикторен, особено со примерот на Словенија. Тој кажа дека Словенија и точно е дека има 14 илјади евра по глава на жител бруто домашен производ. Има 192 локални самоуправи, кои што сега јас кажав, а и во мојата дискусија дека има проблем со второстепеноста. Па, за да ја премостат таа второстепеност носат други закони. Меѓутоа, сеуште во процедура кај нив е измена на Уставот. Од друга страна тие 192 локални самоуправи не беа направени во согласност со Уставот или со некои уставни измени, како што кажа господинот Мавровски, туку тие имаат закон. Прво, основаа 147 локални самоуправи, па потоа врз основа на законот секоја локална самоуправа се основаше врз основа на референдуми. Кај нив тоа законски беше овозможено.

Во однос на самата теза, која што повеќе дена се пласира дали е закон за ревидирање на границите или е закон, нов закон за територијална организација, ние треба да разграничиме, суштината и формата. Точно е, формата е таа што ја кажувате, меѓутоа, суштината и на ревидирање на границите е ист. И таму може да се случи да се намали бројот на локалните самоуправи или да се зголеми бројот на локалните самоуправи.

Од друга страна, господинот Мавровски пласира една теза на виртуелна држава. Па, ние бевме виртуелна држава во 2001 година, ние сега ја правиме реална држава.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека господинот Тромбев воопшто не ме демантира за Република Словенија, само го потврди она што го кажав јас.

Во однос за населението во општина Старавина, не знам кога последен пат бил, но она што значат асфалтни патишта што се направени во овие последни 2-3 години, она што значи електрификација, носење на телефони и изградба на нови куќи за прв пат после 50 години кога Мариово броеше и општина Старавина повеќе од 6 илјади луѓе, мислам дека се првите чекори кои што државата треба да ги поддржи и каде цела Европска унија се бори за она што значи здрава храна. Ние ја имаме тука, но како да бегаме од неа.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Никола Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Секој респект за економските аргументи за опстојување или неопстојување на одредени општини на г. Мавровски, меѓутоа, низ целото негово излагање провејуваше дека ова е политички договор меѓу партијата СДСМ и ДУИ. Значи етничкиот момент во кроењето на овој закон. Сакам само да го прашам, дали г. Мавровски го поддржува денешниот протестен марш во Скопје од нивните бивши коалициони партнери ДПА за двојазичност во Скопје и за формирање на нова општина Кале.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам за репликата.

Јас вчера дадов јавна изјава дека таква работа нема да поддржувам и никогаш нема да поддржам. Но, што е со знамињата во Западниот дел на Македонија, никој не одговори. Тоа е првото.

Второто, протестниот марш може да го организира кој сака и како сака, но само жално е што референдуми повеќе од 200 илјади луѓе тука воопшто кажувате дека тие резултати не се валидни за Владата, а сега ќе биде валиден овој марш. Затоа, немојте со коалициони партнери, ние сме сега опозиција. Опозицијата е ВМРО-ДПМНЕ. Вие можете да говорите како сакате, тука се колегите од ДПА и прашањата директно можете да ги поставувате до нив. Ние можеме да одговараме за ВМРО-ДПМНЕ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусија.

Збор има господинот Ѓеорѓиев.

ДРАГАН ЃЕОРЃИЕВ:

Почитуван потпретседателке, почитуван министре, почитувани пратеници,

Предлгот за донесување закон за територијална организација на локална самоуправа на Република Македонија со големо внимание деновиве се следи од страна на нашите граѓани и тоа со право, бидејќи се работи за материја која што претставува основа односно темел, од кој што почнува да се планира и да се организира животот на граѓаните во општината во сите сфери, кои што се од локално значење.

Владата на Република Македонија односно Министерството за локална самоуправа несомнено има тешка задача да ги утврди границите на општините, така што тие да претставуваат целини во кој што ќе се надополнуваат сите елементи важни за економскиот, социјалниот и културниот развој на општините. Во Законот за локална самоуправа, кој што е донесен во јануари 2002 година се утврдени многу поголем обем на надлежносит пренесени од централните на локалните власти. Надлежностите, кои што општината ќе треба да ги извршува се однесуваат на планирање и организирање за што поуспешен економски и социјален развој на општината, целосно организирање и водење со комуналната инфраструктура, успешно преземање на надлежностите, кои што се однесуваат на основните и средните училишта, успешно управување со здравствените организации и објектите од примарната здравствена заштита, надлежностите од сферата на социјалната грижа и социјалната заштита, заштита на животната средина, развојот на културата, на спортот итн. Меѓутоа, покрај овие пренесени надлежности, општините секако ќе мораат да водат грижа и за развојот и поддршката на земјоделството, посебно во

руралните средини. Ќе мора да се грижат за рационално, практично користење и заштита на шумите, водите и други природни ресурси, со кои располага општината и уште многу други права и обврски кои што ќе бидат неопходни да се извршуваат, за да се обезбеди подобар живот за сите граѓани, создавајќи притоа ефикасни и одржливи општини, кои што ќе можат да одговорат на реалните потреби на граѓаните. Тоа значи дека Предлогот за донесување на закон за локална самоуправа на Република Македонија, треба да биде решение, кое од една страна ќе биде целосно усогласено со Законот за локална самоуправа од 2002 година и со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Од друга страна ќе мора ди биде прилагоден на реалните состојби во сите сфери на живеење на нашата држава. Тоа пак, понатаму подразбира дека во зависност од степенот, економскиот, социјалниот, па и општествено политичкиот развој на нашата земја, ќе зависи и тоа како треба да се подготви овој закон за територијална организација на локалната самоуправа.

Затоа, не можеме и не треба да се споредуваме со држави кои се далеку поразвиени, пред се, економски од нас, како тие го имаат уредено прашањето за територијална организација, бидејќи ако од тие држави многу добро функционираат руралните и малите општини, тоа подразбира само по себе развиени села со успешно индивидуално земјоделско производство и равиени производствени преработувачки капацитети на земјоделските производи. Тоа нема да значи дека и кај нас ќе биде така, затоа што, барем засега ние не можеме да бидеме задоволни со развојот и поддршка на земјоделското производство. Затоа, во иднина треба да се посвети поголемо внимание на оваа материја, а со тоа би се обезбедило што побрз развој на селата и на руралните средини.

Од тие прижини бројот на општините што треба да ги има Република Македонија, сметам дека не треба да се споредува односно не треба да биде соодветен или сличен со бројот на општини што ги има, на пример Словенија. Треба да се укаже на тоа дека најважно, пред се, е тие општини кои што ќе останат да ги имаат сите предуслови за солиден и реален развој односно да можат непречено да ги извршуваат сите надлежности кои што им се доверени со закон за локална самоуправа, преку кои ќе се обезбеди вистинска, директна учесничка улога на граѓаните, а со тоа ќе се обезбеди и правото тие да учествуваат во водењето на јавните работи. Само така ќе бидеме сигурни дека овој пакет на закони за децентрализација ќе обезбеди најнепосредно остварување на ова право. Оттаму, се наметнува обврската на сите нас како пратеници, најсериозно да пристапиме кон

еден од најважните закони кој што се однесува на севкупните релации и состојби на локално ниво, притоа убедени дека постоењето на локалните власти со вистински одговорности ќе обезбеди зачувување и јакнење на локалната самоуправа.

Затоа, оваа реформа на локално ниво е посебно значајна за граѓаните и ние како законодавна власт сите заедно треба да одлучуваме за условите, за територијалните граници на општините, за начините на финансирање, а со самото тоа и за успехот на реформите на локалната самоуправа во период кога тоа посебно внимателно се следи од страна на меѓународниот фактор.

Затоа, треба без премногу политика и од страна на коалиционите партнери на власт, но и од страна на опозиционите парламентарни партии, аргументирано, рационално, практично и реално, економски оправдано и издржано, да укажеме на нашите забелешки, кои што пак Владата на Република Македонија и Министерството за локална самоуправа сериозно ќе треба да ги разгледа и да ги прифати сите оние со кои што навистина се подобрува овој Предлог за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија.

Само така ќе можеме на крајот да дојдеме до заедничко решение, кое ќе значи ефикасен и практичен закон за територијална организација на локалната самоуправа, кој ќе обезбеди сигурен развој на општините кои што ќе останат, а во кои општини непречено граѓаните ќе ги остваруваат сите права кои што им припаѓаат. Но, секако не треба по секоја цена да остане некоја општина, која што покажа дека во периодот од 1996 година, па досега не може да го обезбеди сопствениот развој и тоа во период кога надлежностите беа далеку помали.

Од тие причини може слободно да се каже дека ако оставиме општини кои не можат да обезбедат квалитетна администрација и доволно финансиски средства, ако оставиме општини кои немаат доволен број на стопански субјекти, кои немаат доволен број објекти од општествен стандард за вршење на основните функции на општината, доколку немаме во нив инфраструктурна опременост и доволно природни географски, земјишни ресурси и тн., само ќе им направиме штета на жителите на соодветните општини.

Тоа значи дека ако ги оставиме во постојните граници оние општини кои не оствариле доволен развој на локално ниво во изминатиот период реално не можеме да очекуваме дека сега кога обврските и надлежностите се далеку поголеми нешто значително би се случувало во овие општини односно нешто значително би се променило дека токму сега би отпочнал развојот во тие општини. Тоа само ќе значи

влошување на условите на живеење на граѓаните во тие општини кои нема да можат да одговорат на обврските кои се предвидени во пакетот закони за децентрализација. За тие општини практично и реално ќе биде подобро да се припојат кон поголемите општини заради нивно подобро инфраструктурно поврзување и заради остварување на што побрз сопствен економски развој.

Меѓутоа, сакам да укажам и на тоа дека би се направила исто толкава штета и за оние граѓани кои живеат во рурални општини за кои е предвидено да бидат укинати во овој Предлог за донесување на закон кој ни е доставен, а кои општини, по мое мислење, би можеле непречено да се развиваат и опстојуваат. Таков е примерот со општините Василево, Муртино и Куклиш и слични такви општини кои ги имаат сите предуслови за непречен развој.

Во членот 5 од Европската повелба за локална самоуправа се вели: “Границите на територијата на која се простира надлежноста на локалните власти не смеат да се менуваат без претходно консултирање со локалните заедници што се во прашање, а доколку е тоа можно и по пат на референдум кога тоа е предвидено со статут”.

Сметам дека овој член 5 од Европската повелба за локална самоуправа дополнително го обврзува Министерството за локална самоуправа и Владата на Република Македонија добро да ги разгледа општините во кои се одржани референдуми и да направи правилна и реална проценка кои се тие општини кои дополнително можат да се прифатат во Предлогот на законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија, а кои се тие општини кои и покрај успешните референдуми не можат да бидат прифатени. И за едните и за другите најтранспарентно во разговор и консултации со локалните власти и граѓаните во тие општини да се наведат сите причини, сите финансиски показатели, аргументи и бројки поради кои одредени општини ќе останат или ќе бидат укинати.

Ова треба да се направи најкоректно и објективно за да биде прифатено со широк консензус не само од страна на Собранието на Република Македонија, туку и кај поголем дел од граѓаните на нашата земја.

Сето тоа ќе придонесе за што поуспешна имплементација на сите овие закони кои се однесуваат на пренесувањето на овластувањата од централните на локалните власти со што би се обезбедило понатаму и поефикасно управување од страна на локалните власти.

Мислам дека на крајот сите ние и позицијата и опозицијата треба да успееме да се надминеме и да ги надминеме сите разлики по овој закон, а за тоа ќе мора секој помалку или повеќе да одстапи од своите лични ставови, бидејќи само на тој начин ќе испратиме позитивна порака не само до нашите граѓани, туку и до евроатланските структури. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорѓиев.

Збор има пратеникот Зоран Крстевски, а нека се подготви пратеникот Хисни Шаќири.

Го молам министерот да влезе во салата.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници,

Еве неколку дена разговараме околу Предлог-законто за територијална поделба на Република Македонија  и веднаш сакам на почетокот да искажам две констатации. Едното дека овој закон всушност не е во функција толку на децентрализацијата како едно загарантирано уставно право на граѓаните на Република Македонија, многу повеќе е закон со кој владеачката структура сака да си го обезбеди владеењето особено во оваа изборна година.

Но, како сите властодршци кои  на една страна мислат дека можат да ги инструираат и границите и изборните резултати ќе се покаже дека ова многу малку дури напротив и помогне на опозицијата да ги добие локалните избори.

Мојата втора констатација дека овој закон отстапува од европските стандарди, а тие се утврдени во Повелбата за локална самоуправа и ако земеме дека таа е донесена 1985 година, сега сме 2004 година, ние и сега нема да ја примениме што може да се каже дека оваа Влада не оддалечува за најмалку 20 години да се приближиме во Европа.

Дека се работи за етничко политички договор говори тоа што во овој закон се нема направено никаков обид да се елаборира врз основа на кои критериуми, особено ако се земат оние кои треба да значат неутралност е направена оваа нова територијална поделба на општините во Република Македонија.

Второ, зошто е воспоставена една мимикрија кога се однесува на правото на граѓаните по прашањето на локалната самоуправа, вклучувајќи го и правото во кои

граници треба една општина да биде прашањето на референдумите не се зема како аксиома и врз основа на изразената волја не се предлага законот.

Имено, во членот 2 од овој закон, значи за во иднина, се предлага да има референдумско изјаснување како консултативен акт на граѓаните, а држави кои во истиот процес на транзиција се како нас тоа прашање го уредуваат на поинаков начин, го уредуваат прво како на пример Словенија по закон за услови под кои може да се формира општина.

Второ, го земаат прашањето на референдум како задолжителен облигателен однос кога се работи за формирање на општина. Тоа, преведено во македонски услови значи дека расформирање на некоја од општините сега што овој закон преферира да ги направи, треба да базира на јасно утврдени критериуми или на јасно изразена волја на граѓаните од таа општина на која се однесува.

Всушност, целиот овој проект сега се сведува на борбата за двојазичност која е еден дел од моделот заговорен во Рамковниот договор и кој исто така ако се земе што всушност на теренот ќе се случи какви процеси ќе се одвиваат во Република Македонија ако се направи оваа територијална поделба ќе се види дека всушност таа дикција на Рамковниот договор всушност со овој предлог се избегнува и ќе биде контрапродуктивен. За тоа говори и денешниот протест организиран од ДПА во Скопје, имаме прилика за Скопје посебно да зборуваме, бидејќи токму по тој принцип на етничко политички договор на едните во еден дел од Македонија им се дозволува да имаат мајоритет со преземањето на рурални општини, како што е примерот на Кичево, да потсетам во поранешниот социјалистички и комунистички систем Кичево беше ваква општина каква што е, а 1957 година Зајас беше општина.

Досегашното искуство во развојот на општините во Република Македонија покажува дека принципот на намалување на општините всушност го разградува и демографскиот, економскиот и социјалниот развој на Република Македонија. Во подолг период Македонија се соочи со премин, со миграција на луѓето од село во град бидејќи се форсираа градските средини, таму се градеа фабрики, таму луѓето одеа по заработувачка. Ако сега не ја сфатиме суштината дека со новиот предлог задржувањето на некои рурални општини кои покажаа виталност и во овој краток период од неколку години да опстојат и да воспостават релација со реалниот сектор особено во делот на земјоделието и компаративните предности на средината во која било да се работи за транзитен дел, било да се работи за водостопански дел или да се работи за туристички дел, мислам дека ќе ја овозможиме, ќе ја ограничиме Македонија и понатаму рамномерно да се развива.

Дека се работи за етнополитички договор говори што проекцијата на овие граници беше направена многу порано од тоа, како што и самиот Рамковен договор предвидува, да бидат објавени резултатите од пописот. Со нетранспарентноста со дел од податоците особено оние кои укажуваат на економските, демографските, социјалните и другите пропратни појави во изминатата деценија се намалуа можноста ние овде како пратеници да имаме валиден однос спрема она што се вика нови територии на општините во Република Македонија.

Овде имаме еден принцип со централизација да вршиме децентрализација, што е погубно и мислам ќе се врати како бумеранг. Овој процес најчесто во државите во транзиција не се прави одеднаш, трансферот оди полека, дури една Словенија така лесно не ги пренесе едни од основните функции на државата како што е образованието и здравството, ние тоа многу брзо го направивме иако сме свесни дека како држава со слаба економија, со економија во пад, со проблеми какви што ги имаме наследено во подолг период тешко ќе може да ги оспособиме општините без разлика кои се и колкави економски ресурси имаат да го задржат тој тренд на развој особено во сензибилни области каде науката, новите сознанија бараат воведување на нови технологии.

Спрема тоа, самиот чин со проектот за територијална поделба да се затвори прашањето на Рамковниот договор всушност ништо не се постигнува дури напротив многу лошо се толкува Рамковниот договор и интенцијата на Меѓународната заедница. Нејзината интенција е ние во динамика да ги направиме промените кои значат усогласување на нашиот локален систем компариран со искуствата во развиените земји и земјите во транзиција кои се приклучуваат на Европската унија, а тоа всушност ние со ова не го правиме, бидејќи на одреден начин со нетранспарентните критериуми, со непостоење на неутрални критериуми ние не можеме понатаму ниту да ги спроведуваме заложбите од Повелбата, а тоа е граѓаните да се определуваат непосредно во која и каква општина сакаат да живеат.

Овде се зборува за стратегија. Мое убедување е дека ние стратегија за развој на локалната самоуправа немаме. Тоа што носи наслов како документ тоа е повеќе една рамка во која се прикажуваат одредени принципи пренесени од Повелбата за локалната самоуправа, но далеку е реалната проценка на терен на Република Македонија. Затоа ме чуди така лесно прифатената постапка околу територијалната поделба и ставањето на истата во рамките на политичките договори околу Владата на Република Македонија.

На крајот уште би кажал и тоа дека ако втората фаза нешто може да помогне тоа е зајакнувањето на членот 2 во постојниот Закон и воспоставување на механизми според кои граѓаните јасно и недвосмислено ќе знаат и ќе проценат, кога е ги спроведуваат консултациите внатре во системот на референдумското изјаснување, дали нивниот глас, нивната волја за своја општина е во согласност со меѓународните критериуми за општина и согласно со потписите кои Република Македонија ќе ги има.

Само да кажам до каде оди степенот на приближувањето на правата на граѓаните на пример во една соседна Грција. Грција како островска земја со повеќе од 120 населени острови има развиено посебен програм Астерикс се вика, кој овозможува граѓаните да не патуваат до местото на општината, бидејќи треба да користат бродски превоз, туку во своите месни заедници им е овозможено со соодветна софтверска поддршка, со административна управа мала и ефикасна да остварат некои од своите права, било да се работи за имотни права, било да се работи од матичните книги и тн.

Ние, наместо тие искуства за кои Европа одвои пари за кои повеќе од една ипол година оваа Влада ништо не работи, наместо да ги користиме и да ги вметнеме како основа за приближувањето на правата на граѓаните, ние овде само се расправаме околу билингивстичкиот, биетничкиот сооднос на општини, на регии, на партии и тн. Тоа Македонија ја оддалечува од Европа. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Крстевски.

Госпоѓица Грковска реплика од три минути.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Се плашам после извесно време ако не заживее концептот на 120 општини повторно ќе се најдеме виза ви европската практика, виза ви потребата на едно пониско рамниште да го приближиме граѓанинот до своите права кои произлегуваат од правото на локална самоуправа, бидејќи паралелно со овој закон воопшто не може да се пропзнае концептот односно изворните финансиски, економски и други самостојности кои таа општина вака како што е замислена ќе ги има и тн.

Да нема дилеми ова господине Крстевски е стенограмот од вашата дискусија на седницата на Собранието одржана на 11 септември 1996 година по повод тогашниот Закон за територијална поделба.

Уште велите: “мислам дека една добра иницијатива во основа ќе остане осамена и ќе ја доживее судбината на оние кои во основа на својот економски развој можеа да се надеваат дека ќе заживеат помалите општини како што е случај со Словенија која има околу 65-66 општини”.

Што ве натера да се предомислите, кои се аргументите кои тогаш сте ги изнесувале за намалување на бројот на општините и сте биле против 120 општини во однос на сегашниот предлог.

Уште тврдите дека влијанието на одредени одлуки да се кројат според интересот, политичката платформа или некои други цели на партиите и тоа не е спорно, секој настапува со оној багаж кој мисли дека е најдобар, кој ќе му го прифати граѓанството било во моментот кога тоа се предлага или заради политички цели.

Друго би сакала да прокоментирам. Вие тврдите дека ова не било интенција на Меѓународната заедница. Имам впечаток деке ние во последно време многу лесно си дозволуваме да ги толкуваме и коментираме кои се интенциите на Меѓународната заедница. Јас да ве потсетам дека тоа е интенција на политичките партии кои го потпишаа Рамковниот договор во кој, за жал, еве за два дена мораме да го прочитаме во неколку наврати за да ги потсетиме точно политичките фактори кои го применуваат дека до крајот на претходниот мандат на Собранието требаше да се донесе закон за финансирање на локалната самоуправа, а до крајот на 2002 година дека ќе бидат ревидирани законите односно ќе биде донесен закон за ревидирани општински гранци. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Крстевски една минута.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Многу ми е драго што една млада колешка се инспирира од некои мои дебати и разговори овде. Токму тоа е напишано. Значи, и тогаш немаше јасни и недвосмислени критериуми по кој основ се формираат општините. Не е во прашање како ќе дојдеме дали 60 или 120 или 190, прашањето е во постапката како се формира или врз основа на кои критериуми треба да се прави. Благодарам што ме потсетивте на едно убаво време од 1996 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шаќири имаме уште 10 минути. Дали ви се доволни тие 10 минути оти во 14,00 часот прекинуваме.

Значи, не се доволни.

Можете после пауза.

Господа, да ве известам дека имаме уште седум дискутанти, гледам дека некој по четврти пат се јавува, јас не сакам повеќе да апелирам, но се надевам дека денеска ќе завршиме со оваа седница.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Паузата е дадена во 13,50 часот).

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 15,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата и да продолжиме со работа.

Има збор, пратеникот Хисни Шакири, а нека се подготви Љупчо Балковски.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани пратеници,

Многу убедливо е тоа што се вели дека имаме еден закон кој е многу значаен и за кој треба да имаме еден ангажман сите пратеници, но се гледа дек аима заентересираност и од самите граѓни. Јас би започнал од едно прашање кое е многу интересно кога ќе гоземеме предвид проблемот со кој ние сега за сега се соочуваме.

Се спомнува системот на арапските и римксите бројки , два система на броеви кои имале употреба, но арапскиот систем се покажа многу поефикасен, а тоа и науката го потврдува, така да сега секаде се работи со арапскиот систем на бројки кој почнува од нула до бројката девет и сите комбинации можат да се направат со овие бројки.

Системот на римските бројки е тежок систем и останува да се употребува само на помали места, како и на 15 амандмани на Уставот на РМ како резултат на Охридскиот договор. Тие амандмани се забележани со овие бројки, а сите други членови на Уставот се од системот на арапските броеви.

Некој сега во расправат, со сето тоа што се зборува сака да не врати во системот на римските броеви за што јас во моментот ви велам дека Хисни Шакири е неможно бидејки тој систем треба сите да го разбереме, а не е практичен во секојдневниот живот. Затоа ако сакаме да го заштитиме старито Закон, јас мислам дека примерот е јасен, исто како да се сакаме во системто на римските броеви. Затоа треба да одиме напред и да ја прифатиме новата верзија на законот за една нова територијална поделба или за една нова територијална организација. Јас

мислам дека ова е сосема на место и кога го имаме во предвид фактот дека токму овие закони произлегуваат од Охридскиот договор и ова го разбирам како една неопходност. Несакам само јас ова да го разберам, иако јас овде доаѓам само со еден глас, туку ова треба да го разберат сите пратеници. Се е оправдано за да се расправа во рамките на овој закон и тоа што се однесува на овој закон.

За состојбата што ја имаме и расправите кои ги имаме овде јас имам впечаток дека ние не се концентрираме на темата за која сме повикани овде да зборуваме. Јас мислам дека и излагањето на министерот беше многу јасно, но и текстот што е пред нас е многу јасен. Прашањата се дефинирани.

Кога велам дека воие закони се неопходни, тогаш тоа се однесува на Уставот на РМ бидејки правниот дел на Охридскиот договор е пренесен во Уставот преку 15-те амандмани. Сите ги знаеме нив, да не ги набројувам на таксативен начин затоа што некој од пратениците може да ми реплицира и да си го земе правото повеќе од што го имам јас и да рече дека сум правник, што не го негирам на правниците, но и покрај тоа јас имам впечаток дека некогаш правниците насојувајки да бидат многу во функција на заштита на правниот аспект на законот ги надминуваат нормите и прават поголеми прекршоци.

Кога го велам ова, сето ова што го слушнавме овие денови, сето тоа што го проследив од многу пратеници, заклучив дека се допрени теми кои не кореспондираат со законот. Јас сосема се согласувам да се отворат теми кои непосредно се однесуваат на овој закон. Законот е во прва фаза, а очекуваме да дојде и во втора фаза и дефинитивно во втората фаза ќе иамме една нова физиономија на локалната самоуправа што се однесува до територијалната организација. Значи територијалната организација и распределбата на општините.

Тоа е многу релевантно прашање за да отвориме една тема и дилемите колку имаат капацитет овие општини да надживеат. Во оваа насока јас се согласувам бидјеки токму овие прашања се споменуваат. Доколку ја отвриме оваа тема ќе се потрудиме да бидеме конструктивни. Јас мислам дека сите ќе имаме еден правилен пристап и ќе го бранат тоа што е поконструктивно и што се однесува на овој закон.

Од сето она што го слушнав во рамкит ена расправите често пати се потенцираше прашањето на федерализацијата.

Почитувани пратеници,

Сите пратеници најмалку имаат по едно образование, високо образование и иако не се правници прашањето на федерализација е еден концепт сам за себе кој се дефинира во Уставот не само на РМ туку во сите устави на светот. Тоа прашање

не се регулира со закон, а во конкретниот случај никако не се регулира со територијалната организација на локалната самоуправа. Се поставува прашањето и јас некогаш сум во дилема зошто овие работи се поставуваат на ваков начин? Што се настојува со ова да се каже? Мислам дека сите тие кои имале еден став за овие тези тие се свесни и зошто во овие моменти ја лансираат оваа идеја. Федерализацијата е еден концепт сам за себе кој се дефинира со Устав.

Под број два, федерализацијата , доколку ја барате федерализацијата на Македонија тогаш треба да ја барате токму во Законот за локална самоуправа, кој закон е донесен во 2002 година, бидјеки во рамките на тој закон се определуваат надлежностите на општините. Уште еднаш потенцирам, овде имаме само територијална организација на општините. Овде треба да се заштити освновнито концепт што значи сите општини да имаат територијална компактност без прекин. Мислам дека ова е едно начело, еден основенпринцип за концепирањето на овој закон.

После се другите прашања, демографскиот фактор и многу други прашања. Но зошто се случи токму ова сега, токму во оваа насока и зошто се допираат прашања кои не кореспондираат со овој закон. Тоа нека остане да одговорат сите оние пратеници кои се потрудија во текот на овие денови целиот разговор да го ориентираат во оваа насока на ова рамниште, на оваа димензија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Може ли малку за законот за територијална организација.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Мислам дека сите овие прашања за кој говорев токму се однесуваат на законот за територијална организација на општините.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Едино увод дозволувам, ама еве веќе ова десет минути трае.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Другите прашања сега.

Јас сосема се согласувам со тоа дека и овој закон треба да се изгласа со потребниот број на гласови кои ги предвидува Уставот, кој подразбир аисто така и мнозинството на пратениците кои не претставуваат мнозинство во РМ односно

мнозинство на нашите гласови. Ние сме свесни дека овој закон директно е поврзан со интегрирачките процеси и тоа е закон кој што произлегува од Рамковниот договор. Ние ќе бидеме, нема д абидеме оние кои ќе вршиме опструкциина донесувањето на овој закон со нашите забелешки, ќе даваме наши забелешки и сугестии со цел последната верзија да биде што повеќе во функција на решавање на проблемит ена овие граѓани. Јас во оваа функција го гледам овој закон.

Доколку го гледаме овој закон од локална димензија од оваа перспектива мислам дека немаше потреба толку долго да се  дискутира. Се согласувам дека законот е многу значаен, се согласувам дека ова е закон кој ја регулира четвртата власт во РМ, локалната власт, а мислам дека со постоечкиот Закон  кој е усвоен 2002 година има големи надлежности посебно во областа на економијата, економскиот развој, развојот на инфраструктурата, планирањето на просторот во заштита на животната средина, спортот, културата, образованието како и многу други прашања здравството, па и други прашања кои се непосредно поврзани со животот на секој граѓанин.

Јас мислам дека оваа територијална организација која ја нуди Владата со одредени забелешки ќе има измени , ќе биде изменет овој Предлог и се согласувам дека треба да се зачува оснвоното начело на територијалната компакност. Но, сега што се однесува до етничкиот аспект Макеоднија како територијална целина е дефинирана со Рамковниот договор и тоа во целост. Внатрешниот концепт на регулирањето на воаа држава исто така е дефиниран со Рамковниот договор. Вистина е дека некој  се обидува во овие моменти да ја пикне кофата во вода и да земе вода од дното на морето, а во вадење на водата од дното на морето бара многу енергија и подобро е да се наполни од површината на водата, затоа што морската вода е како на површината така и на дното.

Што се однесува до референдумите тоа е право на граѓаните, тоа е слободна волја која ја изразуваат слободно. Таа слобода ја гарантира Законот меѓутоа сепак ние треба да го преземеме тој дел од одговорноста кој ни припаѓа и овој закон треба да го донесеме во предвидените рокови. Уште еднаш сакам да истанам пред неколку дена, во петокот значи пред 8 дена ја усвоивме  Декларацијата за апликација во ЕУ. Декларација која беше усвоена со акламација. Меѓутоа, мислам дека за 8 дена заборавивме кој е условот за да поднесеме апликација во ЕУ и зошто ни се случуваат овие работи сега. На тоа нека одговорат оние кои ги прават овие работи. Мислам дека е сосема оправдано и упатно во овие моменти да имаме

соодветен пристап и да се соочиме со реалноста. Што се однесува до општините јас сакам би сакал да потенцирам некои случаи кои мене ме тангираат.

На пример прашањето со општина Липково. Општина Липково тука е прикажана како алтернатива, а јас како пратеник кој доаѓа од таа зона сакам да ви кажам дека таа општина треба да опстои. Колку има економски капацитет и како може да се развие е друго, меѓутоа има еден значаен факт. Тука многу често се случувало меѓу нас пратениците да ги мешаме работите не поради друго туку затоа што не сакаме на соодветен начин да им пристапиме на прашањата. Прашањето на рурални и урбани општини.

Почитувани пратеници,

Ние имаме села во Македонија, Македонија во голем процент е аграрна земја, а каде се развива земјоделството. Тоа е во селата. Доколку ние не работиме тие села во иднина да бидат села слични на оние од западните држави ние тогаш ништо не сме постигнале туку ќе се повтори тоа што беше пред 90-тите години кога дел од населението на Македонија мигрираа од селата кон градовите. Делот на Источна Македонија денеска е многу малку населен и затоа треба да инсистираме со овој Предлог закон тие општини што ќе се формираат да се обидеме да ги развиеме затоа што само тоа е иднината, само таа е перспективата на сите.

Да не правиме разлики рурални и урбани општини, затоа што тогаш правиме разлика меѓу оние кои се граѓани и кои не се граѓани, правиме опасна поделба. Сите се граѓани на оваа држава без оглед на тоа дали живеат во град, или во село. Треба да се бориме за тоа да ги имаат сите исти услови за живот. Колку веднаш ќе успееме да го постигнеме тоа , мислам дека е нереално да се каже, да поставиме рок , и дека за еден краток рок тоа ќе го постигнеме, меѓутоа треба да си го поставиме како цел. Едновремено тука се истакна исто така од моите колеги и општина Џепчиште. Оваа општина покажа многу значајни резултати на ниво на економскиот развој, оваа општина се покажа многу успешна. Зошто да не, каде би биле пречките. Мислам дека во оваа насока треба да бидеме отворени и транспарентни. Сосема на крај би сакал да го истакнам членот 11 од овој закон кој е составен дел на овој закон кој мене ми остави впечаток и мислам дека имам обврска директно да се изјаснам за овој член што се однесува до територијалната организација на градот Скопје. Јас кога велам прашање на организација на градот Скопје, не влегувам во поделбата на општините, затоа што тоа претставува посебен закон и посебна точка на дневен ред. Овој член на дециден начин ги покажува границите на кои се простира градот Скопје. Би имал предлог во последната верзија

да се внесат и општините Арачиново, Студеничани и Сарај. Зошто го велам ова? Само со единствена цел да се зачува 20% кој е во Рамковниот договор. Скопје е главен град на Македонија и мислам дека ќе биде многу погодено решение без некое двоумење  и едногласно тука заедно да се согласиме и позицијата и опозицијата, затоа што многу често со полна уста говориме за Рамковниот договор, а токму тука треба да го сочуваме Рамковниот договор во Скопје, а мислам дека тоа зачувување на Рамковниот договор го гледам преку припојување на овие три општини кои се гледаат како рурални општини, припојување кон Скопје. Членот 11 гледам дека претставува законска основа  тие да бидат посебн општини , а да се во рамките на целиот град Скопје. Фактички тоа значи дека освен другите села кои се спомнуваат во членот 11, зошто да не биде и Сарај, кога може да се предвиди Љуботен, Страчинци, јас знам каде е Страчинци тоа е многу далеку од Скопје, а Сарај е населба во предградието на Скопје, зошто да не биде дел од Скопје? Затоа овие работи треба да ги надминеме преку една соработка и кординација на работите на сите партии, не велам само од страна на позицијата, туку сите партии заедно и мислам дека тоа е единствениот начин да ги решиме сите проблеми, ќе одиме напред, а не само со обвинувања и критики дека позицијата прави ова, попушта тука и таму, мсилам дека тие работи не им се пторебни на нашите граѓани, затоа што тие имаат свои маки, имаат свои проблеми и очекуваат од овој највисок законодавен дом чекаат конкретни решенија со цел еден ден да излезат со еден проект во однос на решавање на нивните социјални и економски проблеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Претходниот дискутант вели дека федерализацијата била направена со законот за локална самоуправа. Значи, признава дека нема дилема за прашањето на федерализацијата на Република Македонија . Сега само ќе се утврдуваат границите до каде албанците ќе имаат своја доминација над другите граѓани во Република Македонија . Ако г. сака вистинска децентрализација пред се треба да се заложи за  обележување на границата кон Косово, потоа да направи анализа на потенцијалите за опстанок на секоја пооделна општина, да се направи објективно согледување на кој начин граѓаните ќе можат да ги задоволуваат своите интереси и потреби на локално ниво. Дури потоа може да се зборува за територијалната

организација на локалната самоуправа во Република Македонија . За жал, вие единствено зборувате за политичките интереси на албанците, за политичките цели кои се различни од целите кои треба да се постигнат со децентрализацијата. Вас единствено ви е потребно да ја дефинирате територијата на која би биле мнозинство албанците и тоа да биде пред конечното решавање на статусот на Косово. Затоа, да не се зборува демагогија пред јавноста, кажете ги јавно конечните цели кои што сакате да ги постигнете со овој закон. Вашата дискусија единствено е насочена во правец да се реализира етничкиот принцип во формирањето на општините, да се реализира она што го имате договорени со вашиот коалиционен партнер СДСМ. Во оваа дискусија јас не слушнав ниту една одбрана на било каков стандард, на било каков критериум за формирање на поделна општина. Единствено што слушнав тоа беше дека не е она што се зборува од страна на опозицијата, туку е нешто друго кое што не е засновано на реални аргументи и критериуми.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Пратеникот кој реплицираше , или не ме слушнал добро, или и понатаму продолжува да прави опструкции на сите расправи околу овој закон со самиот факт кога го споменува законот за локална самоуправа кој е донесен во 2002 година. Јас уште еднаш ќе нагласам на многу силен начин, со кој член предвидувате дека може да се направи федерализацијата на Македонија? Вие господине сте правник , федерализацијата на Македонија се врши само преку Уставот. Вас ова ви е јасно. А зошто тогаш манипулирате со јавноста и се' отстранувате што е темно за чесните граѓани, за јавноста која има многу големи проблеми и не им приоѓате на проблемите на сериозен начин и со една конструктивност. Ова е една голема одговорност на сите нас. Но, и јас како Хисни Шаќири не бегам од одговорност, но и вие не треба да бегате од одговорност.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитуваниот колега со кој 12 години се знаеме, јас го поздравувам со генерал Шаќири, можеби тој се лути , но јас така го ословувам. Денеска сакам да му поставам едно пршање дали тој ги подржува овие демонстрации што денеска ги направи ДПА. И нема да му дозволам да одговори туку јас ќе одговорам во негово име. Со она што кажа дека битната компонентна е Скопје да добие две општини во кои би зборувале албански, се' е кажано. Така што по тој принцип е се' кажано.

Во делот на она што значи федерализација, федерализацијата е еден природен процес. Ние тука можеме да донесеме 100 закони, можеме да се

договараме како сакаме, но битно е она што ќе се случи на теренот. Ова е наменето за моите колеги пратеници од СДСМ . Дали сакаме ние да признаеме, или несакаме да признаеме , времето ќе покаже што е поентата. Нема разлика меѓу ДПА, ПДП и ДУИ кога се во прашање албанските права, тука се единствени и имаат консензус по тоа прашање. Но, жално е за Македонија кога е во прашање нешто за Македонија такви антагонизми има помеѓу СДСМ и ВМРО, тоа неможе да го мери ниту незнам, не постои таков инструмент во светот.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Јас со Слободан Даневски многу често имаме вакви разговори, тоа не го кријам, разменуваме мислења. И кога сме надвор од салата за сê е согласуваме, но за жал кога сме во салата , тоа тој што го говори надвор од салата, не го говори во салата. И мене тоа ме изненадува. А ходникот надвор не е далеку и чудно е како може толкава измена, толку да го измени своето мислење г. Даневски. Би било разбирливо доколку помине повеќе време, меѓутоа временскиот интервал е многу краток.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Колегата Хисни Шаќири во уводниот дел, така да кажам во политичкиот увод рече дека стравот на опозицијата , на пратениците од опозицијата е на некој начин непотребен, особено во делот на она што значи федерализација, односно потенцира дека федерализација не е можна, затоа што не е уредена со Устав и дека истата неможе на некој начин да биде спроведена со Законот за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа. Но, јас го убедувам колегата Хисни Шаќири дека тоа практично е можно, бидејќи точно е како што потенцира и колегата Даневски дека на теренот се случува нешто друго. Ако е тоа така, односно ако нема намери за федерализација , тогаш едно прашање, зошто се веат албански знамиња? Имено, сакам да му укажам на колегата Шаќири, еве нека го направат првиот конкретен чекор во правец кон она што значи унитарен карактер на државата, бидејќи се на власт заедно со СДСМ, ајде како прв чекор нека биде симнувањето на албанските знамиња од сите населени места во знак на она што значи меѓуетничка доверба. Јас му ветувам дека ќе започнеме апсолутно да им веруваме во нивните заложби и дека тоа не се нивни голи декларации, едноставно перспективно ќе

правиме таква територијална организација на локалните единици какви што тие ќе побараат. Значи, прв чекор на доверба да биде симнувањето на албанските знамиња од сите населени места.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас само да ви се заблагодарам што имавте такви реплики што се предвидливи, со тоа ми ја олеснивте работата. Да почневте со римските и арапските броеви, тука веќе ќе се најдев во незгодна ситуација како да ги контролирам репликите.

За збор се јави г. Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре за локална самоуправа, почитувани пратеници. Навистина на дневен ред е еден закон од низата на закони за локална саомуправа, а тоа е законот за територијална организација на Република Македонија кој што според мое мислење е еден од најважните закони во оваа низа на закони за локалната самоурпава. Затоа што овој закон го засега буквално секој жител на Република Македонија, секој граѓанин на Република Македонија без разлика во кој дел и во која општина живее во овој момент, затоа што после тоа општините веќе знаеме дека ќе се прекројат на некој начин. Тоа што сакам на почетокот да го кажам е дека имам уверување дека Владата многу малку придава значење на овој закон, затоа што овде освен министерот за локална самоуправа почитуваниот Гештаковски, мислам дека требаше да бидат и двајцата потпретседатели на Владата за да на некои прашања кои што се директно поврзани со политичкото делување на Владата, да одговорат и тие. Меѓутоа, мислам дека ќе бидат присутни на вториот дел, односно втората фаза од донесување на овој закон.

Кога сум веќе на предлог законот за територијална организација сакам да кажам дека навистина министерот Гештаковски и Министерството за лоиална самоуправа доста и многу професионално го изврши целокупното правење на овој закон и целокупната расправа што се води сега со сите конференции, сите семинари што се во тек и што ќе бидат во тек до донесување на овој Предлог закон за локална саомуправа. Меѓутоа, бидејќи се работи за прва фаза јас ќе дадам некои мои согледувања за што подобро донесување на овој Предлог закон. А тоа е следното.Уште на почетокот се поставува една дилема во дефиницијата на овој Предлог закон , а тоа е дали територијална организација, или просторна организација. Тука ќе се надоврзам со членот 3 од Уставот на Република Македонија

каде што се вика дека територијата на Република Македонија е неделива и неотуѓива. Така што ако веќе одиме според тој член од Уставот, сепак мислам дека овој закон треба да има наслов, закон за просторна организација на Република Македонија . Кога сум веќе на мислење дека треба нов наслов на овој закон навистина треба да ја запрашаме и Владата зошто доцни со донесување на просторниот план на Република Македонија . Затоа што просторниот план како еден управувачки документ, развоен документ во период од 20 години и добро е што на некој начин и временски сега се заедно донесувањето на просторниот план и имаме донесување на законот за територијална, или просторна организација, мислам дека требаше прво да се донесе просторниот план на Република Македонија , а потоа да се оди со донесување на овој закон за територијална организација. Затоа што ако веќе одиме со нова територијална организација мислам дека законот на просторниот план, односно донесување на закон за просторниот план на многу стручен начин прво ќе ја донесеше и ќе ја дефинираше просторната, односно територијалната организација на Република Македонија . Бројни експерти го работеа овој предлог закон за просторниот план на Република Македонија и мислам дека на многу подобар начин ќе се одвиваше и расправата според стучноста и во делот на овој Предлог закон. Затоа што просторниот план на Република Македонија едноставно освен територијата на Република Македонија зафаќа и анализи и предлози на целокупното опкружување на Република Македонија со соседните земји, а мислам дека тоа е од големо значење и како ние ќе пристапиме кон територијалната организација на нашата земја. Ако веќе тежнееме кон Европа, тоа го покажавме и со поднесување и усвојување на Декларацијата за апликација во ЕУ. Мислам дека требаше да тргнеме и можеби е тргнато, ако не, барем во оваа меѓуфаза помеѓи првата фаза и втората фаза од овој закон , треба да се разгледаат малку документите за одржлив развој што ја има донесено Европа во 1990 година, потоа за документот и договорот во Лајпциг 1994 година каде што на некој начин се дефинира просторниот развој во Европа.

Исто така, и Конференцијата во Истанбул од 1996 година, каде што се дефинираат и некои прашања од просторното и урбанистичкото планирање, односно хабидатот кој е донесен на Конференцијата 1996 година во Истанбул.

Ова го кажувам од причина што навистина се наоѓаме во такво време кога можеме многу добро да го донесеме овој закон за територијална организација. Во исто време треба да проговориме малку и за политичката ситуација во Република Македонија и на тој начин да видиме како сето тоа влијае на донесување на овој

закон. Знаеме дека и Заедницата на локалната самоуправа имаше доста конференции и голем број на прашања и забелешки, како и добра соработка со Министерството за локална самоуправа, на некој начин треба да се користат и сигурен сум дека ќе се користат тие забелешки во изработката на конечната верзија на овој закон, за што поуспешна дефиниција на сите општини и прашања што се поврзани со територијалната организација, затоа што ние го донесовме Законот за локална самоуправа, надлежностите во тој поглед се големи, тоа на некој начин е содржано и во Повелбата за локална самоуправа, каде што на некој начин се дефинираат и минимум обврски што секоја држава треба да ги направи за развојот на сопствената држава, меѓутоа, мораме да констатираме дека треба да мислиме и за развојот на Европа во овој дел, каде што спаѓа и нашата држава.

Кога веќе сум на овој дел од мојата дискусија, каде што треба да се види како овој закон ќе има влијание и во соседните земји, во опкружувањето во поглед на инфраструктурното поврзување, сакам да истакнам едно размислување дека можеби треба да се размислува во пограничните општини каде што Република Македонија граничи со другите земји едноставно со опсежна анализа да видиме на каков начин можат тие општини, дури јас би рекол малку да се намалат, односно да се зголеми бројот, а да се намалат по површина, затоа што знаеме дека во Европа сега се оди, и ние имавме такви програми како држава за прекугранична соработка. Таа прекугранична соработка се одвива меѓу општините, значи се прави еден европски регион каде можеме многу да добиеме и како средства, но и како големо искуство во развојот на демократизацијата и децентрализацијата на власта и затоа тргнувам со еден предлог дека може да се размислува во натамошната фаза, во натамошното размислување околу законот да се намали територијата а да се зголеми бројот на општини каде граничиме со соседните ддржави. Ако ја погледнеме картата на Македонија, на границата со Албанија, имаме таков тренд. Тие се мали општини. Мали општини се затоа што на таа територија живее голем број на население, имаме дури до 800 жители на метар квадратен и тука имаме расцепканост на територијата по општини, значи помали општини на поголема територија. Еве сега кога го кажувам и овој пример, многу подобро е како пример да се употребува просторната организација и просторната поделба отколку територијалната поделба, поврзано со Уставот. Меѓутоа, ако се гледа другиот дел, границата спрема Република Грција, ќе се види дека тука одиме сега со окрупнување на општините и се добива впечаток дека погранична општина е дури и Прилеп и Кавадарци. Значи, наместо да ги поделиме тие општини и да опстојат тие општини

како што се Бач, Старавина, Конопиште со се тој дел на општини, дури јас би предложил некој дел од сегашната општина Ресен, каде што се граничи на тромеѓето да се види дали може да се формира таква општина, дека таа ќе има корист и од Република Грција во тој дел, дури и кај општина Охрид во делот кај Свети Наум или на другата страна кај Радожда кај општина Струга да се види дали има можности за таков начин за дефинирање на општините и ако одиме од лево кон десно, кон општина Дојран, да не одиме како што е сега предлогот на спојување со Богданци, туку на некој начин и општина Дојран да опстане како општина за да имаме корист од тој европски регион и меѓугранична соработка, затоа што со Република Бугарија веќе се дефиницрани тие општини, со почеток од Крива Паланка, па не се менуваат општините со Делчево, Македонска Каменица, Берово, Пехчево, а долу нешто се менува кај Ново Село.

Кога веќе зборувам за европската поврзаност, треба да видиме која е нашата платформа за инфраструктурна поврзаност со другите земји, освен Коридорот 10 и Коридорот 8 што одат во Република Македонија, дали како држава размислуваме за една источна магистрала во источниот дел на Република Македонија, за да се добие на тој начин и поврзувањето и развојот што го носи инфраструктурата во тој дел од земјата каде што ќе поминуваат тие инфраструктурни објекти, односно ако овие се европски коридори на кој начин можеме да видиме и во нашата држава да направиме еден тип на еден инфраструктурен коридор за развој на тој дел, односно тоа подрачје од Република Македонија. Исто така, многу значаен е и патот Велес - Прилеп, ако се направи преку Бабуна, за развој на тој дел од Република Македонија. Дури и некои поврзувања, кои ќе бидат новите гранични премини и спрема Република Бугарија, и спрема Република Грција и Република Албанија, затоа што има најава дека што поголем број на гранични премини се потребни. Многу зависи инфраструктурното поврзување и големите транспортни коридори кои поминуваат низ нашата земја, за да ја направиме оваа наша територијална организација да функционира. Не е проблем, ќе се донесе овој закон, меѓутоа, многу добро е што овој закон се носи во време кога не е донесен просторниот план на Република Македонија и на таков начин можеме да придонесеме, а сите тоа го сакаме, за подобрување на условите на живеење на секој граѓанин во секоја нова општина што ќе биде формирана. Треба да тргнеме - можеби сега е веќе доцна, меѓутоа, дали не требаше да размислуваме и за донесување на некој закон каде што ќе бидат содржани сите критериуми што може да биде општина и која општина може да живее во Република Македонија. Ова го кажувам од причина што и во иднина треба

да ја следиме територијалната организација во Република Македонија, ова не е конечна територијална или просторна организација во Република Македонија. Сите одиме со една идеја Република Македонија да се развива, така што ако имаме една развојна компонента на каков начин ќе можеме да ги принудиме, односно да им дадеме надеж и шанса на сегашните населени места во некои општини, дека ако ги постигнат тие услови, тие можат утре или после извесен период, навистина со критериуми, да станат општина во Република Македонија. Или како што овде се нагласи, дискутабилно е тоа прашање дали Европа оди кон зголемување на општините или кон некој вид на намалување на општините, сепак и таа ситуација треба да се следи во европски рамки, за да одиме со некоја територијална организација која после 10 или 20 години, како што е фактички и просторниот план на Република Македонија, едноставно да ја следиме ситуацијата и да правиме некои измени за подобрување, ќе кажам пред се на условите за живеење на секој граѓанин во Република Македонија. Ако се направеше таков закон, или можеби не требаше закон, можеби треба во овој Предлог-закон да се дефинираат критериумите во посебен член и кои критериуми треба да ги исполнува една општина за да суштествува во Република Македонија. Дали некоја општина ако не ги исполнува тие критериуми ќе се укине или дали некое населено место ако ги исполнува тие критериуми утре, односно можеби во план од една деценија, но ќе стане општина ако тоа е во рамките и во развојот на Европа и во развојот на нашата земја. За тие критериуми требаше да се направи или сега треба да се направи една анализа најпрво на социоекономскиот развој во Република Македонија, да се види во кои рамки сега се движиме, во кои рамки се двичеше нашиот развој кога беа 34 општини и сега и во кои рамки се движи екномскиот развој на Република Македонија, тоа зависи и од многу други фактори, меѓутоа ако зборуваме само за територијална организација во кои гранки ќе се движи тој развој, за да можеме да ги планираме општините.

Кога сме веќе тука, да напоменам дека една сеопфатна анализа треба да се направи и овој период е добар за да се направи, имаме време, не е проблем времето ако сакаме да донесеме еден добар закон за Република Македонија и од аспект на земјоделското земјиште. Ние имаме многу земјиште. Да видиме дали некоја општина, без разлика дали во таа општина живеат голем број луѓе како жители на метар квадратен, дури и помалку, меѓутоа, ако имаме развој на земјоделството, можеби ќе имаме план и да го насочиме населението во тој дел на Република Македонија, каде ќе му овозможиме развој во земјоделството и ќе му

дадеме услови за живеење, па на таков начин и ќе го зголемиме населението. Тука можам да напоменам и дека треба да се види развојот на шумите, односно шумското стопанство, какви капацитети планираме во иднина. Сето ова го зборувам од аспект на планови што треба во иднина да се направи. Или водните ресурси, на каков начин тука ќе имаме планови за Република Македонија, кои ќе ги зафаќаат сите локални извори, а локалните извори ќе бидат во општините. Како се разместени општините во тој дел во Македонија во однос на извориштата на водите. Тука веднаш ќе споменам, ако направиме една паралела меѓу источниот и западниот дел, ќе видиме дека навистина ќе имаме голем проблем и со водата. Тука се и рудните богатства. Да направиме стратегија. Тука е и урбанизацијата на просторот. Ако ја гледаме Република Македонија како 25 илјади километри квадратни, ќе видиме дека урбанизацијата на просторот навистина ни е многу слаба и треба да одиме во развој на тој дел, каде што немаме доволно урбанизација на просторот во Република Македонија. Ова се еден дел од критериумите кои треба да ги исполнува една општина за да се овозможи поквалитетно живеење на нашите граѓани. Може овие критериуми да влезат, ако е доцна за донесување на закон, како членови во овој предлог на закон.

Меѓутоа, почитувани пратеници мислам дека сега треба да видиме што носи овој закон на етничка основа. Ако ја видиме сега картата на Република Македонија со новиот предлог на закон, ќе видиме дека имаме неколку типа на општини, а тоа се: спојување на две македонски општини каде што живеат 100% македонски жители и од едната општина и од другата општина што се спојуваат. Не зборувме сега дали едната општина е  сиромашка, другата е побогата, меѓутоа, може да се даде и како размислување дали е начинот, ако споиме две или три сиромашни општини дека ќе добиеме поволен резултат. Тоа нема да се случи, ќе имаме уште поголема сиромаштија во тој дел на Република Македонија. Ако отидеме во западниот дел на Република Македонија, ќе забележиме дека има спојување на општини каде живее поголем број од односно 90-100% албанци во една општина и во другата општина ќе видиме дека живеат од 90до 100% жители албанци. Карактеристика е тоа што, ако имаме ваков случај, исто реагираат и општините што се создадени од 100% македонски жители и општините што се составени од 100% албански жители. Никоја од тие општини не сака да се спои меѓусебе. Тоа е случај во источниот дел на Република Македонија, каде Оризари не сака да се спои со Кочани, Блатец со Виница, Дојран со Богданци, неколку општини околу Струмица, дури истиот случај е и во битолските општини Бач, Старавина, Новаци и други општини кај Тополчани и

Кукуречани. Секоја општина си прави анализа и треба да се види дали таа анализа е вред или не е вред. Меѓутоа, секоја општина им дава надеж на жителите дека таа општина може да опстои. Ако ги имавме критериумите, можевме да кажеме дали таа општина може да опстои или не. Тоа е едниот случај. Другиот случај е кога општина составена исклучиво од албанско население оди во градска општина, а таков е случајот Тетово и таков е случајот со Гостивар, каде што пак е мнозинството од албанско население, меѓутоа, карактеристично е што тука нема бунење од таа општина која е со мнозинство албанско население. Зошто? Одговорот е многу јасен и сите треба да се запрашаме зошто е тоа така, посебно сега ако зборуваме како македонски дел од Парламентот и албански дел од Парламентот, а тој е следниот.

Ако една општина има сто посто жители албанци, оди во една градска општина каде македонското население е од, да речеме 40% или 30%, едноставно се намалува бројот на македонското население. Затоа почитувани пратеници, тие општини не се бунат и во тие општини нема референдуми. Тие имаат една поголема и повисока цел на нивната цел во функционирањето како општина. Тоа е втор случај.

Трет случај кој е многу драстичен, а тоа е во Кичево и во Струга. Тоа е кога имаме градска општина каде делот на македонското население е поголем од албанското население, меѓутоа со приклучување на општини кои гравитираат кон тој дел, 100% жители албанци, едноставно се менува целокупната структура на населението и тие градски општини стануваат со поголем процент на албанско население. Тука има бунење само од македонскиот дел. Затоа, навистина треба да се запрашаме и многу сериозно да разговараме со сите потписници на Рамковниот договор, како што имавме една средба кај претседателот Трајковски, меѓутоа после една или две стредби тоа се прекина, незнам од кои причини, можеби во јавната расправа ќе продолжиме со тие средби, навистина да видиме на каков начин ќе се движи Македонија во тој дел од просторот, значи во Кичево, Струга и останатите делови. Тоа е многу загрижувачки. Овде се случува, од една страна да имаме расправии помеѓу трите македонски партии, имаме подвојување и разговараме за некои работи каде немаме критериуми, секој сам си ги дава критериумите, а од друга страна имаме потполно разбирање и потполна цел на сите албански партии. Дали тоа не треба да не загрижува?

Ако веќе разговараме со аргументи, треба и тие аргументи да ги ставиме на маса. Ако веќе одиме кон почитување на Рамковниот договор и во секоја дискусија на претставниците од ДУИ се кажува дека треба да се почитува

Рамковниот договор, ајде да го почитуваме Рамковниот договор. Меѓутоа, не може претставницит од ДУИ само да кажуваат дека треба да се почитува Рамковнито договор, а да не го имаат потпишано тој договор. Еве едно јавно прашање, зошто не го потпишете овој договор? Ако еќе не го потпишувате овој договор, а велите дека е правилен тој договор, може да се запрашаме дали тој договор е само на албанците и за остварување на желбите на албанците. Веднаш ќе кажам дека не е така. Ако е договор, значи е договор, има страни на тој договор. Ако се страни на договорот, тие треба да седнат и врз основа на аргументи да видат дали Република Македонија ќе се загрози. Ако сега, како што стои предлог законот, Кичево и Струга останат во овие граници, како што се планира, веднаш морам да ви го кажам тоа затоа што е предлог закон и сакам овде да има дискусија како што имаше и овие денови и во јавната расправа. Навистина македонците се загрижени. Јас не би го употребувал зборот уплашени, дека македонците нема никогаш да се уплашат. Значи, тие се загрижени како ќе опстои нивната општина, поготово во Кичево и во Струга, затоа што ги набројувавме сите типови на општини каде што имавме бунење и каде што немаше. Тоа е апсолутно точно, како што го има направено и Министерството за локална самоуправа, со министерот Гештаковски. Максимално професионално ја имаат завршено задачата. Меѓутоа, што се случува овде и што ќе се случи утре со Предлог законот за Градот Скопје.

Не може да дозволиме од еден простор, од една просторна организација што сега ја правиме, а населението е исто, ние ниту носиме население, ниту некаде враќаме население. Значи, населението е тука. Треба да направиме како најдобро тоа да функционира. Меѓутоа, не може да функционира општина ако се менува драстично бројот на жители македонци и бројот на жители албанци.

Многу често претставниците на ДУИ кажуваат дека сакаат мултиетнички карактер да имаат општините. И јас се согласувам со тоа. Меѓутоа, не треба да ги заборавиме фактите. И сегашна општина Струга и сегашна општина Кичево се мултиетнички. Дали мултиетничкиот карактер зависи, ако бидат 80% албанци и 20% македонци, дека е тој добар предлог за мултиетнички соживот во Република Македонија. А дали, во обратна смисла, ако бидат 80% македонци во некоја општина и 20% албанци, дека тоа не е мултиетнички карактер. Мораме да имаме критериум. И тој е мултиетнички. Сега ниту Струга, ниту Кичево не се со 100% македонско население. Значи, имаме мултиетнички карактер. Народот, македонци, албанци, живеат во таа општина. Зошто сега да правиме проблем каде што ги немаме тие проблеми. Апсолутно нема проблем сега ни во општина Кичево, во овие

граници, ниту пак имаме проблем во општина Струга, во овие граници, со ред други општини кои гравитираат околу. Меѓутоа, ако направиме некои ваков предлог закон, ако го усвоиме, мислам дека ќе имаме голем пропуст. Јас тука би апелирал и до претстивниците на СДС како македонска партија, ако треба, ако мислите дека ние грешиме во овие наши претпоставки, ова што јас сега ви го кажувам, дали треба да организираме трибина. Организирајте вие трибина со вашето членство, јас ќе зборувам на таа трибина, а да организираме трибина со наше членство, вие зборувајте на таа трибина. Да ги слушнеме македонските граѓани без разлика дали од ВМРО-ДПМНЕ членови, дали од СДСМ, дали од ЛДП, дали се задоволни со овој Предлог закон. Ако јас зборувам пред членството на СДСМ и тие кажат, да, ние сакаме да живееме во Струга со мнозинско албанско население од 80% и ние сакаме да живееме во општина Кичево со мнозинство од 80%, ние сепак не би гласале за тој закон, меѓутоа, ќе имаме некоја потврда дека населението сака, поголем број од населението сака на таков начин да живее во тие општии. Меѓутоа, ако не сака, дајте да видиме на каков начин. Тоа не се желби на народот, туку како македонскиот народ во тие општини да го зачуваме, бидејќи, бидете сигурни, ако оваа територијална поделба помине, а ќе помине, бројот на македонското население ќе се смалува во овој дел на Република Македонија и тогаш ќе имаме загрижувачки карактеристики.

Исто така, треба да видиме на каков начин Владата на Република Македонија, треба да се запрашаме и со Владата, затоа беа можеби и добри тие средби кај претседателот Трајковски, како ќе му објасниме на македонскиот дел од општините кои сега ќе имаат мнозинско албанско население, дека ова е добра територијална организација во Република Македонија. На каков начин? На каков начин можеме да објасниме во Кичево дека ќе направиме добра територијална организација, кога водата во изворот Студенчица, значи во Другово, едноставно, наместо во Прилеп ќе оди во Осломеј и во Зајас, па може да се случи да имаме ние проблем со водата. Меѓутоа, тогаш ќе имаме и езтнички проблем. Имавме проблеми сега Кичево - Македонски Брод, Крушево - Прилеп. Значи, тие македонски општини на секаков начин, меѓутоа се договара за користење на водата. Сега ќе имаме не проблем за вода, ќе имаме етнички проблем, ако водата не оди во Прилеп, туку ќе оди во Осломеј и Зајас. Тоа многу лесно може да се случи. И што ќе направиме сега ние?

Едно извориште што го имавме во Липково, што јас воопшто не сакам да се потсетам, меѓутоа, имаше и такви дискусии за потсетување кој ја направил војната и како ја направил.

Сега, ајде да се потсетиме, браната во Липково и резервоарот беше заспрен и 100.000 народ во Куманово немаше вода. И сега, пак таа општина Липково опстојува и треба да опстои. Меѓутоа, што ќе се случи ако се запре и водата во Другово, под овие услови како што сега налага законот и кога околу 200 до 250 жители во целиот тој регион во Република Македонија останат без вода. Зборувам како дел од македонските партии, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ЛДП. Значи, ние ќе имаме стратешки работи. Значи, водата која што ќе ја контролираат, знам дека ќе ја контролираат добро. Меѓутоа, дали не треба да се запрашаме, што ако не биде добро. Кој ја контролира водата. Рашче кој го контролира? Дајте да разговараме со аргументи. Ако сме веЌе потписници на тој Рамковен договор, сите овие работи ние треба да ги разговараме. Рашче се знае кој го контролира, Липково се знае кој го контролира, Студенчица се знае кој ќе ја контролира.

Затоа јас реков прво требаше просторниот план да се донесе каде што имаме една просторна димензија од 20 години, а не прво да донесуваме територијална организација па потоа, нема потреба да го донесуваме просторниот план.

Од друга страна, можам само да кажам, погледнете каде ќе се движат оските на инфраструктурното поврзување со соседните земји и низ кои градови ќе поминуваат европските коридори за транспорт, европскиот коридор за енергетика и сите други. Мораме ние да имаме еден развоен проект. Мораме да го донесеме овој просторен план на Република Македонија, за да знаеме како државата ќе се развива. Ние не можеме врз база само на дневно политички работи да размислуваме дали е ова добра територијална организација или лоша.

Како ние можеме да докажеме дека општина Дојран треба да се припои кон Богданци, а направивме еден огромен систем за зачувувување на тоа езеро. И да не зборувам за другите работи. Имаме европски регион, значи поврзување, средства, ние тука опќтините ги спојуваме и ги проширувама и доаѓа Прилеп да е гранична општина и општина Кавадарци да е гранична општина.

Кога бев во посета на општина Бистрица, неколку пати се спомна овде, меѓутоа во селото Егреј кое е многу блиску до грчката граница, зборувавме нешто за патот во Европа и еден од жителите ни рече, општината ќе ни ја укинат, а вие зборувате за Европа. Значи, треба да им дадеме шанса на народот. Треба на

народот да му дадеме надеж дека оваа територијална организација ќе успее во Република Македонија. Ако веќе е така, како што ќе се изгласа, се надевам дека, и министерот рече дека ќе има голем број предлози кои ќе бидат прифатени и ако навистина се аргументирани треба да бидат прифатени. Меѓутоа на некој начин треба да направиме и на народот да му кажеме врз кои анализи, и сега не е доцна тоа, затоа реков неколку пати, врз кои анализи тоа треба да го направиме и на народот да му кажеме дека оваа општина може да опстои, оваа општина има развој, оваа општина може да гарантира добро живеење на жителите што ќе бидат во оваа општина. Во таа општина можат да дојдат и жители од другите општини. Немојте да направиме, ако нешто веќе сме запустувале, еве да речам и Мариово како запуштен дел од Република Македонија што почна сега, макотрпно, што велам јас, да има некој развој, дали тоа го помагала државата, дали тоа биле невладини организации, дали тоа биле грантови од Европската унија, меѓутоа сепак таму нешто се покажало дека може да заживее. Зошто сега тоа веднаш да го прекратиме. Зошто да ги осудиме, не луѓето, луѓето веќе се иселени и сега. Меѓутоа, зошто да го осудиме тој дел од Република Македонија, како простор, дека таму нема ништо. Самите ние го ништиме просторот во Република Македонија. Ако тоа е скапо, ако се грижи градот Битола за некои делови од Мариово, како што се спомна сега Старавина, Прилеп, или Струмица за некој дел, бидете сигурно дека нема да биде така. Тоа сите го знаеме дека нема да биде така. Да беше така, ќе останеа уште во 1996 година тие 34 општини. Да беше така, дека градскатањ управа ќе се грижи за целокупниот простор што го зафаќа општината, немаше населението да ни оди од селата во околината на тие градови. Меѓутоа, сега можеме да направиме уште поголема грешка, затоа што животот во градот е многу скап. Опстојувањето на градот, како функција, како механизам, скапо е одржувањето на градот, а приходите се тие. Ние сега само ги делиме приходите, меѓутоа, приходите дали биле во градот или ќе ги направиме на други рамки по општините, едноставно нема да дозволиме и развој на градските центри, а од друга страна овие центри, односно овие рурални средини едноставно ќе угинат. Не ќе има шанса тоа да се надокнади во иднина. Значи, ќе имаме и опуштени градишта, меѓутоа и не ќе имаме народ таму. Тоа е многу симптоматично и мислам дека во сите анализи што се прават сега и што ќе се прават, дури би апелирал до заедницата на локални заедници, локални самоуправи, едноставно можеби да направи во овој дел, не треба да брзаме со втората фаза, меѓутоа, да направи една анализа како тоа, заедно со Министерството за локална

самоуправа, како што реков дека имаат добра соработка, едноставно да направат како тоа ќе се рефлетира во сегашниов предлог на овие општини.

Јас навистина бев во посета на многу места во Република Македонија, овде имаше дури и прашања дали некој бил во некои места, јас бев во сите места каде што ќе има проблем со територијалната организација и ќе треба да бидеме многу загрижени сите за овој предлог закон за територијална организација. Подобро да бидеме загрижени сега и да ги донесеме сите тие анализи како биле со 34 општини, како функционирало со 123 општини, како ќе функционира со некоја бројка, сега со овие општини. Ако ги донесеме сасмо чисто политички и чисто партиски, договори, овие општини нема да профункционираат во секојдневниот живот.

Сите работи ви ги наведов од социолошки, економски развој, до урбанизација на просторот  и навистина ќе треба да се направат добри критериуми за да влезат во еден член, за да знае секој - да, нашава општина може да опстои или нашава општина не може да опстои. тогаш многу полесно ше го донесовме овој Предлог на закон. Многу полесно и од друга страна кога велиме 123 општини дека треба сега да опстанат, дека ова ќе го ревидираме, и во Рамковниот договор било предвидено ревидирање, во овој период можеби треба, затоа велам во овој период можеби треба да имаме 80-90-120 можеби и 130 општини, затоа што ќе ја распростсраниме мрежата на контрола на нашата држава, на контрола на просторот. Не може некој да се грижи за просторот, не велам за некои работи каде можат да ни се случат некои воени дејствија, не за тоа, туку контрола на просторот од аспект на развојна компонента. Ако имаме неколку стсручни кадри, не експерти од високо ниво, меѓутоа, дали се работи за економиста, дали се работи за земјоделски инженер, архитект, им дадеме одреден простор на пример Старавина, или Бач, или другиве места во Источниот дел во Република Македонија, западниот дел на Република Македонија,ние ја шириме мрежата на контролиран развој во Република Македонија. Знаеме што се случува на тие простори. Сега, нема да знаеме. Бидете сигурни дека општина прилеп или општина Кавадарци не може да се грижи, не може да постигне, затоа што нема таа да го зголемува бројот на администрацијата. Тие ќе бидат. Толку колку што се сега. Како може да види на каков начин ќе се развива општина Конопиште во делот на поврзувањето, на меѓуграничното поврзување и меѓуграничниот развој со Р.Грција?

Значи, зборував од аспекти на развојот на Република Македонија. Навистина, мислам дека може од овој Предлог на закон, како што е сега, со одредени измени што треба да ги направи Министерството за локална самоуправа, мислам на

дискусиите што ги имавме, затоа што овде, ако сега гледаме како што стојат работите, навистина имаме голем број на незадоволства и од ЛДП и од СДС и од ВМРО и од ДУИ и од ДПА, и сите се незадоволни. Е, сега, ако сме сите незадоволни, дали само поради партискиот договор треба да го гласаме овој закон? Мислам дека не треба. Ако сме сите незадоволни, дајте да седнеме, да видиме што е тоа со што некој не е задоволен. Зошто ДУИ не е задоволен од некои предлози на овој закон, зошто СДС не е задоволен? Ние имавме случаи овде почитуваните пратеници и од Кичево и од Струга и од Гостивар, кажуваат некои одредени забелешки. Исто така се случи и со ЛДП. Сите ние ги кажуваме забелешките од ВМРО ДПМНЕ за овој предлог на закон.

Дајте да видиме што е тоа и на каков начин, ако треба сите, да им објаснимем после на граѓаните дека овој Парламент се грижи за народот и донесе добар закон за територијална организација. Овде секој има забелешки, меѓутоа, поради партиската припадност ќе се гласа за овој закон. Ама, пак ќе бидеме незадоволни. Пак, пратениците, кога ќе одат меѓу членовите ќе речат - добро, ние сега гласавме против, ама се усвои. Зошто тоа да го направиме кога имаме можност. На нашиот граѓанин треба да му дадеме надеж, едноставно дека Република Македонија може да биде место што ќе овозмочи, прво, добар живот, за граѓаните, а потоа да има и еден развоен период во Европа, кон која сите се стремиме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ако може да покажеме дека ИИИ Њутонов закон не важи во Парламентот, а тоа значи на секоја акција има реакција?

Или, барем репликите да не бидат пропорционални со должината на говорот.

Повелете г-дине Славе Арсовски, имате реплика три минути.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Добро, јас би реплицирал на една ноторна невистина што се изнесе од г-динот Балковски, бидејќи е спомнат Гостивар, општините што се припојуваат кон општината Гостивар. Истакна дека истите општини што се припојуваат а биле во досегашните граници не се бунат, или, со други зборови кажано немаше референдуми, што е ноторна невистина. Токму во општините Долна Бањица, Вруток, Неготино - Полошко и Чегране се одржаа референдуми за опастанок во постојните граници на тие општини. Тоа е едната вистина.

Второ, навистина сум фрапиран, како критериум веќе кога се зема во делот изворите на водата, кој ќе ги контролира и како ќе се контролираат, мислам дека не е за понатамошен коментар.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минува контрареплика г-дине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Добро, видете, почитуван колега, мислам ако веќе требаше реплика, требаше реплика за пова што го кажувате да дадат албанските пратеници, а не ние како македонски дел од овој Парламенто.

А од друга страна бидете сигурни дека на некој начин, без разлика дали имало референдум или не, сите ќе прифатат да бидат во општина Гостивар, дека вкупното македонско население, процентот на македонското население драстично ќе се намали во општина Гостивар, со спојување на сите општини што сега фигурираат околу општина Гостивар.

А, што се однесува веќе до водата, мислам дека водата многу брзо ќе биде најголемо богатство и навистина ќе бидеме загрижени кој ја има контролата на изворите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Тука е пријавен Голомеов Благоја, а јас не го гледам. Ве молам исклучете го.

За реплика се јави г-динот Рафиз Алити, имате три минути.

Повелете.

РАФИЗ АЛИТИ:

Благодарам, године претседател.

Навистина, г-динот Балковски, постави многу тези и отвори многу дилеми. Можеби во ова Собрание и кај населението, но за мене многу нешто што ги рече се познати и знам што мисли г-динот Балковски за албанците или за еден дел од граѓаните на нашава земја. Би било подобро тоа да го каже на нивниот стратешки партнер, на членовите на ДПА.

Така што, за јавниот повик што го направи, зошто ДУИ не го потпишува Охридскиот договор, јас ќе му одговорам дека некои работи се случуваат во историски моменти. Охридскиот договор е еден историски документ што не може да се потпише како кому и кога ќе му текне. Но, тој е потпишан од двете страни што беа во конфликтот, значи, меѓу албанските и македонските претставници. Нема потреба

ДУИ да се потпише, на овој договор, бидејќи стои позади овој договор. Тука нема никаква дилема.

Што се однесува до тоа што г-динот Балковски е многу загрижен за водите, што ќе се случи во иднина, јас ќе му кажам ако не знае, вистина е дека се случи прекин на водата во општина Липково во текот на конфликтот во 2001 година. Меѓутоа, исто така е вистина дека жителите на општина Липково, иако живеат до водоводот, ниту едно село од оваа околина не се снабдува со оваа вода.

Истото се случуваше и до 1995 година со изворот во Рашче. Цело Скопје се снабдуваше со оваа вода и пошироко околината, но жителите, албанските жители кои живееја околу изворот, не им се овозможи да се вклучат во водоводната мрежа за снабдување со вода за пиење. Нешто, што сигурно се случува и со Студенчица во Кичево.

Но, како и да е, г-дине Балковски, мислам дека овие тези не држат, со оглед на тоа дека и кога биле претседатели албанци, и кога биле претседатели македонци, ги бранеле интересите на граѓаните. Но, нешто сакам да ви кажам, албанците не прифаќаат и понатаму да бидат граѓани од втор ред и секогаш некој да ја стави државата под знак прашалник. Напротив, ние како политичка гарнитура сме им кажале дека Македонија е наша татковина и дека за тие општини, петставниците на ДУИ ќе земат целосна одговорност да ги раководиме успешно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Балковски имате една минута, повелете.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Многу кратко да одговорам, прво, ако ДУИ навистина го кажува, го мисли ова што го кажува, зошто не им дозволи на пеставниците на албанците, жители на сите општини каде што македонските г радоначалници и Советот на општината правеше референдум да излезат барем на гласање и да гласаат против тој референдум? Тогаш навистина ќе мислев дека сето ова што го зборуваат, го зборуваат искрено.

Второ, ако веќе зборуваме за Рамковниот договор, тука зборуваме за потписици на Рамковниот договор, а тоа беа 4 партии. Може да се приклучи и ДУИ да го потпише тој договор. Меѓутоа, додека ние разговаравме, тие војуваа за ова што се случи во Република Македонија, за освојување на териториите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Балковски, помина една минута.

Има збор за реплика г-динот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодаам претседателе,

Почитуван колега Балковски, ако добро ве разбрав вие тврдевте дека ние парламентарното мнозинство и Владата грешиме во однос на сугестиите што ги давате вие по однос на Законот за територијална организација. Со тоа не би се согласил. Нормално, сосема е коректно и вие како опозиција да давате одредени сугестии по однос на овој закон. Меѓутоа, вие во некои работи прејудицирате и многу хипотетички гледате на Законот за територијална организација. Кај мене се стекне еден таков впечаток, дека вие од Законот за територијална организација направивте јавна лицитација. И тука, ни кажувате сега дека сте оделе низ Република Македонија и сте ги посетувале сите тие места. Да, вие овде ги спомнавте сите тие места и нас, сосема коректно не прошетавте низ сите тие места, низ Република Македонија со Вашата дискусија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пред да дадам збор за контра реплика, почитувани пратеници, не верувам дека имаме технички проблеми. Но некој се користи со картичката на Благој Голомево и постојано се вклучува.

Ве молам, тоа не е коректно. Ако мислите дека стана досадно, да завршиме и да ја затвориме расправата. Тоа е крајно некоректно и несовесно.

Повелете г-дине Балковски една минута контрареплика.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ви блаодарам претседателе,

Јас навистина дадов еден предлог, а за тоа и стојам дека ако треба да го објаснуваме овој Предлог на закон и да видиме каква е реакцијата на народот, дајте да одиме преставници од политичките партии на ВМРО ДПМНЕ и претставници од политичката партија на СДСМ и заедно на народот да му објаснуваме да ли е во ред или не е во ред овој предлог на закон.

Што се однесува до Куманово јас ќе кажам и неколку пати кажав, навистина е загрижувачко тоа што сега, во овој период едноставно ќе има некои недоразбирања во однос на предложената територијална организација на просторот на Куманово, би рекол.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Реплика има г-динот Агим Целили.

Повелете, имате право на три минути.

Ви благодарам.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Ви благодрам.

Почитуван колега Балковски, вие на границата со Албанија нудите мали општини со големо населени. Се разбира, алудирате на албанците. Исто така, за албанците нудите села без урбана инфраструктура, значи го фалите селото, додека пак за албанците сте против градот.

Почитуван г-дине јасно се гледа вашата намера. Би сакал што поскоро да се ослободите од ова и толку побрзо духовно ќе се ослободите.

Благодра.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Балковски, имате право на една минута контрареплика.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Јас понудив едно размислување на поголем број на општини во сите погранични места на Република Македонија, исто така поголем број на општини, помеѓу Република Македонија кон Република Албанија, заради развој на тие општини што можат заеднички да конкурираат и општините од Република Македонија заедно со општините Република Албанија за меѓугранична или прекугранична соработка во сите фондови што се во Европа. Со тоа ќе се постигне развој на општината. Развој на општините, не можеме да постигнеме ако само ги освоиме механички териториите во делот каде што ќе бидат како градски општини Струга и Кичево.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Исмет Рамадани, имате право на три минути реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, благодарам.

Кога почнав првиот дел од дискусијата со внимание да го слушам за да дојдам до констатација дека г-динот Балковски, добар познавач на одредени проблеми од областа на територијалната организација, се додека говореше за патишта, поврзаноста на општините итн., но во моментов кога помина на етничките односи, тогаш доаѓаат фрустрациите. Тука е најлошото, затоа што пристапот кон овој проблем, дококлу се оди по линија на висок степен на недоверба меѓу македонците

и албанците тука во Македонија, тогаш стануваме ирационални и во нашите објаснувања.

Македонија не можеме да ја направиме да ротира, па западот да стане исток, а истокот да стане запад. Ние не можеме Македонија да ја направиме миксер, затоа што и покрај се таму живеат луѓе. Така што тоа што значи распределба на населението по етнички состав и тоа што повеќе од пола население живеат во 2 петини од територијата, тоа се работи што некој друг ги изменил, ги направил и не можеме да ги направиме толку брзо.

Доколку ние се грижиме за тоа кој ќе биде градоначалник во Кичево или Сруга и дека тој ќе биде албанец, тогаш тоа е многу лошо. Само да вем потсетам, во Законот што се предлага за територијална организација 33 општини се со седишта во град. Од тие 33 општини, вклучително со Крушево и Струга, само пет можат да имаат градоначалник албанец. Значи, доколку говориме со аргументи, дококлу говориме за тоа што значи реалност или со процент или со што сакате друго г-дине Балковски, тоа е вистината.

Затоа, да не ги поставуваме вака проблемите со фрустрации, со висок степен на недоверба, затоа што на крајот на краиштата интеграцијата е процес што треба да се случи и добро е да се случи. Затоа што интеграцијата во земјата се рефлексира, одразува, на интеграцијата за тоа за што сме се определиле и за што говориме постојано.

Затоа, апелот, пораќите до нашите граѓани да ги препратиме без фрустрации, да ги препратиме реално и без позадина. Затоа што секоја тенденција на исклучување на албанците од урбаните делови, градот, е неприфатливо и не е добро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Балковски, имате право од една минута.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Јас сите овие анализи што ги направив, ги направив да постигнеме уште поголем развој во соживотот помеѓу македонците и албанците во Република Македонија и не гледам ништо лошо од анализите што ги направив и од аспект на етничките карактеристики кога зборував. Ако веќе е ова загрижување од ваша страна, во поглед на Кичево и на Струга, дајте и вие приклучете се кон пратениците

од СДС, ВМРО-ДПМЕ и ПДП и дајте на народот да му објасниме дека тоа ќе биде подобро во тој дел од Кичево и Струга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега има реплика господинот Благоја Гешоски.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Господине Балковски со внимание го следев вашиот говор денеска, иако обемен, вие не успеавте да не убедите во тезите кои што ги наметнавте и да ги одбраните. Бевте многу контрадикторен и навистина тешко човек да се определи во кој дел од вашиот говор да аплицира.

Бидејќи неколку пати го спомнавте Прилеп, а јас како прилепчанец морам да ви реплицирам на оној дел кој што се однесуваше за Прилеп. Првично ги спомнавте помалите општини кои што гравитираат према Прилеп, или со новиот Предлог закон треба да станат дел од општина Прилеп. Вие бевте многу загрижени за нив, а потоа спомнувавте за поврзаноста на Прилеп и Кавадарци и таква поврзаност, вие како што говоревте со соседните општини, постои само на географската карта, а доколку излезете на терен ќе се уверите дека Прилеп и Кавадарци не можат да бидат поврзани со општини. Тие општини кои што ги спомнавте имаат просечно по 400 жители со просечна старост од 70 години и како такви нема ниеден аргумент понатаму да опстојуваат. Она што е поболно прашање за Прилеп, а вие го спомнавте е водоснабдувањето. И тука се обидовте да манипулирате и како факт да ги користите само предрасудите кои што ги имате дека доколку изворот Студенчица биде контролиран од градоначалник или од некој од албанска националност, дека тогаш Прилеп би бил без вода. Граѓаните на Прилеп одлично се сеќаваат на изминатите 4 години кога градоначалникот на Кичево од редовите на ВМРО-ДПМНЕ ги памтат манипулациите со вентилите на водоводот, памтат колку денови беа без вода. Ние одлично се сеќаваме како вашиот градоначалник, најверојатно по ваши сугестии, бидејќи господинот министер за транспорт и врски ги опструираше преговорите со донацијата од КАЕВЕ Банка, која донација е 9 милиони евра, со која што требаше да се надминат проблемите со водоснабдување на Прилеп и на корисниците на водоводот Студенчица. Јас би ви кажал дека вие како пратеник треба да се ослободите од предрасудите и да ги гледате фактите, а фактите се дека Република Македонија во својот состав има 65%

македонци, а 25% албанци. Тоа е сликата на државата и таа мора да биде слика и во општините и во единиците на локална самоуправа. И само така, кога ќе се ослободиме од предрасудите ние ќе можеме да чекориме на она што треба да биде наша поинаква и поубава иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Јас не зборував за поврзаноста помеѓу Прилеп и Кавадарци, меѓутоа кажав дека поголем развој ќе се постигне ако Витолиште остане како општина не заради бројот на жители, значи да го тргнеме тој критериум настрана, туку како преку гранична соработка со Република Грција, може и овој дел од Република Македонија да се развива. Прилеп камо да може, меѓутоа, не ќе може, нема реални услови градот Прилеп да се грижи за цела општина Витолиште, затоа што сега Прилеп едноставно постанува гранична општина со Република Грција, како што станува и Кавадарци.

Што се однесува за водата, сакам да кажам дека секогаш треба да се работи за развој на што поголемо подобрување на условите за живеење на сите граѓани. Меѓутоа, многу тешко ќе биде, јас не сакам да се случи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Алити, имате реплика, три минути повелете.

РАФИС АЛИТИ:

Не сакав да му реплицирам на господинот Балковски, но по втор пат спомна дека е спремен да излезе пред македонското гласачко тело и да ги праша дали се за новата територијална организација. Му велам дека ниту албанците не ги прашал никој, кога се направи територијална поделба во 1996 година. Доколку направиме територијална организација на локалната самоуправа според желбата, апетитите на граѓание од македонската етничка припадност, тогаш сигурно дека ќе останеа со 123 општини колку што беа сега. Доколку направиме територијална организација на локалната самоуправа според желбата на албанците, тогаш ќе имаме сосема друга состојба. Додека Владата излегува со предлго каде се почитуваат параметрите, како што се демографските услови, квалитетните

административни услуги, ресурсите на самофинансирање, развојните економски услови основани во економски ресурси, административните објекти за нормално функционирање на системот, инфраструктурата, природните богатства и географските можности и други елементи.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Јас секогаш би прифатил да излезам пред македонската јавност и да ја објаснам оваа територијална организација како што треба да биде и на каков начин размислуваат граѓаните за оваа територијална организација и пред граѓаните од македонскиот народ, и пред албанците, а од друга страна и самиот пратеник почитуван кажа дека едноставно и тие не се задоволни од територијална организација. Дајте да видиме во што е проблемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски имате три минути реплика.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, јас сум од општествените науки, не сум од природните, со оглед на тоа да не дискутирам отпосле, да одземам повеќе време, дозволете ми сега три минути да го почитувам тој договор и да ја завршиме седницата.

Господинот Балковски имаше два предлога во својата дискусија и би сакал да ги дообјасниме или да ги допрецизираме и сакам да ви кажам дека и двата предлога на господинот Балковски ги прифаќам.

Првиот предлог е заеднички да излеземе да разговараме со граѓаните и во својата дискусија во таа насока ги спомна своите разговори во Бистрица. Господине Балковски ќе ви кажам, со оглед на тоа што сум од таа општина, разговарав, не само со членови од ЛДП или од СДС, туку и со вашите членови во Бистрица. По предлог на вашите членови беше предлогот да оцениме што е позитивно а што е негативно за опстанокот на општина Бистрица. По предлог на вашите беше дека е подобро во овој момент Бистрица да биде споена со Битола. Што потоа навлезе, кои политички

игри, кои политички манипулации не знам, меѓутоа тоа беше предлогот, разговарав и со жителите од Кравари и оценивме дека во овој момент е подобро да се припои кон Битола. Но сепак, со оглед на тоа што е прва фаза си ја превземам обврската во овој период да разговараме со тие жители за општина Бистрица.

Вториот предлог уште повеќе го прифаќам за заеднички да се договориме, но би го дополнил со следново: да седнеме заеднички предлогот на ВМРО-ДПМНЕ, кој што беше изнесен за 80 општини во јавноста да го предложите и да го видиме кој е. Да го споредиме со Предлогот на Владата. Да видиме кои се тие општини што вие предложивте дека треба да останат, а кој треба да се укинат. Да го споредиме со овој предлог и предлагам заеднички да изнајдеме решение. А вака, сега вие излегувате со нов предлог за 123 општини. Но да излеземе со тој предлог што го имавте за 80 општини и овој кој што го има Владата и сметам дека можеме да најдеме заедничко решение. Но тогаш да не ги менуваме ставовите наместо 123 да ги дотераме на 140. Тие два предлози ваши ги прифаќам, ако и вие ги прифатите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Балковски повелете.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Спремен сум заедно со г. Најдовски да одиме кај населението и да разговараме за овој Предлог закон за територијална организација, а бројот на општините, затоа нагласив неколку пати, ние треба да имаме критериуми да видиме која општина може да опстои врз основа на критериум, која општина не може. Меѓутоа, критериумите треба да имаат и развоен карактер за следните 15 до 20 години.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема повеќе реплики, збор му давам на господинот Рафет Муминовиќ, а како последен на листата се има пријавено господинот Коце Трајановски.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Почитуван претседателе,

Територијална организација на Република Македонија односно територијална организација на општините во Република Македонија е мошне сериозен и важен елемент за социолошкиот, еколошкиот, културно-образовниот и политичкиот систем во нашата држава.

Разгледувајќи ги приложените решенија во прилог, како за територијална организација на општините се забележува дека до крај не се водело сметка за сите етнички заедници. Воедно и водената јавна расправа во јавните расправи и досегашни дискусии, ги рефлектира односите, што во политичката пракса стануваат правило, помалите етнички заедници да ги маргализираат до крај, односно одредени решенија во општественото, организационото, правното и кадровското регулирање во нашата држава се носат и усвојуваат како на штета на бошњаците, така и на другите помали етнички заедници.

Демократските процеси гледано низ имплементацијата на уставните промени и законите што ги носиме, не се привилегија на големите политички блокови. Истите се општествени процеси, кои треба да донесат доблест за сите граѓани на Република Македонија.

Да напоменам дека во одредени региони се централизираат и групираат територии и населени места, кои не водат сметка за законските прописи, уставните начела, па и Европската повелба за локална самоуправа.

Бошњачката етничка заедница живее во три региони. Прилепско-Крушевскиот со селата Житоше, Лазане, Локвене, Дворино, Велешкиот регион со селата Оризари, Црквино, Водоград и Градско и Скопскиот регион. Исто така во Прилепско-Крушевскиот регион живеат од демографски аспект гледано, неконцентрирано, за да можат да остваруваат права кои се врзани за локална самоуправа. Во Прилепско-Крушевскиот регион бошњачката популација живее во села кои се едни до други, а се делат на повеќе општини, со што се нарушува етничката структура од една страна, а од друга страна целиот регион административно, демографски, стопански, станува несоодветен и ризичен со големи шанси за засилени емиграциони движења.

Од тој аспект ве молам, веднаш да се има предвид и мислењето на бошњачката етничка заедница од овој регион, а се однесува за опстанокот на општината Житоше, каде во предложените три варијанти, можности би имале 25%, 45% и 50% бошњачка популација.

Со прифаќањето на една од трите варијанти, би се овозможил поголем пристап од правата кои се остваруваат преку локалната самоуправа, а и сите се загарантирани со позитивните законски прописи и уставните начела.

Како прв предлог, општината Житоше со селата Лажани, Кошино, има 4.450 жители, од кои бошњаци 2.244, или 50,43%. Во вториот предлог општината Житоше со селата Лажани, Гошино, Саждево, Јакреново, Борино и Белушино имаат 5.850 жители, од кои 2450 бошњаци, или 47,88%. Општината Житоше со селата Лажани, Гошино, Саждево, Јакреново, Борино, Белушино плус Дебриште имаат 9.550 жители, од кој бошњаци 2.450 или 25,65%.

Доколку не се прифати ниту еден од трите варијанти, или не се понуди соодветна замена за истите со која на бошњачката популација ќе им се овозможи поквалитетен пристап до декларираните права, особено за користење на бошњачкиот јазик во локалната самоуправа, јас нема да гласам за овој Предлог закон. А воедно, ќе преземеме чекори, кои ќе ни овозможат поквалитетен третман во општеството во кое живееме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господино Стојановски Блаже има реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас сакам да изразам задоволство за она што го слушнав, затоа што ова претставува еден пристап кон работите што ќе значи почитување на правата на другите етнички заедници во Република Македонија, не само на албанската етничка заедница.

Би сакал овде јавно да искажам дека го поддржувам овој предлог, босанската заедница да има можност во една општина да го употребува својот мајчин јазик во Република Македонија и ќе го држам за збор господинот Рафет Муминовиќ, дека доколку тоа не биде така нема да го поддржи овој закон. Значи се согласувам дека треба да бидете доследен во однос на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Србиновски имате збор, а нека се подготви господинот Ванчо Стаменков.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувни пратеници, почитуван министер,

Сакам еден краток вовед да дадам прво, а пото ќе спомнам, најверојатно ќе се потрудам да бидам пократок.

Нашата партија ВМРО-ДПМНЕ, по повод започната постапка за донесување на новиот закон за територијална поделба на Република Македонија сака да ја предупреди Владата на Република Македонија дека донела погрешна методологија при концепирањето и уредувањето на мошне чувствително прашање.

Новата територијална поделба на Република Македонија не е ниту можно, ниту прифатливо од македонската јавност, граѓаните, официјалните партии, стручната и научната јавност и другите фактори да се стават пред свршен чин со решенија кои не добиле широка верификација и поддршка во доволно демократска процедура.

Имено, територијалната поделба на Република Македонија на општини, е клучен дел од целиот систем на локалната самоуправа. Нашата политичка партија ВМРО-ДПМНЕ алармирано од информациите и од гласините дека Владата има намера да укине и она што треба и она што не треба во системот на општините на Република Македонија.

Од информацијата дека предлогот надлежното министерство предвидува сведување на бројот на општините на Република Македонија од 50 до 60 општини, тоа што со сигурност за сега се изјавите на министерот за локална самоуправа и написите во печатот, кои промовираат несветливи критериуми и дека нема да се формираат општини ако секоја одделно не брои најмалку 5000 жители или ако општинскиот центар нема најмалку 2000 жители. Таков критериум за ВМРО-ДПМНЕ е неприфатлив, бидејќи тој е априорен и поради тоа и вештачки изведен од реалните состојби и од реалната структура на локалните заедници. Такви априорни нумерички критериуми не се типични за ниедна локална самоуправа, ниту за таа на западните демократии, ниту за земјите во транзиција.

ВМРО-ДПМНЕ не може да дозволи од формата на рационализираната локална самоуправа да се обноват и да профункционираат погубните ефекти на веќе видената и оценета пракса. Од намерите на Владата или од декларираните критериуми, излегува дека на повидок е мошне чувствителен, противречен обид кој може да ја наруши стабилноста на Република Македонија и да доведе до тешки последици во натамошниот усогласен развој на подрачјата на Републиката и на

демократијата во државата. Имено, на една страна на територијата на цел регион во западниот дел во Република Македонија, ќе се создаде механизам на етничка малверзација преку институциите и функциите на локалната самоуправа, а од друга страна најавената промена на мрежата на општини ќе нанесе ненадоместлива штета на развојот на типични локални заедници.

Поради присуството на бројни лоши идеи и предлози, на контраверзни намери и постапки, со право се поставува прашањето, дали Владата е свесна на фактот дека во суштина предлага реализација на лоша, можеби тенденциозна политика. ВМРО-ДПМНЕ е исто така подготвена да даде свој прилог во уредувањето на тоа комплексно и чувствително прашање според нормите на европската самоуправа прилагодени во условите на Република Македонија, без притоа да се нарушуваат стандардите и институтите на таа иста европска самоуправа во интерес на Републиката, локалните заедници и самите граѓани.

Би сакал нешто да кажам нешто за општината Сапотница, која што како што кажа претседателот дека неговата сопруга потекнува од Галичник и јас исто така потекнувам од оваа оштина Сапотница, но иако живеам во подрачјето на Пелагонија, би сакал накратко да кажам за општината Сапотница зошто треба да опстане таа како општина. Со територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија од 1996 година од тогашната општина Демир Хисар, произлезе општина Сапотница со 18 неселени места, територија што опфаќа општината Сапотница до 1996 година, речиси да беше заборавена како од државата, така и од општината.

Целта на постоење на една општина е да се подобрат условите за живот на граѓаните преку поттикнување на иницијативи, давање идеи, подготовка на проекти и реализација на истите. Во 1996 година сликата на општината не беше ни малку розова. Имено, речиси да немаше населено место, во која имаше асвалтирани улици, улично осветление за многу села беше недостапно. 80% од населението немаа телефонска линија, водоводите таму каде што ги имаше беа оставени на месното население, без обезбедување на средства за тековно одржување, за надградба и тн. Денес, сликата на општината е сосема поинаква. Општината воспостави добра комуникација со населението. Со формирањето на општината, се даде можност да настапува со разни проекти кај државните институции и меѓуародни донатори, со што практично и отпочнува развој на општината, особено во областа на инфраструктурата и се што претставува услов за подобро живеење и услови за

почнување на економски развој, особено во малото и средното стопанство, земјоделството и тн.

Општината Сапотница во изминатиот период реализирала поголем број на активности, меѓу кои изградба на водовод од село Велменци и Салвешница, асвалтирање на улици во Сапотница и Железнец. Водоснабдување на дел од населеното место Сапотница, изграден нов резервоар, здравствени амбуланти, асвалтирани улици, канали за одводнување, изградени мостови, сето ова го сочинуваат едни проекти кои ги дава општина Сапотница. Мислам дека ако повеќе ја елаборирам оваа работа, ќе одземам големо време, но сакам да кажам дека треба да остане оваа општина Сапотница како своја самостојна општина.

На крајот, би завршил со тоа што би го потсетил министерот, но тој иако не е тука, најверојатно во холот ме слуша, да му кажам дека 2/3 од вкупното производство на Република Македонија, Пелагонија ја снабдува со земјоделско производство. Токму заради тоа сакам да го чујат овде гласот пратениците дека тие граѓани од таму треба да останат во тие општини, како што реков, општината Кукуречани да си остане со свои делови. Општината Могила да си остане како самостојна, општината Добрушево, општината Новаци, Старавина, Бач и Бистрица. Од тие причини предлагам овој Предлог-закон во прва фаза би требало да се поддржи како што предлага ВМРО-ДПМНЕ, да останат 123 општини. Од таа причина во една ваква фаза, јас нема да гласам за овој закон, бидејќи ние предлагаме 123 општини.

Поради тоа, почитувани пратеници, аргументација има уште многу, бројни се фактите кои ја оспоруваат оваа крајно непродуктивна законска алтернатива. Уште еднаш ќе ве потсетам, пратеници, особено вие од парламентарното мнозинство кога ќе го притиснете копчето за гласање, помислете на вашите сограѓани, на вашите соселани, на вашите семејства и деца и на вашиот народ. Знајте дека многу очи се вперени во вас и во нас и дека од вас и од нас зависи нечија судбина. Со трезвеност и правилен систем на вредности се постигнува многу. Бидете луѓе, а не гласачка машинерија. Луѓето прават големи дела, но и грешки. Не дозволувајте да згрешите. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е дел од договрот пратеникот да зборува 10 минути.

Повелете господине Ванчо Стаменков, а нека се подготви пратеникот Илија Китановски.

Го молам господинот Гештаковски, министерот за локална самоуправа да влезе во салата, бидејќи тоа го бара пратеникот.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер за локална самоуправа, почитувани колеги пратеници,

Јас еднаш зборував и реков дека за општина Чичиново ќе зборувам уште еднаш. Да кажам дека општина Чичиново е една од општините која што треба да се укине со новиот Предлог на закон за територијална организација. Луѓето по овој закон излегоа на референдуми и се изјаснија дека се против укинувањето на општина Чичиново, односно да си остане во досегашните граници и да продолжи со работа како општина со центар во село Чичиново. Инаку, на овој референдум излегоа 88,5% од запишаните избирачи, од кои што 99,1% гласаа за општина Чичиново да си остане самостојна општина.  Има многу аргументи за тоа дека општина Чичиново треба да опстои. Најголемите се во фактот дека од 1996 година, до ден денеска општина Чичиново бележи едни големи успеси на полето на развојот на изградбата на ифраструктурата, секако, и на развојот на економијата односно стопанството. Тоа е видливо, бидејќи таква е нивната местоположба, близу до регионалниот пат Штип-Кочани и може да се забележи и од овој регионален пат дека навистина во ова населено место многу се гради. Има многу подигнати стопански капацитети. Инфраструктурата има изградено патна мрежа во должина од 10 км., канализациона мрежа, можат да се пофалат со пречистителна станица за тековната канализација, која што е една од ретките во државата и ред други работи од инфраструктурата, кои што се неопходни за егзистенција односно нрмално живеење на граѓаните во општината.

Сметам дека треба да се најде решение, оваа општина да не се припојува кон општина Облешево, бидејќи и двете општини покажаа дека можат да опстојуваат самостојно и услугите што треба да ги даваат граѓаните, да ги даваат во задоволителна мера и да го подобруваат животот во населените места, кои припаѓаат во овие општини.

Сакам да ги елаборирам и двете тези, кои постојано беа од пратениците, посебно од позицијата  потенцирани на оваа расправа, а и од министерот Гештаковски, посебно стопанските капацитети кои што се спомнуваат во општините дека немаат економска моќ. Јас малку зборував и за оваа работа во првата

дискусија. Сакам да кажам дека ја грешиме работата во самиот пристап. Стопанските капацитети се најмалата гаранција за опстојувањето на општината.

Инаку, ако одиме по оваа теорија, ќе видиме дека единствено во Македонија можат да опстојат општините во градот Скопје, бидејќи имаме најмногу стопански субјекти, односно бројката што се добива со прибирањето на ДДВ, е околу 80% од градот Скопје. Другите 20% отпаѓаат на останатиот дел на државата што покрива жители од околу милион и 500 илјади жители, а можеби и повеќе. Тоа не е така, вистината е друга. Бидејќи, знаеме дека овие големи стопански капацитети, точно е дека седиштето им е во Скопје но нивните производи се продаваат ширум државата. Значи останатите милион и 600 илјади жители ги трошат овие производи, така да речеме со Усје, така со Алкалоид, така со Скопска Пивара, така да ако знаеме дека ДДВ го плаќа крајниот корисник, крајниот потрошувач ќе видиме дека овие пари се превираат од граѓаните на Република Македонија на целата територија на државата. А тоа што нивното седиште е тука и се уплаќа и влегува како приход од Градот Скопје е нормална работа, бидејќи знаеме дека сметката на фирмата се наоѓа таму каде што е седиштето. Така да ДДВ како приход знаеме дека паа на крајниот корисник граѓанинот, односно народот на Република Македонија. Тие се тие кои што го носат теретот на ДДВ. Затоа сметам дека не треба да ги потенцираме овие работи за стопански капацитети и за неможноста да се самофинансираат општините. Така и не е скроен новиот закон за финансирање да се потенцираат стопанските капацитети. Реков дека со новиот закон за финансирање на општините се предвидуваат блок дотациите и 1% од вкупно собраниот данок на ДДВ во државата, односно во буџетот. Тоа е така направено бидејќи не е најдена формула по која што би сеДДВ сместило како изворен приход на општината. Јас размислував како би можеле ние тоа да го направиме, со измена на ова сека како што е предлог даден од Владата да и овој извор биде како локален извор на приход на општината и да зависи лично од граѓаните на општината. И дојдов до едно решение кое што мислам дека би требало Владата да го прифати, да овој процент од 1% кој се предвидува се замени со ДДВ кое што се наплаќа со сметките...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стаменков не зборимe за фискалните закони, зборимe за територијална организација. Ве молам држете се до точката.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Ова е точка на дневен ред бидејќи законот за територијална организација директно зависи од финансиската моќ на општината. Значи, можеме ДДВ кое се

прибира со сметките за електрична енергија да, а точно се знае колку е тоа, да зи биде изворен приход на општината, не мора да биде во целост, може да биде одреден процент од ова ДДВ и така би имале една точна бројка, која што сега во магла нели, не знаеме колку пари општините би прибрале, вака би знаеле точно колкава финансиска моќ би имале општините и колку пари треба за да опстанат.

Со ова сигурно ќе влијаеме и на самофинансирањето кое што се потенцира исто така во овој Парламент дека општините треба сами да се финансираат, доста беа на терет на централниот буџет, вака ќе видиме кои се тие кои што сами ќе можат да се финансираат и кои се тие лојални, едноставно на државата кои што си ги плаќаат давачките, бидејќи ако не си ги плаќаат давачките ќе нема нивната општина да опстои и нема да добиваат соодветни услуги од својата општина. Тоа е она кое што морав да го кажам и мислам дека ќе биде прифатено, затоа што прецизно дефинираме финансирање на општините. Нема да биде зависно од државниот буџет, односно од државната, централната власт.

И уште една теза беше спомната, дека со формирањето на овие рурални општини, парите од државниот буџет се одливаа во нив, така да беа запоставени градовите. И сега имаме градови во многу лоша состојба, односно со улици кои што имаат многу несредена состојба, не е изградено ништо во градовите затоа што се градеше во руралните општини. Значи тоа е она за кое што се стои дека, сега ќе се вратиме повторно на старото решение и парите ќе ги насочиме во градовите за да ги подсредиме колку, толку оти се во лоша состојба. Сметам дека ова е исто погрешна теорија бидејќи имавме ние такви дисусии со градоначалниците за време на состаноците во ЗЕЛС, постојаниот комитет и таму заклучивме дека е погрешна оваа теорија. Зашто е погрешна? Бидејќи градовите од оние приходи кои што ги имаа со стариот Закон за локална самоуправа во однос на руралните општини имаа голема предност. Таму ако се сеќавате беше посебно надоместокот за употребата на градежно земјиште, таканаречената рента, која што градовите имаа многу големи суми за собирање и во однос на руралните општини каде што има многу малку деловен простор и многу малку фирми кои што плаќаат ваква давачка и се согласија градоначалниците на градовите дека точно е тоа ако си ги распоредат добро парите и ако се домаќински грижат за средствата кои што ги прибираат од градот ќе успеат да изградат и да бидат успешни градоначалници. Тоа го покажа, и ако е од ЛДП градоначалникот на Велес, многу добро со него имавме и една дискусија, потоа се увери дека е тоа така и еве гледаме дека е успешен градоначалник и доста има изградено во Велес. Има такви примери на успешни и неуспешни градоначалници,

односно се покажа дека дали ќе се биде успешен или неуспешен лично зависи од човекот, значи тоа е субјективно прашање, не зависи од тоа дека треба да се укинат руралните општини за да добијат повеќе пари, него најважно е да се домаќински користат средствата кои што се приход на општината. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван пратеник, јас го почитувам вашето излагање, бидејки вие сте еден од ретките кои сте паталец, а тоа значи сте биле и градоначалник и ги чувствувате проблемите, ги познавате однатре, а не само од надвор затоа би сакал да кажам нешто во врска со вашата прва дискусија вие кажавте  дека министерот треба да ги познава и посетува. Беше фер да кажете дека јас како министер бев во Кочани, се сретнав со градоначалниците или претседавачите на совети, на сите овие општини, за жал вие не бевте присутни, незнам од кои причини, тоа е она што не е во ред во нашето делување и работење кога е во интерес на граѓаните.

Точно е она што вие го кажувате, го имаме како факт, ќе го работиме во втората фаза, само треба да кажеме дека Зрновци остварува буџет од 13 илјади евра и тоа во 2002 и 2003 година. Со мала разлика се Облешево, Оризари, но од друга страна сакам да кажам немојте да го поврзуваме развојот на руралните центри, ритско-панинските центри, пограничните центри, компактно заостанатите центри и руралните средини со аспект на локалнито, економскито развој со можностите на единиците на локалната самоуправа и до сега и од сега.

Точно е од 1996 година се направија големи чекори во инфраструктурата, тоа е како резултат на политиката која ја водеше државата во поттикнување на развојот на овие подрачја по донесување на законот.

Сакам да ви укажам, а и вие знаете, дека покрај ваквито буџет од 14 илјади евра или 10 илјади евра ние сме во фаза на реализација во Оризари со донација за пречистителна станица за отпадни води во вредност од  милион и 100 илјади марки или 539 илјади евра. Правиме напори заедно со Чешиново во делот на донациите од Пактот за стабилност да обезбедиме средства за водоснабдување на Чешиново и општина Чешиново од околу 400 илјади евра. Вие добро ги познавате тие работи, вашите укажувања се во ред, но треба да бидат во рамките на реалните можности и потенцијали. Да не го поврзуваме делот на постоење на општина, окрупнување со

еден центар, да ви кажам дека во ни една општина која се припојува кон градска или окрупнување на повеќе рурални општини, граѓаните нема да патуваат ни еден метар, ни еден сантиметар повеќе за остварување на своите права, бидејќи во РМ освен во 34 општини во кои имавме дисперзирани подрачни единици ни едно право граѓните не остваруваат. Тие патуваат до градовите, патуваа до центрите на тие 34 општини. Дали припојуваме една урбана општина со друга, во делот на зголемвување на потенцијалите, во делот на настапот, на развој на земјоделието, една амбуланта нема да подигнеме и да однесеме на друго место или ниедно училиште, ниедна спортска сала. Токму тоа е и дел од администрацијата да ја оставиме да биде сервис на граѓаните. Целта на децентрализацијата е граѓаните правата изворно да ги остваруваат во голем дел, а онаму каде не можат да го развиваме делот на меѓуопштинската соработка. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господа пратеници да ви кажам имаме уште 30 минути до 18,00 часот, има уште тројца за збор, ако сме рационални и кратки можеме денеска да ја затвориме расправата, а ако не ќе продолжиме утре.

Повелете г-дине Стаменков, бидјеки министерот беше подолг од три минути вие имате реплика, да беше пократок ќе имавте контра реплика.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Му благодарам на министерот што го цени мислењето што го истакнав овде по овој закон, бидејки сепак мора да се почитува искуството, а искуството говори дека она што го зборував го зборував од пракса која ја имав и од контактите во изминатите години со другите градоначалници и сегашните контакти со градоначалниците со кои се знам добро, сите тие не знаат дали повторно ќе останат градоначалници или ќе бидат изберени без разлика од која политичка партија се, но тврдо стојат на ставот дека погрешно е намалувањето на општините во Република Макеоднија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Китановски, а нека се подготви г-динот Коце Трајановски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Почитувани колеги, г-дине минситре, со внимание ги слушав дискусиите во изминатите неколку дена на сите пратеници за Предлог законот за територијално разграничување на општините во РМ .

Повод за моето трето јавување е токму тоа што во текто на сите тие дискусии не слушнав ни еден аргумент објективен, реален , економски, географски, социјален, културен кој би го оправдал приклучувањето на руралните општини Зајас, Осломеј, Другово, Вранешница кон градот Кичево односно кон постојната општина Кичево и навистина колку колегите од позицијата  од петни жили да се обидуваат да бранат нешто што не се брани и во што самите не веруваат , самите се свесни дека е тешко да се прави  такво нешто, зборувам за случајот со територијална поделба на територијата на  општините Кичево, Зајас, Осломеј, Вранешница и Другово.

Накратко би ги навел оснвоните тези кои произлегоа од дискусиите од самиот Предлог закон и од она што граѓаните на општина Кичево гоискажаа на референдумското изјаснување, а кои тези и критериуми покажуваат колку е невозможно припојувањето и нерационално припојување на руралните општини кон Кичево и формриање на една огромна општина и по територија и по население кое ќе бид емногу подалеку од потребите на граѓаните отколку досегашните локални единици.

Прво, критериумот кој Владата само го постави во концепирањето на овој закон на поделба на општините на рурални и урбани тоа не е ниту мое мислење ниту став на опозицијата, туку едноставно самиот број на општините и од самиот концепт на законот произлегува дека е тоа еден од критериумите кој го поставил предлагачот, а во старт на случајот со Кичево не се држи до тој критериум и буквално вештачки , неприродно ги спојува сите постојни  рурални општини, да повторам Зајас, Осломеј, Вранешница и Другово со градската општина Кичево и автоматски со тоа покажува штом е нарушен овој принцип кој самите го воспоставија како предлагачи останува дека другите причини мора да ги бараме во сферата на политичките односи или на етничките односи, што не би сакал да верувам.

Втората работа што исто така беше повеќе пати потенцирана, а што не е точна беше потенцирано дека  почитуваниот покојниот професор Панов наводно во своите предлози во текот на 1999 година и 2000 година предлагал општини односно концепт кој е многу близок до овој. Повторно зборувам за случајот соопштина Кичево, апсолутно во ниту еден разговор , бидејќи ја имав таа чест и лично да го познавам професорот Панов, ниту во билокаков пишан документ од негова страна, во ниеден случај не е спомнат ниту е размислувано за спојување на општините

Зајас, Осломеј, Другово и Вранешница со општина Кичево, тоа дефинитивно. Истот ака и околу шпекулациите и бројот на општините што по неговито предлог бил, тоа е содржано и во монографијата , тоа може да се провери, дека неговиот предлог беше на 111 општини во 1996 година.

Трето, не е почитувнао она што како секоја градска општина го има како културолошки, социолошки,  историски, географски и сите други аспекти кои го одвојуваат едно населено место од град од другите населени места кои се населби или останати населени места.

Четврто, критериумот за економска и финансика самодоволност на општинит екои се припојуваат кон општина Кичево апсолутно општините Зајас и Осломеј посебно и Друго и Вранешница исто така ги задоволуваат овие критериуми по своите економски и стопански капацитети и било каква стимулација на приходите кои ќе ги остваруваат по нивот закон за финансирање на општините на единиците на локалната самоуправа ќе покаже дека овие општини посебно општините Осломеј и Зајас остваруваат или можат да остваруваат изворни приходи на општината многу поголеми од многу градски општини во Источна или Југоисточна Македонија како Пехчево, Македонска Каменица, Берово, Валандово, Демир Капија и т.н.

Градоначалникот, беше спомнато, дека се се врти околу тоа кој ќе биде градоначалник и проблемот е околу тоа дали е градоначалникот ќе бил албанец, турчин, макеоднец. Уште еднаш ќе спомнам и дека тоа воопшто не е проблем и дека градоначалник на Кичево не бил само макеоднец, биле градоначалници и од друга етничка припадност и овој пат воопшто не е важно, туку е важно градоначалникот на Кичево да го бираат граѓанит ена Кичево, а не граѓаните на населените места  Ќафа, Зајас, Другово, Добреновец и т.н., тоа е суштината и разликата меѓу тезите што јас ги бранев изастапував и некои други тези што се појавија кои сакаа да се импутира наводна етничка причина . Ќе повторам, етничките и политичките причини се на страната на предлагачот, барем случајот со општина Кичево.

Исто така беше спомнато дека референдумите кои беа спроведувани, сега референдумот во Кичево, не се мултиетнички, тоа може да се провери дека референдумот во Кичево е мултиетнички, дека на него излегоа над 60% од граѓаните на општина Кичево, дека покрајмакеоднци излегоа и припадниците на српскиот етникум, на ромскиот етникум и т.н., значи имавме едно плебисцитарно изјаснување на вољата на граѓаните на општина Кичево и мислам дека Владата ќе го земе во предвид.

На крајот, она што се провлекува во сите дискусии дека има една етничка нишка, мислам дека таа нишка не е толку етничка колку е едноставно искуствена, емпириска, а тоа е дека граѓаните на Кичево се навистина загрижени и тргнуваат од состојбите во другите делови на Западна Македонија од ситуацијата со раселените макеоднци од кризните региони, од разните команданти кои се господари на животот и смртта во некои градови, од развеани те знамиња на туѓи држави, од непочитувањето на државните институции, општата несигурност и навистина граѓаните на Кичево, ќе ги разберете, не можат да си дозволат да стане тоа нивно секојдневие.

Затоа пораката, ќе повторам, е јасна , Кичево мора да остане она што и досега било град општина во постојните граници, кичевчани никогаш и по никоја цена нема да се согласат и да дозволат присоединување на руралните општини кон градот Кичево и историската одговорност, ако евентуално такво нешто се случи, за нарушување на тој меѓуетнички соживот, град пример за меѓуетнички соживот Кичево да стане кризен регион, ќе ја носат владеачките структури на СДСМ и ДУИ и вие почитувани колеги ако гласате за ваквиот предлог. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г-динот Рафис Алити од три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам г-дине претседателе, навистина со внимание неколку пати го слушам колегата кој зборува за Кичево и околината, но со оглед на тоа дека толку му посветува внимание на тоа дека околината Зајас и другите општини зошто се припојуваат или зошто е ова еден предлог на Владата, јас би го потсетил дека поделбата во 1996 година сигурно и албанците не сакаа или општините во околината не сакаа да биде општина Зајас и другите општини, но г-динот заборава дека во минатото овие граѓани , овие ваши сограѓани иако се од околината придонесоа Кичево да биде еден урбан град како што е денес, придонесоа со сите нивни добра. Во минатото , вам ви е добро познато, имаше самопридонеси, но во тоа врем еникој од граѓаните не кажа дека селата околу Кичево или Струга или надвор од Скопје треба да се исклучат, да не дадат придонес за изградба на сета инфраструктура што се изгради во Кичево и околината. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Барате една минута, се троши времето до 18,00 часот. Повелете г-дине Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Нема да биде ни една минута, навистина незнам во што е репликата, се согласувам со се што кажа колегата што ми реплицираше, апсолутно мојата дискусија не е во однос дали и колку граѓаните на околните општини придонеле на овој начин кога биле во состав на таа општина, тукузборував принципиелно за начинот на кој една локална единица на локална самоуправа може или не може од чисто економски и географски и објективни критериуми да опстане како посебна општина и разликата помеѓу рурални и урбани општини која е  принцип на самиот законодавец.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Јусуф Арифи имате три минути реплика.

ЈУСУФ АРИФИ:

Мислам дека треба да му реплицирам на пратеникот затоа што од сите пратеници тој има најмалку право да дискутира против предлогот на Владата каде Кичево се враќа во поранешните граници. Тој беше градоначалник на општина Кичево во старите граници од 1991 до 1996 година и биб ило добро и денес  тој да ги брани границите на Кичево, интересите на граѓаните чиј градоначалник бил. Потоа можеби би имал можност уште еднаш да излезе и да се кандидира како можен кандидат за градоначалник, а не да биде поставен како што било порано. Два пати ги повторува истите зборови, треба малку да внимава на тоа што самиот го поминал во текто на тие години додека бил градоначалник.

Нема да има проблем ни за еден граѓанин затоа што причината на општина Кичево да се припојат руралните општини е само фактот дека тие не се во состојба да опстанат како поделбата во 1996 година, никаква друга причина нема во сето тоа. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дине Китаноски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Токму заради тоа искуство што лично сум го имал заради големата централизација на релативно голема општина прво градоначалникот или претседателот на Собранието како што во тоа време се викаше физички, временски и просторно многу тешко може да одговори на поставените задачи и на контактите со сите тие населени места. Се работи за 82 населени места во распон од преку 80 км. Оддалечени едноод друго. Исто така ни временски не ќе може да ги прими сите претставници на месните заедници кои се 20 во градот и 82 надвор. Тоа е уште еден аргумент плус за неодржливоста на оваа мамутски голема општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски има уште дваесет минути. Дали вие овие дваесет минути можете да се изјасните под услов господинот Даневски да се откаже и со тоа да ја затвориме расправата.

Ако не можете за 20 минути, да продолжиме утре.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, почитуван министре, почитувнаи колеги пратеници,

Јас би сакал да кажам некое свое размислување во врска со овој многу значаен закон, значаен за Република Македонија, бидјеки откако ќе го донесеме овој закон согласно неговата делумна консензуалност незнам дали ќе имаме можност понатаму да се направат измени и дополнувања во поголем обем.

Сметам дека овој закон е многу малку образложен, нема анализи, нема проекти, нема елаборати во врска со секоја општина што треба да отпаден или не треба да биде веќе во територијалната организација на Република Македонија . Сметам дека имаше доволновреме и доволноможност тоа на нас, пратнеиците да ни се даде на увид.

Во Предлогот на законот се наведени неколку причини поради кои што се донесува овој закон. Една од главните е немање рамнотежа помеѓу надлежностите, кадрите и обемот од една страна и минималната големина, економската и финансиската моќ на единиците на локалната самоуправа од друга страна.

Под два, рационално вклучување на граѓаните во вршењето на работите од локалната надлежност.

Сакам да истакнам дека овие 123 општини и сега функционираат. Сметам дека надлежностите што на овие општини им се даваат со новите закони за финансирање на единиците на локалната самоуправа, значи со пакетот на закони за

децентрализација, сепак ќе можат да опстанат, со оглед на тоа што тие се финансираат на еден специјален начин, мислам со блок - дотации, во зависност од дотациите на државата во најголем дел, така што сметам дека причините поради кои што се налага дека треба овој закон треба да биде донесен, мислам дека не држат, така што овој закон, според мене, не би требало да се донесува. Меѓутоа, тоа е мислење на Владата и најверојатно така ќе биде.

Аргумент плус за ова што го велам е тоа што кога го усвојувавме Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, наведовме дека тие ќе бидат финансирани од сопствени даноци, од такси и, што е најзначајно, од трансфери од Република Македонија  на единиците на локалната самоуправа, персонален данок 3,1%, ДДВ 1% и наменски дотации како и капитални дотации. Сите овие начини на финансирање и до сега беа употребувани за да се финансираат единиците на локалната самоуправа  само што сега е експлицитно наведена масата на пари што ќе се собира од ДДВ и персоналниот даонк на ниво на Република Македонија , меѓутоа распределбата на тие пари исто така ќе биде преку Владата на Република Македонија . Значи, повторно ќе се собираат на ниво на државата и повторно ќе се враќаат на единиците на локалната самоуправа. Пак трансферите ќе бидат една од значајните ставки при финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Сметам дека е тука тој вентил со кој што ќе се овозможи секоја од овие општини и понатаму да може да опстане, со оглед на тоа што висината на овие дотации или на блок - трансакциите, како што ќе ги наречеме, е менлива и зависи од општина до општина.

Таму напомнавме дека не се земени природните богатства на општините што сега се укинуваат, а во образложението на колегите кои досега дискутираа тие се во многу голем обем и со нивното вклучување да одреден процент од овие природни богатства што ги прибира државата преку концесии, сметам дека единиците на локалната самоуправа исто така би можеле да опстанат.

Како причина или аргумент повеќе за опстојување на овие 123 општини е и нивното функционирање од 1996 година до сега. Скоро 8 години од нивното постоење, во што има значителен напредок  во севкупниот живот, живеење на сите овие општини. Збрувам за општините што се укинуваат. Како во инфраструктурата, така и во сите останати области од нивното живеење. Голем број на општини добија асфалтни улици, патишта, електрична енергија, осветлување, телефонски линии, амбуланти, водоводи, одводни канализации и што уште не, благодарение на локалната самоуправа и благодарение на градоначалниците, благодарение на

советите кои се залагаат како до Владата на Република Македонија така и до странските институции за добивање доволен број на донации за да можат да опстанат и ја развиваат својата општина.

Примерите се бројни. Не би сакал да укажам, само ќе кажам дека потекнувам од општини формирани од 1996 година и 1996 година ако ги погледнеме и сега има значителна разлика во нивното севкупно живеење.Тоа се општините Илинден и Петровец, како и дел на општина Гази Баба.

Како аргумент за постоење на овие општини би изнел дека стагнира движењето на луѓето од село кон град, т.е. миграцијата и во одреден број на општини, во овие општини дури почна и враќање на граѓаните кои се преселија од село во град. Можеби тоа не е само поради општината, но сигурно е значаен фактор, со оглед на тоа што овие општини заживуваат, почнуваат да прибираат и странски донации, странски инвеститори кои градат фабрики во овие општини што сега планираме да ги укинеме со новиот начин на територијална организација. Но, сакам исто да потенцирам дека, доколку овие општини како рурални, најчесто ги сметаме за рурални, се припојат кон градот, праксата, барем во досегашното работење на Република Македонија  од 1945 година па наваму , покажува дека градот многу малку обрнувал внимание на развој на овие општини. Тоа го покажува праксата, а дали сакаме ние да го негираме или не, иако постоел огромен број на програми, секогаш постоела добра волја, меѓутоа на терен, во самите услови на живеење во овие рурални општини што 1996 година станаа општини, Градот направи многу малку да овие општина навистина бидат угодно место за живеење.

Би сакал да напомнам дека надлежностите што ги добиваат овие општини со новите закони за децентрализација, мислам дека не би требало одеднаш да се префрлуваат сите на единиците на локалната самоуправа. Можеби поради тоа се поголемите трансфери од Република Македонија кон единиците на локална самоуправа, неможејќи точно да се терминира која општина колку може да собере и колку ќе треба да дбие, доколку не собере доволно, од Буџетот на Република Македонија .

Овој закон за територијална организација нетреба да се става во пакетот закони за децентрализација, бидејќи со закнитие за финансирање на единиците за локалната самоуправа, каде што е Законот за данок на имот, Законот за комунални такси, Законот за административни такси, сите тие закони е доволно во еден чекор да бидат префрлени на единиците на локалната самоуправа и дури после неколку години откако овие надлежности со овој начин на финансирање, со овие закони за

финансиска децентрализација што ќе им ги дадеме на општините да видиме која од општините моеже да опстане, која неможе да опстане и дури потоа да видиме оние општини, доколку неможат да останат, да тие општини дури тогаш добијат нова територијална организација. При тоа, сакам да кажам дека нетреба да се гледа само од пакетот на закони за финансиска децентрализација, фискалната, туку треба да се гледаат и перспективите или да се има стратешки поглед за опстанување и развој на тие општини. Така што одреден број на тие општини, иако неможат да опстанат според постојните закони за финансирање од различно значен аспект на Република Македонија , би требало полека да се развиваат за да би, во некое догледно време, биле општини во кои што можат навистина да опстојуваат и да бидат значајни за Република Македонија .

Рековме дека референдумите што ги одржаа над 30 општини во Република Македонија не се важни. Меѓутоа, како во Европската повелба за локална самоуправам така и во Рамковниот договор е наведено дека при менувањето на границите на општините, т.е. при територијалната организација ќе треба, во најмала рака, да се консултираат единиците на локалната самоуправа. На овој начин, бидејќи прво е предложен Законот а после со референдумите скоро 100% е искажано дека не ја прифаќаат предложената територијална организација, многу е јасно дека овие единици на локална самоуправа воопшто не биле консултирани при правењето на новата територијална организација. Така што изговорот дека ова го правиме според Рамковниот договор, сметам дека не држат, бидејќи во Рамковниот договор пишува дека само треба да се ревидираат границите, меѓутоа никако да се прават нови граници.

Исто така, би сакал да напомнам дека експертите воопшто не се вклучени во оваа територијална организација. Јас бев присутен на една трибина што беше на Природно математичкиот факултет на која што професорите Никола Митков - Панов, Благоја Марковски, Аслан Селмани, Анета Светиева многу јасно кажаа дека територијалната организација, како што сега се предлага за Република Македонија , воопшто не е погодна. Туку, напротив, треба да се отвори една поширока дебата и во некое подоцнежно време оваа територијална организација се донесе. При тоа се истакнаа многу критериуми, но многу мал број од овие критериуми сметам дека се применети при дефинирање на оваа територијална организација. Единствено останува етно -политичкиот критериум што го кажуваат многу експерти, многу професори на факултети што ги читавме по дневните и неделни изданија и тоа е можеби една од најзначајните работи што сакаме да ги кажеме, што е најлош

критериум што до сега е применет. На овој начин, со оглед на тоа што правиме окрупнување, во територијалната организација, не говорам за фискалната децентрализација, правиме централизација во Република Македонија .

На крајот би сакал да кажам за неколку општини, како што е општината Богомила, сметам дека треба да опстане, бидејќи како пратеник во Републичкото собрание дадоа елаборат до мене за да го образложам нивниот став. Во прилог на времето, ќе го доставам до пратениците. Исто така за општина Зелениково што постои од пред 1965 година, егзистира и од 1996 година, треба да опстане како општина. Особеон што таа општина се припојува кон општината Петровец, а да се дојде до општината Петровец треба да се поминат три други општини.

Тука е и Маврови Анови. Жителите на таа општина направија референдум на кој што референдум многу јасно кажаа дека тие се да опстане нивната општина. Притоа ги наведоа сите аспекти поради кои што таа општина треба да опстане иако има многу мал број на жители. Меѓутоа, со оглед на нејзиното значење како општина на која што се наоѓа Националниот парк заштитен со закон, со оглед на тоа што има голем број на викендички би требало да остане како општина. Се надевам дека министерот ќе размисли за ова пред донесувањето во втората фаза.

Општините Јегуновце и Вратница би требало да останат како општини, за што вчера беа кажани некои размислувања, бидејќи се многу значајни за македонското населени кое живее во тие две општини. Со нивното припојување дали кон Теарце или кон било која друга општина, сметам дека нема да биде добро за населението од овие две општини.

На крајот би сакал да кажам за селото Брњарци  што се наоѓа во состав на општина Арачиново, припоено е кон општина Арачиново 1996 година, меѓутоа без волја на жителите на ова село, така што граѓаните од ова село своите ученици ги носат во градот Скопје, работат во градот Скопје. Значи, нивниот начин на живеење и комуникација е со градот Скопје. Поради тоа, овие жители на ова село бараат да бидат припоени кон општина Гази Баба.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски имаме уште пет минути. Вие ветивте една минута.

Ако одиме со реплики ќе работиме утре. Имате една минута г. Даневски и да ја затвориме расправата, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, влегуваме во олимписка година и пратениците вака ги истрениравте фаќаме олимписко норми. Еве јас ќе направам таква дискусија да фатиме за Атина олимписка норма како пратеници. Би се фокусирал на две три тези.

Мислам дека во овие повеќе денови што дискутиравме се сложивме по едно прашање. Има консензус за среќа од сите политички партии во Македонија , тоа дека Македонија е меѓу најцентрализираните земји во светот, не само во регионот и Европа и добро што ќе се носат закони за децентрализација. Втората работа , телеграфски е тоа дека имавме многу префрлање према други , дел на пратениците се занимаваа не со законот туку со опозицијата и обинувањата не да ја бранам ВМРО-ДПМНЕ партијата туку се импутираше на ВМРО за 1996 година. ВМРОМ во 1996 година беше надвор од Парламентот . Во 1996 година територијалната распределба ја донесувме ние тука дел како пратеници, во тогаш Сојуз за Македонија, и ние ја носиме одговорноста.

По она што зборуваме дали ова е битен момент, важен момент, дали го следат граѓаните, дали е важно, мислам дека , по мое убедување, за мене носењето на законот за територијална распределба е историски момент, дури повежен момент од она што ќе значи потпишување на апликација во идниот период во Даблин. За мене лично, можеби не е така, но ќе видиме.

Во делот на она што требаШе да биде упатено кон Министерството за локална самоуправа да ги земе предвид сите видувања, размислувања, препораки, укажувања контрадикторно звучеше, меѓу себе се обвинувавме, а не дававме конкретни примери, издржани, аргументирани со тоа што во една фаза на дискусијата зборувавме дека ова што го зборува опозицијата не е добро, а во другиот дел зборувавме дека Министерството за локална самоуправа ќе ги прифати сите укажувања и забелешки на пратениците од опозицијата. Или позицијата знаеше дека ќе има дел измени во втората фаза. Иако ова е прва верзија на законот за територијална распределба моето видување е дека Министерството би требало да размисли, иако референдумите не се обврзувачки, а се води постапка за 150 илјади потписи од граѓаните кои ќе ја обврзат Владата на референдум, со тоа што значи дека ќе се чуе гласот на народот, поради што мора да се направат анализи, издржани анализи и да видиме во овој период од 8 години, од 1996 година дали тие микро, мали , рурални, било какви општини и оние мамутски општини опстанат по

однос на критериумите кои се дадени во делот на демографските и економските критериуми.

Во интерес на времето, ќе го почитувам договорот, и во интерес на граѓаните на Република Македонија ќе ја прекинам мојата дискусија, но ќе го задржам правото во вториот дел да завршиме, затоа што граѓаните очекуваат да ја завршиме оваа расправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Даневски.

Молам дали некој друг бара збор?  (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија  го усвојува предлогот за донесување на законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија .

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија .

3. Овој Заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за локална саомуправа.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 76 пратеници.

60 пратеници гласале за, еден воздржан и 15 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Почитувани пратеници овде завршуваме со денешната сесија, а законот за градот Скопје ќе го гледаме во понеделник во 11,00 часот.

Значи продолжуваме со работа во понеделник во 11,00 часот.

(седницата прекина со работа во 18,00 часот)